K III 686

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за историја**

# Фотографијата како историско сведоштво за градот Охрид во периодот 1913 – 1991 година

**Магистерски труд**

**Ментор**

**Проф. д-р Даринка Петреска**

**Кандидат**

**Никола Митровиќ**

**Скопје, октомври 2009**

# Предговор

На почеток би сакал да истакнам дека започнувањето на овој магистерски труд за мене преставуваше огромно задоволство. Задоволство испреплетено со многу работа но и голема желба при запишувањето на секој збор за достигнување на крајниот исход - магистерскиот труд. Самиот почеток за создавање на овој труд се базира врз неколку основи. Како прва основа се јавува љубовта кон мојот роден град Охрид. Таа преставуваше основен двигател кон сите предизвици пред кој се појавив. Потоа како основа ми преставуваше и љубовта кон историјата. Таа ме научи да го спознаам градот Охрид од различни временски аспекти низ различни општествено - политички процеси и промени. Со тоа имав можност градот Охрид да го согледам на вистински начин низ неговиот историски циклус. И како последна основа која преставуваше и знак за започнување на овој труд беше разбирањето и мотивацијата од страна на мојот ментор Проф. д-р Даринка Петреска како и од Проф. д-р Виолета Ачкоска која исто така важи за голем вљубеник во градот Охрид.

Темата беше избрана, желбата и мотивот големи па на ред доаѓаше насловот и создавањето на целосната композиција за овој труд. Како историчар - архивист кај мене постоеше голема пасија кон старите фотографии а пред се кон оние кои го отсликуваат градот Охрид. Оттаму не беше многу тешко да се претпостави дека овој труд ќе се базира врз стари фотографии од градот Охрид. Знаејќи за тоа мојот ментор и професорката Виолета Ачкоска ми подарија брошура со стари фотографии на градот Охрид која преставуваше своевиден поттик и идеја за самата текстуална композиција како и за насловот на трудот. Насловот се осмисли и се именува: **„Фотографијата како историско сведоштво за градот Охрид во периодот 1913 – 1919 година“.** Уште на самиот почеток знаев за целосниот предизвик и проблеми со кои би се соочил при истражувањето на ова тема. Пред се појдовна точка и основа на целиот труд преставуваа фотографиите. Охрид е доста фотографиран град и оттаму за него постојат голем број визуелни сведоштва. Сепак оваа тематика не се задоволува со обична панорамска разгледница, па затоа истражував, проучував голем број на семејни фотографски збирки се со цел поблиску да ја доловам претставата за

определените тематики во овој труд. Компарацијата како метод беше неизоставен дел низ целиот текст. За да се согледа пред се визуелната разлика помеѓу некогашен Охрид и Охрид во 1991 година или Охрид денес, главна метода преставуваше компарацијата на фотографии. За да ги споредувам фотографиите морав да имам голем опус на фотографии. Токму поради тоа во оваа прилика би сакал да им се заблагодарам на сите оние кои ми подарија, позајмија или продадоа некоја од своите фотографии. Тука би сакал да го истакнам и воедно да му се заблагодарам на г-дин Гоце Ангеличин - Жура кој несебично ја отвори својата приватна колекција со стари фотографии на град Охрид. Исто така би сакал да им се заблагодарам на фамилиите Спасовски, Паунчевци, Поп Стефанија, Алчеви, Талеви, Филеви, Митановци, Вета и др. кои исто така несебично ми предадоа дел од нивната колекција на семејни фотографии. Сепак незамислив би бил целиот изглед на трудот доколку не се запознав и започнав да соработувам со г-динот Владимир Тунтев. Како експерт за фотографија вработен во музејот на град Охрид г-дин Тунтев несебично ми ги претстави фотографските колекции со кои располага музејот. Токму тука ја пронајдов фотографската основа за овој труд и затоа искрено му се заблагодарувам. Во делот каде што ги истакнувам својствата на фотографијата како и историјатот од нејзината појава до употребата во Македонија а со тоа и во градот Охрид голема благодарност би сакал да упатам до Проф. д-р Славица Николовска. Преку нејзините совети поврзани со архивистиката и фотографијата како архивски запис успеав да навлезам подлабоко во архивистиката како наука. За тоа и сум посебно благодарен.

За историјатот на градот Охрид и неговото претставување во овој труд би сакал да истакнам дека беше користена бројна литература. За историјатот на градот Охрид има бројна литература, тоа е факт. Оттаму проблемот со недостаток на извори и литература беше одбегнат. Сепак она што се јавуваше како проблем беше разликата на податоците кои ги даваат тие книги во својата содржина. Дел од нив создадени од страна на бугарска или српска пропаганда диригираат со исти личности во исто време и место а со различни цели. Токму тука го користев методот на анализа и компаративниот метод се со цел да ја разоткријам вистината за времето, настанот, личноста итн. Како најзначајни книги преку кои успеав да одгатнам дел од мистиката од историјатот за охридскиот градски континуитет се книгите на г-динот Никола Бошале со кој

имав и чест лично да се запознаам. Покрај литературата голем дел од документациската а со тоа фотографската граѓа ја пронајдов во Државниот Архив на Република Македонија како и во Архивот на град Охрид. Сепак за создавањето на ова дело повторно би истакнал дека посебно сум им благодарен на мојот ментор Проф. д-р Даринка Петреска и Проф. д-р. Виолета Ачкоска без чија помош и поддршка во сите фази на компонирањето на овој труд не би можел да успеам.

# Вовед

Историјата на Македонија може да се претстави како голем мозаик создаден од огромен број на културно - историски и општествени процеси. Дел од мозаикот наречен македонска историја опфаќа и историјата на градот Охрид. Историјата на една држава како целина преставува склоп на локалните истории на градовите, селата, маалата, поединците.... За историјата на градот Охрид како дел од македонската историја најважно е да се согледаат политичко - економските и општествено - културните трансформации како дел од целокупната македонска историја. За согледување на охридскиот градски историски континуитет во периодот од 1913 до 1991 година треба да се проучат голем број на тематики кои го опфаќаат градскиот историјат. Како дела кои најповеќе го прикажуваат историскиот циклус на градот Охрид претставуваат двете монографии за градот Охрид издадени од страна на Институтот за национална историја. Во нив се прикажува историјата на градот Охрид од античкиот период преку средновековниот, османлиското владеење па заклучно со Првата светска војна. Прикажувањето на овие периоди на градот Охрид е од суштинско значење не само за локалната историја туку и за севкупната историја на македонска држава. За Охрид, според мое мислење треба да се напише и трета монографија за најновата градска историја по Првата светска војна па затоа овој труд може да претставува и дополнителна мотивација за остварување на таков труд. Од тука произлегува мојата желба а воедно и желбата на мојот ментор за проучување на историјата на градот Охрид во периодот од 1913 - 1991 година. Дополнителна сатисфакција претставува и прикажувањето на историските циклуси на градот Охрид во дадениот период преку фотографија. Фотографиите претставуваат визуелни сведоци на времето. Од тука фотографијата е се повеќе застапена како документ или доказно средство. Ваквиот пристап кон прикажување на градската историја е значаен пред се за визуелно прикажување на сите историски и општествени процеси и промени на градот Охрид. Охрид како главен културен и туристички центар во Република Македонија има потреба од се поголемо истражување пред се кон поновата историја за која сметам дека е запоставена во историските дела во однос на

античката и средновековната историја и култура на градот. Од тој аспект периодот од 1913 - 1991 година се јавува како неопходен дел во историското прикажување и заокружување на градот Охрид. Самата замисла за објаснување на политичко - општествените и пред се историски процеси е преку фотографија па затоа неминовно е и прикажувањето на најзначајните фотографски особености. Токму поради тоа најпрво треба од теоретско - методолошки аспект да се спознаат особеностите на фотографијата за потоа да се спроведе емпириско истражување за наведување и објаснување на сите сознанија за фотографијата како историско сведоштво но и како архивски запис за периодот во 20тиот век и натаму.

# ГЛАВА ПРВА

## 1. Користење на фотографијата како историски запис

Временската дистанца од појавата на пишаниот запис и првиот фотографскиот запис е многу голема, сепак значењето и на пишаниот и на фотографскиот запис преставува неизоставен дел во човековото секојдневие а пред се за меѓусебната човекова комуникација. Нивното пронаоѓање и употреба започнува во различен временски интервал.

### 1.1. Појавата на фотографијата и развојот на фотографската техника

Ако сакаме да го согледаме настанувањето на првиот пишан документ ќе мора да се вратиме многу назад низ времето каде што биле создадени првите симболи на карпестите ѕидови или пак со создавањето на папирусот, пергаментот, хартијата итн.






**1.** а) ***Папирус*** ***б) Пергамент***

За да се согледа настанувањето на фотографијата како и нејзиниот развој не треба да се оди толку далеку назад низ времето. Почетокот на нејзиното создавање е на 14 декември 1826 година. Тоа е година кога Никифор Нипс кој потекнува од Франција, на прозорот од своето поткровје поставил камера „обскура" со светлоосетлива материја на плоча намачкана од асфалт и лавандино масло.[1]



***2. Никифор Нипс - портрет***

Камерата ја оставил преку целиот ден изложена на сонце и свртена кон неговото двориште. По изминати 8 часа на сонце и светло на плочата од камерата се појавила слика од неговиот двор.

---

[1]Ritzenthaler, Lynn Mary, Upravljavanje zbirkama fotografija, Zagreb, 2004, 13.



***3. Првата фотографија - предворјето на Никифор Нипс***

Никифор Нипс тоа го нарекол „хелиографија“ користејќи ги грчките зборови за сонце и пишување.[2] По смртта на Нипс на 5 јули 1833 година неговиот труд го продолжил неговиот колега Луј Жак Дагер кој успеал да направи посовремена фотографска постапка „Дагеротопија“, кога изработил слика на метална плоча на која е наталожена јодна пареа и развиена во пареа од жива.[3]



***4. Луј Жак Дагер - портрет***

[2] Ibidem
[3] Ibid., 14

Во 1839 год. Вилијам Фокс Талбот добил негатив на хартија од кој можело да се копираат неограничен број позитиви и прв пат употребил соли на сребренхлорид.[4]



***5. Вилијам Фокс Талбот - портрет***



***6. Фотографија од Вилијам Фокс Талбот***

[4] Ibid., 15

Во 1849 год. Словенецот Јанез Пухар го пронаоѓа стаклото како носител на слој осетлив на светлина а Француската Академија го прогласува за почесен член и му доделува диплома со која е прогласен за пронаоѓач на фотографијата на стакло.[5]



*7. Јанез Пухар - портрет*

Името на фотографијата доаѓа од грчките зборови: „фото" што значи светлина и „графос" што значи пишување а на македонска транскрипција би се превело светлопис или пишување со светлина. По сите овие откритија фотографијата ќе започне со својот развој. Постапката за нејзино добивање ќе се усовршува со најразлични начини, апарати а денес сме сведоци на најсовремени дигитални процеси за создавање на фотографија. Со процесот на дигитализација се повеќе е застапена фотографијата и нејзината употреба а со тоа и нејзината важност во секојдневниот живот.

[5] Тунтев, Владимир, Фотографскиот занает во Охрид, необјавен авторски труд

## 1.2. Својства на фотографијата

Денес за фотографијата постојат повеќе дефиниции сепак како универзална и најприфатена е следнава: Фотографијата е изворен, објективен приказ на вистината која е согледана преку „окото" на камерата во моментот на „клик".[6] Во оваа дефиниција е вметнат изразот објективен приказ и тоа се разбира не е случајно. Иако денес ни е позната изреката дека камерата не лаже сепак вистината може да биде спротивна. Начинот на кој е фотографирано како и тоа што е фотографирано го одредува оној што е зад камерата. Од тој аспект ние го согледуваме само она што фотографот сака да ни го пренесе и прикаже. Тоа може да се објасни со пример кога од една страна на улицата се случуваат протести а фотографот ја слика другата страна на улицата на која не се случува ништо невообичаено, па така според таа слика која е сликана во исто време и место со протестите ние би заклучиле дека не се случило ништо невообичаено. Токму тука се прави првиот тест кој е значаен за еден историчар или историчар архивист, па и за обичниот фотографски набљудувач - согледувањето на местото, настанот, времето, социолошки аспект како и можноста за неприкажување на примарниот настан (во случајов протестите). Како друга дефиниција се сретнува следнава: „Фотографијата е точен и прецизен одраз - одсјај на светот околу нас, која се создала благодарение на човечката желба тој момент да го задржи, зачува вечно."[7] John Szarkowski познат фотографски критичар ја дефинира фотографијата како процес кој се заснова на селекција. Како прво својство кое фотографот мора да го согледа со внимание се *предметите* сами по себе кои камерата ги бележи на фотографијата. Камерата секогаш ја бележи актуелната стварност. Таа ја регистрира вистината во даден момент и ја овековечува т.е. таа е регистратор на стварноста, на тоа што се случува во предодреден момент а е забележано од страна на фотографот.

---

[6] Ritzenthaler, Lynn Mary, Op. cit., 25.

[7] Kovacec, Deana, Standardni postupci u obradu i zastitu zbirki fotografija, Zagreb, 2004, 2.



***8. Фотографија - портрет на Џон Царковски***

Како второ својство кое е доста значајно претставува *детаљот*, кој фотографот може да го забележи или она што тој го согледува во природата, при што тој детаљ станува или е центар на целата фотографска приказна. Третото својство се базира на самата *рамка* на фотографијата односно определување на она што е средина на фотографијата кое всушност и најмногу се нагласува. Сепак ова својство има поголемо значење за оној што ја создава фотографијата отколку за оној кој ја третира како историски извор. *Времето* е значајно бидејќи сите фотографии се делови од времето и претставуваат временски откинат дел за време на фотографирањето. И како последно својство кое го набројува Царковски е поволната *положба* која е доста значајна за определување на аголот за фотографијата, за одредување на перспективата - погледот од птичја перспектива изразито се разликува од жабјата перспектива.[8] Многу фотографии пред се во архивските збирки изгледаат како да ги фотографирале фотографи кои несвесно се придржувале кон петте својства од Царковски. Неговите поставки можеби не изгледаат многу значајно но сепак барем некој од нив се присутни во секоја фотографија. Дури и обичен

[8] Ritzenthaler, Lynn Mary, Op. cit., 18.

фотоаматер одбира предмет и положба, како и погоден момент кога да фотографира. За фотографијата важат истите принципи и својства кои се значајни и за пишаните документи односно собирање, вреднување, обработка, споредба итн. Принципот на провиниенција и принципот на првобитен ред се почитува кај фотографиите и со тоа се зачувува идејата и композицијата која сака да ни ја прикаже фотографот или колекционерот. Кај фотографијата постапките и нејзиниот поларитет, облици, техники меѓусебно се поврзани и се појавуваат во безброј комбинации со што се нагласува посебноста на фотографијата како архивски запис. Носачите на фотографскиот запис можат да се поделат на транспарентни и рефлективни. Во транспарентните носачи спаѓаат: стакло, филм, фолија додека во рефлексивни спаѓаат: метал, хартија, картон, порцелан и др.[9] Стаклото преставувало примарен носач на фотографијата во периодот од 1880 до 1920 година. Металот како носач на фотографскиот запис се појавува кај одредени постапки за создавање на фотографија како што се Дагеротопија и Феротипија.[10] Дагеротопијата го добила своето име по францускиот научник Дагер, кој го пронашол овој начин на создавање на фотографија во 1839 година. Целата постапка била изведена на посребренета бакарна плоча.



***9. Луј Жак Дагер - портрет***

[9] Kovacec, Deana, Op. cit., 2.
[10] Ibidem, 6

Од друга страна пак Феротипија е постапка за создавање на фотографски запис на тенок железен лим.[11] Покрај постапките и носачите на фотографските записи фотографиите се делат според поларитетот односно на негативи и позитиви. Во негативот на фотографските записи вредноста на тоновите на фотографија и поларитетот се обратни т.е. на негативот светлиот дел од снимациот материјал е темен а темните делови се проѕирни. На позитивот односот помеѓу светлите и темните површини е ист како во стварноста.[12] При обработување на фотографските записи мора да се имаат во предвид сите својства и карактеристики на фотографскиот запис. Секоја збирка на фотографски записи зависно од фотографската постапка има специфични техники и начини на обработка, чување па и употреба.

## 1.3. Фотографијата како документ - архивски запис

Уметничкото значење на фотографијата е примарно во свеста на човекот, тоа не може да се оспори. Сепак покрај тоа значење постои и самата *важност* на фотографијата, која како својство на фотографијата не е значајно само од уметнички аспект, туку и од правен карактер. Ретко можело да се согледа правното значење на фотографијата во неколкуте децении од нејзиното појавување. Најчесто фотографијата се согледувала како уметничко дело и се проценувала на тој начин. Со зголемување на употребата и користењето на фотографијата постепено се согледувала и нејзината важност во секојдневниот живот, на пример како доказно средство, сведоштво за одредени настани итн. Фотографијата сведочи дека нешто постоело или дека се случил одреден настан но притоа таа мора добро да се анализира со што би се согледала вистинитоста и точноста на самиот запис. Кон средината на 19 век се започнува со согледување на важноста на фотографијата од аспект на нејзиното правно значење. Се започнува со апелирање кон јавноста пред се од оние кои го согледале правниот аспект на фотографијата. Таков е примерот и со Lady Elisabeth Eastlake која во својот есеј „Фотографија" од 1857 год. им советува на

[11] Ibid., 15
[12] Ibid., 17

уметниците да прекинат со ставот дека фотографијата е само уметничко дело туку да ја согледаат и правната особина на фотографијата. [13]



***10. Елизабет Истлејк - портрет***

Укажува и на тоа дека фотографијата е сведок на се што се открива во нејзиниот сопствен поглед, факти кои не се во доменот на уметноста туку нов облик на комуникација меѓу луѓето.[14] Во 1859 год. Оливер Њендел Холмес - фотоаматер бил толку импресиониран од фотографијата што ја нарекол „огледало со меморија" и укажал дека наскоро ќе создаде толкава количина на фотографии што ќе мора да се класифицираат и средуваат како книги во библиотека.[15]

---

[13] Ibid., 18
[14] Ibid., 19.
[15] Ibid.



*11. Оливер Њендел Холмес - портрет*

Тоа било зачеток во прифаќањето на тезата дека фотографијата освен како уметничко дело има и значење на документ а тоа е причина за создавањето и постоењето на архивите па тука се создава една причинско-последична теза за започнувањето на прифаќањето на фотографијата како архивски запис. Фотографиите се третираат како документи сами по себе или како групирана граѓа со заеднички особености и тематика. При идентификација на фотографијата како архивски запис се поаѓа од содржината на фотографијата, се анализира амбиентот, настанот, лицата, околината, архитектурата, облеката, можните натписи, специфични детали и сл. Во самата идентификација на фотографиите како архивски записи можат да помогнат литературите, весниците, други збирки на фотографии итн. Во систематизацијата на фотографиите се оди прво тематски и внатре хронолошки. Повеќето фотографии кои се систематизирани според тематиката формираат архивски

збирки. Обработката на фотографиите како архивски запис опфаќаат одредување и опишување на нивната содржина и основни карактеристики (видот и техниката: црно-бела, колор, групна, поединечна, датумот - година на настанување, оригинал и сл.). Описот на содржината на фотографијата треба да биде што е можно подетален. Прво се опфаќа целата содржина, потоа описот на личности и објекти на фотографијата, според следниот редослед: од првиот ред од лево кон десно па натаму. Секоја фотографија претставува посебна архивска единица и за неа се изработува аналитичен опис или регест според стандардите за изработка на информативни средства за пишаната граѓа.[16]

## 1.4. Заштита на фотографската граѓа

За разлика од конвенционалната архивска граѓа кај фотографиите е тешко да се спознае кога престанува средувањето и започнува заштитата. Самото техничко средување на фондот или збирка кај фотографски записи воедно преставува и заштита. Во сите архиви мора да се направи јасна распределба на фотографиите од конвенционалните фондови и збирки. При постапките на заштита на фотографските записи треба да се знае дека тие се од хемиска и физикална структура. Денес тешко може да се оттргне размислувањето дека фотографијата не е пропратен објаснувачки материјал на пишаните документи и тие заедно се чуваат во идентични услови што е погрешно и лесно се овозможува оштетување на фотографијата. Оштетувањето на фотографските записи можат да се поделат во три основни типови: физичко, хемиско и биолошко. Физичките оштетувања можат да бидат структурални или механички (абразија, дупки, пукнатини итн.).[17]

[16] Ibid., 21.
[17] Ibid., 23.



*12. Фотографија со физички оштетувања*

*( фотографија на авторот од 1984 година)*

Кај хемиските оштетувања причините можат да бидат внатрешни или надворешни  и како последица од нив фотографијата ја губи својата боја, потемнува итн.



*13. Фотографија со хемиски оштетувања-осветлување од десна страна*

*(фотографија на авторот од 1984 година)*

И биолошките оштетувања можат да се поделат на внатрешни и надворешни и најчесто оштетувањата настануваат од плесни, глодари инсекти итн.[18]



***14. Фотографија оштетена од плесни***
***(фотографија на авторот од 1982 година)***

Затоа многу е значајно фотографиите правилно да се чуваат бидејќи се поосетливи на влијанија и за нив треба други услови и температура за складирање и чување. Секоја архивска установа треба да изработува копии на фотографии кои ќе служат за заштита, за користење итн. Денес со напредокот на технологијата сите тие заштитни мерки ги превзема дигиталната фотографија. Заштитата на фотографската граѓа опфаќа три дејности и тоа:

*-испитување*

*-обезбедување соодветни услови за чување*

*-реставрирање*

[18] Ibid.,25.

Во првата дејност - испитување мора да се согледа изворната структура на фотографијата, да се воочат нејзините материјали како и причините за појавата на оштетувањата. Во втората наведена дејност - обезбедување прикладни услови за чување на самите фотографски записи гледано од архивистички аспект има најголемо значење за векот на фотографскиот запис. Архивистот мора да ги знае условите под кои се чува фотографскиот запис. Има фотографии кои се непостојани поради својот хемиски состав или пак за нивно чување требаат специфични услови. Значи кога се оди на обезбедување на потребни услови за чување на ваков вид на архивска граѓа прво се проучуваат материјалите т.е. изворната структура на фотографскиот запис по кој се определуваат и соодветните услови за нејзино чување и користење. Како последна дејност во заштитата на фотографските записи ѐ конзервацијата. Не случајно ја нарекувам последна бидејќи најчесто тоа е дејност која се превзема кога не се почитуваат претходните две дејности. Конзервацијата е доста сложена дејност за која треба доста знаење и умеење. Под поимот конзервација се подразбира враќање на првобитниот облик на документот (во случајов на фотографскиот запис) преку различни постапки. Архивистичките установи треба да го одбегнуваат конзервирањето со тоа што ќе се насочат кон подобрување на првите две дејности.

### 1.4.1. Причини за оштетување на фотографската граѓа

Како причини за оштетување на фотографскиот материјал може да се набројат многу. Како најзначајни може да се каже дека се *амбиенталните* (температура, релативната влага, светло, биолошки причинители итн.). Температурата и влагата се меѓусебно поврзани. Температурата над $24^{\circ}C$ и релативна влага над 60% ги забрзуваат штетните хемиски реакции. На оваа влажност желатинската емулзија од фотографијата омекнува и се лепи со други материи. На ниски температури пак на пример под $15^{\circ}C$ емулзискиот слој станува крут и може да испука. *Атмосферските* оштетувања најчесто делуваат на постојаноста и трајноста на фотографските записи. Под атмосферски влијанија спаѓаат киселата пара, озон, сулфурен диоксид. Оштетувањата од ваков тип најчесто се карактеристични за индустриските подрачја. Најчесто

ваквиот тип на оштетувања се манифестира преку бледеење па дури и целосно губење на сликата. *Биолошките* влијанија кои го оштетуваат фотографскиот запис се плесните, глодарите и др. *Човековото влијание* е главен фактор преку кој низ низа на причини се доаѓа до уништување на фотографскиот запис. Неговата поставеност и дејствување кон фотографијата може да се претстави и како главен предуслов за животниот век на истата. Злоупотребата и лошото постапување преку невнимание е значајна не само за животниот век на фотографијата тука и за зачувување на нејзиниот изглед. Деструктивните постапки од запишување на забелешки на предната страна и позадината на фотографијата и тоа како влијаат на изгледот на фотографијата во негативна смисла.



***15. Фотографија оштетена од деструктивно човечко однесување (фотографија од г-дин Гоце Ангеличин од 1959 година)***

Со чувањето на фотографиите незаштитени под различни надворешни влијанија се дејствува деструктивно. Различните човекови навики за поправување на изгледот на фотографијата со различни лепила можат само да го забрзаат процесот на оштетување.

## 1.5. Фотографијата во Македонија

Појавата на фотографијата во Македонија е тесно поврзана со името на еден живописец на црквата „Св. Димитрија" во Велес кој во 1855 година на своето ликовно творештво го ставил своето име Хаџи Косте Крстев (Константин Хаџи Крстев) зограф и фотограф.[19] Со запишувањето на својата втора професија на ѕидот на црквата, Хаџи Косте според досегашните податоци си го обезбедил епитетот на прв македонски фотограф.




Хаџи Косте Крстев зуграф
и ФОТОГРАФ, 1855
*'айӣис во цркваӣа С. Димиӣрија во Велес*

***16. Превземена фотографија од книгата: „Фотографијата и филмот на почвата на Македонија"***

Од појавата на фотографијата 1826 год. во Франција до 1855 год. кога се појавува во Македонија е краток период и според тоа се доаѓа до заклучок дека фотографијата на територијата на Македонија брзо била применета. Во тоа време градот Велес е поврзан со Солун а пак Солун со Марсеј така што комуникацијата со развиените европски центри е мошне брза. Исто така

[19] Старделов, Георги и др., Фотографијата и Филмот на почвата на Македонија, Македонска Академија на Науките и Уметностите, Скопје, 2007, 20.

постојат и брзи комуникации на Солун со Истанбул така што Македонија во тој период не застанува со техничките пронајдоци од Европа. Подоцна и други зографи ја користеле фотографијата и тоа пред сè како помошно средство при изработка на нивните ликовни дела. Таков е примерот со Димитар Андонов Папрадишки (1859-1954), Ѓорѓи Зографски (1871-1945), Костадин Иванов Вангелов (1875-1932) и др.[20] Браќата Јанаки (1676-1954) и Милтон (1880-1964) Манаки отвораат 1898 година фотографски дуќан „Браќа Манаки - ателје за уметничка фотографија" во Јанина, познат трговски и културен центар во Епир а потоа се преселуваат во Битола 1905 год.



***17. Милтон и Јанаки Манаки***

***Преземена фотографија од книгата „Творештво на браќата Манаки"***

На Широк сокак отвораат современо ателје со ист назив и прво студио за документарен филм со познатата камера „Биоскоп 300" купена од Лондон[21].

Фотографското наследство на браќата Манаки (18513 негативи од кои 7715 стаклени плочи и неколку илјади фотографии) дава можност за

[20] Ibidem, 20.
[21] Група автори, Творештвото на браќа Манаки, Архив на Македонија, Скопје, 1996, 26.

најразлично толкување и презентирање на фотографското творештво во Македонија [22]



***18. Камерата 300***

***Преземена фотографија од книгата „Творештво на браќата Манаки"***

Многу е логична претпоставката дека македонските фотографи како во случајот браќата Манаки работејќи во студија во поголемите градови на соседните земји како што се Солун, Белград, Софија и др. да ги пренеле своите искуства во доменот на фотографијата и во своите родни градови. Интересно е тоа што во почетокот на 20 век неколкумина Македонци завршиле училишта за фотографија. Прилепчанецот Михајло Тодоровски во Чикаго дипломирал на угледниот Њујоршки институт за фотографија. По две години во 1927 год. истата школа ја завршил и Иван Миљовски.[23] Во тие години во почетокот на 20 век доаѓа до вистинска експанзија за создавање, обработување и користење на фотографијата во Македонија. Фотографски студија и ателјеа се отворале речиси во сите поголеми градови низ Македонија. Така во фотографската историја на Македонија како попознати фотографи во тој временски период се прилепчаните Кирил Миновски, Милан Жежовски, Христо Димкаровски, дебарчанецот Васил Ошавков, битолчаните Ѓорѓи Морена и Димитар Берберу.[24]

[22] Старделов, Георги и др., Op. cit., 24.
[23] Тунтев, Владимир, Op. cit.
[24] Ibidem




***19.Фотографско ателје во Скопје***

***(позајмена фотографија од семејството Вета)***

Трагајќи по основна документација за почетоците за појавата на фотографијата во Охрид, заклучив дека фотографската дејност во Охрид била распространета во втората половина на деветнаесеттиот век. Во овој период Охрид имал контакти со познатите европски трговски центри како што биле Виена, Лајпцинг и други а контактот најповеќе се одразувал преку трговијата, кожарскиот занает и ќуркчиството. Но, напоредно покрај трговските врски продирала и седмата уметност и таа брзо станала секојдневие во охридскиот градски живот.

## 1.6. Почетоци и развој на фотографството во Охрид

Значајно место во дополнувањето на историските збирки, за збирките во архивите, библиотеките, музеите завземаат и семејните збирки фотографии. Фотографот е визуелен записничар на историјата, бидејќи минатото го претвора во објект на гледање на сегашноста.[25] Вредноста на фотографијата е поголема по квалитет доколку таа е фотографирана од професионален фотограф. Сепак многу често одредена семејна фотографска збирка може да претставува прекрасен визуелен историски извор за развојот на одреден град, село, населба.... Професионалните локални фотографи често во своето „творење“ биле насочени кон овекувањето на одредени промени кои настанувале во нивното

[25] Мисла на познатиот македонски фотограф, теоретичар и историчар на фотографијата Владимир Плавевски.

опкружување. Тие секогаш посакувале да ја бележат историјата со своите камери. Речиси и да нема град во Македонија за кој не се забележани промените во него и неговата инфраструктура со помош на камерата.

Таквата фотографијата за историчарот претставува извонредно сведоштво. Кај овие фотографи најчесто на нивните фотографии се согледуваат промените кои настануваат во градовите со развој на технологијата, индустријата, модата и сл. Затоа ваквите фотографии се визуелни сведоштва за етапите на инфраструктурата, промената на стилот на облекувањето итн. Охридските фотографи ги забележале важните тематики и промени на градот Охрид и Охридско како што се:

-поставувањето на водовод или канализација во самиот град па потоа поплочување на улици,



***20.а) непоплочена улица во Охрид***
***Фотографија од фотографско Студио Мики-Охрид***
***Фонд на стари фотографии (1965 год)***



***20.б) поплочена улица во Охрид***
***Фотографија на авторот од 2007 год, за прикажување компарација за урбан развој на градот Охрид***

-градење на големи и важни објекти,



21.а) *Плоштад*
***Фотографија од авторот од 2000 год. на која е прикажана старата чаршија без фонтана***



***21.б) Плоштад со фонтана***
***Фотографија од авторот од на која е прикажана старата чаршија со фонтана (изградба на објект)***



***22.Св.Пантелејмон - Плаошник***
***Фотографија од 1990 година во сопственост на авторот во која се согледува првобитната форма на црквата Св. Пантелејмон - Плаошник, и траги од нејзиното претворање во џамија (минаре)***



***23. Фотографија од г-дин Владимир Тунтев од 2000 година***
***Фотографија која го сведочи чинот на уривање на црквата Св. Пантелејмон - Плаошник***



**Св. Пантелејмон**

***24. Фотографија на авторот од 2002 година на која се прикажува: новата форма на црквата Св. Пантелејмон - Плаошник изградена во 2000- 2001 година на истото место и врз старите темели на старата црква Св. Пантелејмон - Плаошник***



***25. Градска библиотека „Григор Прличев “- Охрид***

***Фотографија од авторот од 2007 година на која е прикажана градската библиотека***



***26. Градска библиотека „Григор Прличев “- Охрид во фаза на уривање***

***Фотографија од авторот од 2008 година на која се прикажува рушењето на градската библиотека.***



***27. Градски плоштад***

***Фотографија од авторот од 2009 год. Фотографијата го прикажува новиот плоштад на градот Охрид***

-временски неприлики во градот,



***28. Најголемите бранови во Охрид (1967 година)***

***Фотографии на г-дин Владимир Тунтев кои датираат од 1967 год.***

***На нив се прикажани големите бранови во Охридското езеро***



***29. Разбранувано Охридско езеро (1997 година)***

-доаѓање на видни личности итн.





***30. Пристигнувањето на Јосип Броз-Тито во Охрид 1967 година***

***Фотографија на Кирил Митан од 1967 година на која се прикажува доаѓањето на Претседателот на СФР Југославија Јосип Броз - Тито во Охрид***



***31. Јосип Броз-Тито на Плаошник***

***Фотографија на Кирил Митан која датира од 1967 година, на која се прикажува посетата на претседателот на СФР Југославија Јосип Броз - Тито на црквата Св. Пантелејмон на Плаошник***



***32. Гостувањето на британскиот Принц Чарлс во Охрид 1997 година Фотографија на г-дин Владимир Тунтев која датира од 1997 година и која ја прикажува прошетката на британскиот Принц Чарлс низ старата Охридска чаршија во придружба на тогашниот градоначалник на Охрид г-динот Никола Матлиевски - Паша***

Разгледувајќи и истражувајќи го Охрид како неисцрпна тема за фотографирање дојдов до различни откритија врз основа на анкетирање на лица директно вклучени во истражувачка дејност како за фотографијата така и за други видови на записи од најразлични области. Нивниот придонес кон истражување и откривање на фотографскиот материјал на кој е прикажан градот Охрид ми даде цврста потпора за понатамошно успешно реализирање на овој труд. Според истражувањата како најстара фотографија на тема Охрид ја направил познатиот авантурист - етнолог кој воедно бил и доста богат човек со сопствена флота - Спиридон Гупчевиќ. Тој во Охрид престојувал во 1888 год. и во својата книга „Стара Србија и Македонија“ има направено фото записи со прекрасни панорами на охридскиот стар дел - Варош.



***33.Спиридон Гопчевиќ***

Како друга личност која што се вбројува меѓу првите фотографи на убавините на Охрид е српскиот конзул во Битола - Бранислав Нушиќ. Тој престојувал во Охрид во 1893 год. и има направено извонредни фотографии на градот. Дел од тие фотографии се објавени во неговата книга: „Крај бреговите на Охридското Езеро".



***34. Превземени фотографии од книгата на Бранислав Нушиќ – „Крај бреговите на Охридското Езеро"***

Охрид претставувал мета на патописци, публицисти, мисионери итн. Тука се вбројува и Х. Н. Брајфорд кој во својата книга: „Македонија“ има прикажано прекрасни фотографии од Охрид. За време на Балканските војни т.е. попрецизно на 19, 20 и 21 мај 1913 год. Охрид бил фотографиран од францускиот фотограф Огист Леон. Самата колекција се наоѓа под името: „Македонија - Охрид - фотографии“ во Музејот на Албер Кан во Париз каде има околу седумдесет фотографии на Охрид.[26]

## 1.7. Охридски фотографи

Времето во кое започнале со работа првите Охридски фотографи е крајот на деветнаесетти и почеток на дваесетти век. Според тој временски интервал како прв Охридски професионален фотограф слободно може да се прикаже Димитри Митан (1885, Охрид - 1935, Охрид) .



***35. Димитри Митан***

***Фотографијата е позајмена од внуката на Димитри Митан, Јагода.......***

[26] Старделов, Ѓеорги и др., Op cit., 24.

Веднаш според годините на неговото живеење се заклучува дека е барем 20 години постар од Милтон Манаки. Постои тврдење дека токму Димитри Митан им бил ментор на браќата Манаки. Димитри фотографскиот занает го учел во Цариград околу 1907 година.[27] Извесно време работи како кино прикажувач во Скопје. Во времето во кое живеел Митан несомнено главна тема на фотографирање му било револуционерното време на македонскиот народ. Во историјата на Македонија од ова време тој ќе остави трага со неговата фотографија наречена „херојството кај Кадино село“ на која се прикажува самоубиството на Методиј Патчев и неговите четници во приземната просторија во една куќа кај Кадино село. Оваа фотографија е од времето кога Димитри Митан работел и живеел во Крушево. Денес поголем дел од фотографското творештво на Митан може да се види низ музеите во Крушево и Охрид сепак за жал на некои од нив не е преставен како нивен творец.



***36. фотографскиот апарат на Димитар Митан***

***Фотографијата е позајмена од внуката на Димитри Митан, Јагода.......***

[27] Тунтев, Владимир, Op. cit.

Тој добил дозвола од Турците да ги слика мртвите тела на Патчев и неговите четници бидејќи Турците дозволувале сликање на убиени револуционери - комити. Исклучива значајност имаат фотографиите кои Димитри Митан ги направил во Крушево, Призрен и Охрид преку кој ги прикажувал убавините на овие градови. Тој знаел дека тие слики покрај оние со револуционерен карактер ќе имаат доста големо значење па затоа на смртната постела оставил свој аманет „чувајте ги фотографиите, тие се потребни за историјата на Македонија". Сепак судбината си го сторила своето, грижливо чуваните негативи биле фрлени како „непотребни парчиња стакло".[28] Така аманетот од првиот охридски фотограф не се остварил. Фотографското ателје на Димитри Митан се наоѓало кај познатиот охридски чинар во центарот на градот Охрид.



***37. Фотографско ателје на Димитри Митан***

***Пресликана фотографија од оригиналот кој се наоѓа во семејната колекција на Митаноски. Низ фотографијата се согледува местоположбата на фотографското ателје на Димитри Митан (1924 година)***

[28] Сведоштво на Јагода, внука на Димитар Митан.

Тоа било опремено со стаклен покрив од една страна и прозорци од страната на чинарот се со цел да се искористи дневната светлина при фотографирањето на муштериите.



***38. Фотографија на Димитри Митан насловена како „Охридски фамилии“***

***Опис на фотографијата направен од Марица Карадимчева Тунтева, роднина на г-динот Владимир Тунтев во чија сопственост е фотографијата.***

***„Оваја Фотографија је напраена Свети Јован Канео долу кај светенана вода во 1916 год. Не сликаше Димитрија Митан. Прво је баба ми Фанија, тука се стрико ми Димитрија Карадимчев кога беше кмет на Охрид и мојот татко поп Ахил Карадимчев кој почина 1950 год. До него е мојата мајка Фанија Настева на скут ја имат мојата сестра Наде. Над мајка ми простум е брат ми Косте а долу седит мојот друг брат Номче. Меѓу нив е брачедами Љубица Заричинова. До брат ми е мојата стрина Царева од Маргарит Карадимчев.Тој Маргарит беше на фронт во Прва светска војна. До нејзе е вујче Ангел Узунов како војник а пак до ними е тетин Јаким Чорбе. До него е Сандре Заричин за до него снаата му Анастасија а до неа Анастасија Чорбева. До нејзе е стрич Димитрија после е тетка ми Делфина, тетка Василикија седната е со внукот Кирил Заричин а до него е сестраму Весела а пак до неа Димче и Иван синој на Делфина и нејзината ќерка Царева. До неја сум јас Марица Карадимчева Тунтева и до мене е Весела ќерка на Маргарит Карадимчев.***

***Ова е написано 1975 год. Го напишав јас Марица Карадимчева Тунтева".***[29]

[29] Забелешки запишани на задната страна на фотографијата направени од Марица Карадимчева Тунтева.

За време на неговата повеќегодишна болест (неколку години Димитри бил парализиран) и по неговата смрт во 1935 година фотографскиот занает го наследиле неговите синови Боро и Кирил Митан. Кирил Митан е роден 1924 година во Охрид. Верно ја наследил професијата од својот татко. Долг период од неговиот животен век Кирил Митан го поминал во своето фото студио наречено „Фото - Зрак".



***39. Фото-Зрак***

***Фотографија од семејната колекција на Митанови која датира од 1965 година и која го прикажува излогот на фотографското студио Фото - зрак***

Тука ја извршувал својата професија сликајќи ги охриѓани за разни свечености, потреби исто така поголем дел од неговите фотографии се наменети кон прикажувањето на охридските убавини.



***40. Внатрешен дел на Фото - студио Зрак***

***Фотографија од семејната колекција на Митанови која датира од 1965 година и која го прикажува внатрешниот, изложбениот простор на фотографското студио Фото - зрак.***



***41. Продавање на фотографии***

***Фотографија од семејната колекција на Митанови која датира од 1975 година на која е прикажан Кирил Митан како продава фотографии фотографирани на спортски натпревар во Охрид***

Преку прикажаните фотографии се согледува начинот на кој сликите се продавале кога биле фотографирани одредени настани како на пример панаѓури, спортски натпревари итн. тогаш фотографите најчесто фотографирале, ги развивале фотографиите во своите работилници па се враќале назад за да ги продаваат. На тој начин заработувале но поважна им била сатисфакцијата која ја добивале со фотографирањето.





***42. Фотографии направени од Кирил Митан синот на Димитри Митан Фотографии направени од Кирил Митан во почетокот на 70те години на 20ти век. Во првата фотографија позира негов пријател додека на втората фотографија е прикажана жената на Кирил Митан пред семејната куќа во стариот дел на градот Охрид.***

Граѓанството масовно се заинтересирало за фотографирањето како последица на културните и воените збиднувања на почетокот на дваесеттиот век. По завршувањето на балканските и Првата светска војна во Охрид доаѓале многу фоторепортери, новинари, патописци а пак воените фоторепортери им ја продавале фотографската опремата на месното население. Еден од повидните личности од тоа време кој ги втемелил корените на модерната фотографија за Струшко - охридскиот регион е Ставре Попов. Во неговото фотографско ателје доаѓа да го изучува фотографскиот занает неговиот внук од сестра охриѓанецот Благоја Поп Стефанија. Со исто толкаво значење и важност како и од неговиот вујко преставуваат откинатите забелешки од времето на Благоја Поп Стефанија (1905, Охрид - 2001, Охрид).



***43.Благоја Поп Стефанија фотографиран во длабока старост (Фотографија од семејството Поп Стефанија од 1997 година)***

Веднаш кога дошол во допир со фотографскиот занает знаел дека тоа ќе му биде животна професија. Неговиот вујко прво го научил како се создаваат „моменталните" фотографии а подоцна чекор по чекор, година по година навлегувал и ги изучувал сите тајни на фотографството. Во есента 1929 година

за време на Кралството Југославија, Благоја заминува во Југословенската кралска војска и е распореден во фотосекцијата каде уште повеќе го усовршува фотографскиот занает и се обучува за снимање со големоформатни апарати (фокус 25) од авион.





***44. Авионот со кој ги фотографирал пејзажите на Охрид од височина (Фотографии од семејството Поп Стефанија од 1930 година)***

Во 1934 година Благоја Поп Стефанија го полага мајсторскиот испит а во испитната комисија како членови биле Ставре Попов, Димитрија Митан и Тодор Маленко. Истата година Благоја го отвора и својот фотографски дуќан.



***45. фотографски апарат на Благоја Поп Стефанија***
***(Семејна фотографија од семејството Поп Стефанија од 1997 година)***

Местоположбата на фотографкото ателје со име „Фото Турист" била во еднокатна зграда крај самиот езерски брег. Се случувало на ден да развива и по 300 фотографии. Најчесто такви денови биле празниците Велигден, Божиќ итн. Често пати Благоја одел и на панаѓури сликајќи ја целата манифестација. Достигнувал големи успеси како фотограф, пред неговиот објектив се фотографирале поголем дел од граѓаните на Охрид а не ретко било и од другите градови да дојдат и да се фотографираат. Благоја Поп Стефанија ја има фотографирано романската кралица Марија а некои го сметаат и прв што го започнал филмското сликање.



***46. Фотографии од Благоја Поп Стефанија***

***Фотографии извадени од документарниот филм за фотографот Благоја Поп Стефанија, во продукција на Телевизиската куќа ТВМ во 1999 година.***

Благоја Поп Стефанија бил активен фотограф и за време на Втората светска војна. Честа тема и мотив за фотографирање му преставувало и народноослободителното движење во Охрид и охридско. Сите го познавале и го викале за едно „кадро“ како што напомнува Благоја Поп Стефанија.



***47. Благоја Поп Стефанија***

***Фотографија во црно - бела техника направена од г-дин Владимир Тунтев во 1987 година***

Има направено фотографии со охридските народни херои за време на народноослободителната борба како што се: Благоја Смилески, Јасна Ристевска, Петре Пирузе итн.



***48. Фотографија со Благоја Смилески за време на Народноослободителната војна***



***49. Фотографии со познатата партизанка Јасна Ристевска (1939-42) (прва од лево)***



***50.Фотографија со најзначајниот партиски активист и раководител на НОБ во Охридско и Дебарца - Петре Пирузе***[30]



***51. Фотографија од 1 мај 1945 година***[31]

[30] Фотографија на г-динот Благоја Поп Стефанија фотографирана за време на НОБ
[31] Фотографија на г-динот Благоја Поп Стефанија фотографирана на 1 мај 1945 година

При набројување и проследување на фотографството како занает, куриозитет преставува и напоменувањето на првата жена фотограф во Охрид а можеби и во Македонија. Станува збор за Танасија Василева Дајова.



***52. Прва жена фотограф во Охрид - Танасија Василева Дајова***

***Фотографија- исечок од весник во сопственост на фамилијата Дајови***

Танасија е родена 1910 година во Охрид. Љубовта кон фотографството и самиот занает ги наследува од нејзиниот татко Панде Василев Дајо. Дуќанот на Дајови бил лоциран кај сегашниот ресторан „Летница" а фотографирањето го вршеле со масивен апарат плочаш, формат 18 x 24. Подоцна тој апарат бил купен од споменатиот фотограф Благоја Поп Стефанија. Танасија со помош на својот татко и својата сестра како мотив за фотографирање најчесто ги фотографирале поединци или групи на луѓе додека за фотографирање на пејзажи не биле премногу заинтересирани. Нејзиното творење во обласата на фотографијата го сфатила како задоволство но и како обврска и должност кон својот татко па затоа таа раскажува: „Татко ми Панде Дајо беше саатчија ама и сликарство работеше. Праеше фотографии со стакло, со касети. Јас бев првата жена фотограф во Охрид. Сликвев за лични карти и зшчо како женско одеф по туркинине и ги сликав. То беше 1924-1925 година. Јас до 1928 година работеф, сетне во 1929 година се мжив и веќе прекинаф".[32] Она што е значајно од архивистички аспект, Танасија започнала со фотографирање на стари

[32] Стојановски, Илче, Кажвиме за да не се заборајт 2, Радио Охрид, Охрид, 2003, 13.

документи. Најчесто фотографирала по турски куќи бидејќи според муслиманската вера маж т.е. татко и не смеел да се појави пред анами. Денес мал дел од нејзиниот голем опус на фотографии се чува во приватната колекција на семејството Дајови а дел од фотографираните документи и во подрачната единица на ДАРМ во Охрид. Како архивист имам за право да укажам на пристапот кон несвесно или свесно заштитување на документите кои се фотографирале од страна на Дајова а со тоа и нивно овекување. Може Танасија Василева Дајова да се претстави и како зачетник на заштитата на архивската граѓа преку фотографирање - снимање т.е. денес процесот на дигитализација. Со фотографирањето таа ги овековечила, создавајќи еден вид копија верна на оригиналноста на документите кои биле фотографирани.

**-Најстари фотографи во Охрид**

-Димитри Митан кој работи во почетокот на 20тиот век

-Панде Дајо кој работи во почетокот на 20тиот век

-Митре Михаилов кој работи во почетокот на 20тиот век

-Танасија од Панде Дајо која работи во почетокот на 20тиот век

-Боро и Кирил Митан кој работат во почетокот на 20тиот век

-Благоја Поп Стефанија кој работи во почетокот на 20тиот век и др.

**-Фотографски студија во Охрид во почетокот на 20ти век**

-Фотографско студио на Димитри Митан - Фото .....

-Фотографско студио на Благоја Поп Стефанија - Фото „Турист"

-Фотографско студио на Боро и Кирил Митан - Фото „Митан"

-Фотографско студио на Јонче поп Стефанија - Фото „Луна"

-Фотографско студио на Ристо Паунчев - Фото „Лик" и други

### 1.7.1. Колекции и колекционери на фотографии од Охрид

Охрид со право може да го носи епитетот за најфотографиран град во Македонија, на Балканот и пошироко. Ова не претставува преамбициозна изјава туку напротив тврдење кое може да се воочи и согледа. Денес постојат големи пасионери кон фотографијата која го отсликува градот Охрид меѓутоа малкумина се тие кои можат да се пофалат со колекција на фотографии кои се

значајни од аспект на временска а со тоа и историска вредност, вредност по содржина, вредност на фотографија по имател итн. Тие малкумина вредно се жртвувале за да стасаат до посакуваната фотографија а не често тоа ги чинело и мало богатство. Како еден од колекционерите чија колекција има можеби највредни фотографии од Охрид е колекцијата на доајенот на македонската фотографија г-дин Благоја Дрнков роден 1914 год. кој заслужено го носи и епитетот „мајстор на фотографијата". На тема Охрид бројна колекција има и мајсторот на фотографијата од Нови Сад - Боривое Миросављевиќ. Во Белград, Србија постои фотографска галерија од Лука Младеновиќ каде се сочувани и прикажани убавините на Охрид. Михаил Неделчев е професор на Универзитет во Република Бугарија и воедно е ентузијаст и колекционер на тематиката Охрид од почетокот до крајот на дваесеттиот век.[33]

Заводот за заштита на спомениците на културата и народен музеј Охрид моментално располага со 15000 фототечни единици обработени по различна тематика: археологија, етнологија, историја, историја на уметност, архитектура, старословенска писменост и др. Колекцијата по етнологија од почетокот на дваесеттиот век е откупена од Ставре Попов со негатив стакло 10Х15 мм.

Голем придонес во оваа област има и фотографот - конзерватор Петар Алчев (1925-2000) кој ја збогатил фототеката на оваа институција.

Професорот во пензија Никола Мурговски од Охрид располага со околу 800 - 1000 фотографии на тема Охрид вклучувајќи го и Илинденскиот период. Постојат и голем број на други ентузијасти, вљубеници во убавините на Охрид и воедно на фотографијата кои чекаат да бидат презентирани и објавени. Новите технички помагала, електронски медиуми, дигитални апарати како и електронска пошта во иднина се повеќе помагаат за поуспешна презентација на Охрид на неговите убавини како и на неговиот историски развој.

[33] Тунтев, Владимир, Фотографскиот занает во Охрид, необјавен авторски труд.

# ГЛАВА ВТОРА

## Општествено - политички и економски карактеристики на развојот во Охрид од 1913-1991 година низ фотографски материјал

### 2.1. Природно-географски одлики на Охрид



***53. Охрид фотографиран од височина***

***(фотографија на Благоја Поп Стефанија од 1930 година)***

Секој град може да се прикаже како жива материја која се создава, се шири, живее а во доста случаи и згаснува. Постои тврдење дека Охрид претставува еден од најстарите градови на Балканскиот полуостров по континуитетот и постоењето на цивилизацијата во него. Последично тоа ни укажува на богатствата со кои располага охридската историска ризница во континуитет од античкиот период па се до денес.



***54. Охрид фотографиран од селото Велестово – разгледница на град Охрид***

Низ таков опстанок во временскиот интервал од антиката па се до денес Охрид како град бил седиште на повеќе култури. Доста значаен фактор за неговото создавање - постоење претставува и самата местоположба на градот. Охрид и неговото подрачје го зафаќаат крајниот југозападен дел од Македонија. Тој скоро од сите страни е затворен со високи планини: на запад е планината Јабланица и Беличка планина, на исток Галичица, Илинска и Плаќенска планина и на север е заграден со планините Караорман и Стогово. Охридското Езеро го отвора подрачјето кон југ. Голем е бројот на патеписците кои поминале низ градот Охрид и барем за миг се воодушевувале од неговите природни убавини притоа незаборавајќи тоа да го запишат и овековечат. За самиот град Охрид и бреговите на Охридското Езеро пишуваа: арапскиот географ Идризи, венецијанскиот патописец Ѓовани Ѓустинијани, турскиот патописец Евлија Челеби, Ј.И.Хан австриски конзул за источна Грција, рускиот архимандрит Антонин, познатиот југословенски географ Јован Цвииќ, прочуениот српски комедиограф Бранислав Нушиќ и др. Композиторот Стеван Христиќ пак го овековечил градот со својот познат балет „Охридска легенда“.[34]Сите тие во нивните бесценети дела го согледувале Охрид од различни аспекти, и притоа даваат една многу јасна слика за градот и од временски и од општествен карактер.

[34] Фрол, Иво, Охрид, Издавачки завод Југославија, Белград, 1968, 17.




*55. градот Охрид во 1902 година*




*56. Варош - стариот дел на град Охрид со Охридското езеро фотографирана во 1953 година*




*57. Охридска рамница фотографирана во 1960 година*

Извонреден впечаток остава забелешката на познатиот патописец Евлија Челиби која датира од 17 век а во неа се вели: „Овој град, расположен крај Охридското Езеро, развивајќи се небаре Багдад, Каиро, Кавала и Истанбул, станал голем трговски град и со полезните производи од риба се здобил со огромно богатство."[35] Уште за време на патописот пак на Бранислав Нушиќ во 1892 година Охрид ќе биде значајно место на неговото патување. Токму во тоа негово патопиштво тој својот осврт ќе го даде на стариот дел на градот Охрид т.е. денешен Варош. Тоа е со една единствена причина - надвор од охридските ѕидини Охрид се уште не бил или многу малку бил населен. Во своето патопиштво тој за стариот дел на денешен Охрид ќе обрне повеќе внимание на охридската архитектура и ќе истакне: „Приоѓајќи кон него со чун од езерската шир, тој преставува средновековен приморски град со високи, тесни куќи кои, така изгледа, се истураат една врз друга, небаре секоја се стреми макар со едно свое прозорско око да го здогледа езерото. Сите се натрупале и прилепиле една до друга. Оние од долните редови, на езерскиот брег, секој ден ги заплискуваат езерските бранови кои често се искачуваат до прозорците и до покривот. Над овој ред доаѓа друг ред куќи кои повисоко од покривите на првиот ред се провреле до последните, речиси усамени куќи, на врвот на ридот. Така покривите еден над друг создаваат цела коса рамнина и не виѓаваш ништо повеќе освем нив и едно чудо прозорски окна, чија источна архитектура е раскошна и кои наспрема сонцето толку сјаат, што не му даваат на посматрачот погледот мирно да го задржи".[36]

Поради тоа охридската архитектура е значаен сегмент во традицијата на градот Охрид. Возвишено е чувството кога разгледувате различни маала, сокаци со свои традиции и обичаи а сепак охридската архитектура останала непроменета. Охридската архитектура станала значаен дел од истражувачката дејност на многу историчари на уметноста, архитекти па дури и фотографи. Така архитектот Душан Габријан во охридската архитектура согледал „двојност во градењето", приземје со визба на земјата и високо приземје од бондрук, станови за лете на кат и станови за зима во приземје, стопански простории во куќата и простории за домаќинот. Долу се визбите градени со тврда градба а

[35] Евлија Челеби за Македонија, Слово, Скопје, 2007, 124.
[36] Нушиќ, Бранислав, Крај бреговите на Охридското езеро, Белград, 1892, 29.

нагоре куќата се шири како печурка. Чардакот во охридската куќа има доминатно место во куќата и тој служи за заедничко среќавање, за седенки и за свадбени веселби.[37]





168. Градска улица. — Rue.






***58. Македонско - охридска архитектура***

***( фотографии на кои е претставена охридската архитектура)***

[37] Бошале, Никола, Куќа по мерка на човекот, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, Охрид, 2008,105.

Охридската архитектура како главна преокупација во својата работа ја прифатил и охридскиот архитект Борис Чипан. Тој за охридската архитектура ќе истакне дека е долговековна традиција предавана од колено на колено и оплеменувана во извесна смисла со навиките на градскиот живот. Староградската, македонската, односно охридската куќа Чипан ја изведува од потребите на човекот во даденото време и општествени услови. Така потенцира дека намештајот[38] во охридската куќа најчесто е изграден со архитектонски скелет и насекаде однапред добро осмислен. Тука се и цела низа на досетки за полици, плакари, долапи, сергени потоа тука се душеци за седење, подвижна маса - софра и др.[39]



***59. Внатрешен дел (ќош) од соба (одаја) во традиционална охридска куќа со традиционален ентериер***

---

[38] Српски збор кој е превземен во охридското наречје и означува мебел.
[39] Бошале, Никола, Op. cit.

Охрид покрај тоа што е специфичен по својата архитектура тој е град и со своја традиција, со своја култура и со свои обичаи. Секој оној кој го посетува Охрид таа култура и обичаи ги акумулира како една „Охридска култура". Сепак Охрид е доста побогат кога би се разгледал подетално од маало во маало од сокак во сокак... Токму единствената и надалеку позната охридска традиција и обичаи се создадени од делумно превземените најдобри делови од маалските обичаи и традиции. За да се согледаат тие обичаи треба најпрво да се проучи самата структура на градот Охрид, славните охридски маала, начинот на кој тие се создале и успеале барем поголем дел од нив да опстанат и ден денес. Стариот дел на градот Охрид именуван како Варош, заземајќи ја местоположбата на охридскиот рид иако заграден со големи камени бедеми навидум мислиш недостижен и единствен сепак внатрешно а и надвор од бедемите е поделен на неколку староградски но и нови маала.



***60. Стариот дел на градот Охрид именуван како Варош со ѕидините на Самуиловите тврдини фотографирана во 1902 година***

Некои од нив се идентични во потполност со минатото време и останале сведоци на некогашната негувана традиција и обичаи, други пак зафатени од модернизацијата која е својствена за поновото време старата традиција ја носат со името или опеана во песните додека пак трети маала и потполно исчезнале оставени на милост и немилост од факторот време, а за нив можеме само да се присетиме преку некоја стара фотографија или стар стих од староградска охридска песна. Новите охридски маала постојат да укажат на современиот терк

по кој се движи градот Охрид. Знаејќи ја значајноста на сите староградски охридски маала опфатени од тематскиот период 1913 – 1991 година, морам во нивното набројувањето да започнам од оние по кои денес за жал неможеме да прошетаме и да се соочиме со некогашен Охрид. Така и меѓу постарата популација на охриѓани малкумина знаат дека во стариот дел на градот Охрид под внатрешниот влез на Охридските тврдини се наоѓаше маало населено со турска популација или т.н. турско маало.



***61.Фотографија на Турската населба во стариот дел на градот фотографирана во 1943 година***



***62.Фотографија на Турската населба во стариот дел на градот фотографирана во1943 година***

Настанувањето и континуитетот на ова маало е тесно поврзано со турското освојување на градот Охрид во или околу 1385 год според некои извори според други 1395 година. Со неговото заземање и со години натрупување на турска војска во почетокот и средината на 18 век војниците започнале да си ги носат своите фамилии и да се населуваат за постојан живот токму во стариот дел на градот Охрид во и под Самуиловата тврдина. Тоа маало било исклучиво населено со турско население и се разбира се негувала ориенталната култура и традиција. Токму за нивна потреба како и за ширење на муслиманска вера позначајните цркви во стариот дел на градот биле претворени во џамии.

Таков е примерот и со Светиклиментовата црква „Св. Пантелејмон - Плаошник".



***63. Црквата Св. Пантелејмон - Плаошник претворена во џамија***[40]
***( фотографија од 1987 година )***

---

[40] Црквата Св.Пантелејмон е изградена во 9ти век. Неа ја изградил Св.Климент и ја посветил на Светецот Пантелејмон. Таа преставувала прв словенски универзитет - жариште на словенската писменост и култура. Во 15ти век оваа црква турските освојувачи ја претвораат во џамија поради тогашната муслиманска пропаганда како и поради потребите од муслимански верски објект во тој реон на градот Охрид.Во 2000 година се започна со изградба на нова црква.Денес црквата Св. Пантелејмон е една од најубавите цркви како во Охрид, така и во Македонија.

Турското маало во стариот дел на градот Охрид целосно замира по Првата светска војна кога поголем дел од населението се иселува од градот Охрид, а дел се преселува покрај брегот на Охридското Езеро.



***64. Црквата Св. Софија претворена во џамија***[41]

[41] Црквата Св.Софија е изградена во 11ти век. Со освојување на градот од страна на Турските освојувачи кон крајот на 14ти век оваа катедрална црква е претворена во џамија. Од 1950-56 година е спроведена реставрација врз овој објект при што е вратена првобитната форма и намена како црква.

Како едно од најстарите охридски маала ако не и најстаро низ пишаните извори се мисли дека е маалото Канео. Ова маало се наоѓа под стрмните карпи кои се надвиснуваат над езерото и се разбира не би можела да постои друга причина за настанувањето на маалото Канео освен рибарството. Жителите на ова охридско маало исклучиво се занимаваат со риболов.




***65. Рибарското маало Канео фотографирано во периодот меѓу двете светски војни***



***66. Рибарското маало Канео (денес)***

Оваа маало е значајно и по тоа што над него се наоѓа црквата Свети Јован Богослов - Канео изградена во 13 век.




***67. Разгледница со црквата Св. Јован Богослов - Канео фотографија за време на Првата светска војна***



***68.Црквата Св. Јован Богослов - Канео фотографија за време на Првата светска војна***

Друга населба која била позната по рибарството била населбата С'раиште. Тука рибарите ги спростирале своите рибарски мрежи (Спростури), ги влечеле своите чунови, разговарале за уловот во тој ден - дали денот им бил со бериќет.



***69. Рибарската населба С'раиште со спростури и чамци***

***(Фотографии фотографирани меѓу двете светски војни)***

Покрај горенаведените Охридски маала голем дел за охридската локална традиција и култура во периодот од 1913-1991 година допринеле и маалата Кошишта, Карабегомала и Месокастро.

Кошишта е маало кое било населено со земјоделци. Земјоделието во оваа маало било примарно. Голем дел од земјоделците од ова маало можеле да се видат на традиционалниот пазарен ден Понеделник во Охрид продавајќи ги

своите земјоделски продукти. Сепак, знаејќи ги минималните парични придонеси од земјоделието маалото Кошишта било посиромашно од другите охридски маала.



***70. Маалото Кошишта со Самуиловите тврдини – фотографија од 1918 год. сопственост на г-дин Владимир Тунтев***

Карабегомала важела за турска населба. Тука куќите биле раскошни со големи чардаци и голем дел од популацијата се занимавала со трговија.



***71. Карабегомала со турска куќа – Фотографија од 1913 година сопственост на г-дин Гоце Ангеличин - Жура***




***72. Градот Охрид, маалото Месокастро со езерското крајбрежје – панорамска разгледница од 1918 година***

Маалото Месокастро имало свои традиции и обичаи. За него се смета дека настанало со надоаѓање на поголем број жители во градот како последица од миграцијата село - град. Маалото Месокастро било одделено од Варош со порта која се наоѓала кај црквата Света Богородица - Челница. Таа порта била поставена се со цел по верување од постарите да не се мешаат Варошани со Месокастрани. Одтука произлезена е и песната: „*Ќе дојт време кога ќе се отворат вратите и ќе се мешет Варошани и Месокастрани*“. Во почстокот на 20ти век за градска елита се сметало населението кое живеело централниот дел на стариот град - Варош па затоа Варош често се сметал за вистинскиот град Охрид додека другите населби биле како предградија. Често за Месокастро се викало и Ексокастро што значело надвор од градот. Куќите во ова охридско маало биле стари и трошни со многу сокачиња и калдрма, впрочем денес можат да се согледаат и некои од нив.



***73. Куќи во маалото Месокастро со стара камена калдрма фотографирана во 1925 година***



***74. Сокак во маалото Месокастро со стара камена калдрма фотографирана во 1925 година***



***75. Централен дел на стариот град – Варош***

***(панаромска разгледница од 1965 година)***

Маалото Месокасто е значајно и по тоа што освем црквата „Св. Богородица-Челница", тука се наоѓа и стариот Охридски саат изграден во турско време.





***76. Охридски саат изграден од страна на Турците***

***(фотографиите се сопственост на авторот и датираат од 1950 и 1990 год)***

Охрид е и град кој е опеан во голем број на народни песни произлезени од народот, сепак најпрепознатлива песна за градот е:

*Охрид, Охрид*
*Охрид, Охрид, убав, мил*
*ти за мене рај си бил*
*јас ќе одам далеку*
*незнам дали ќе се вратам пак*

*Езерото му убаво*
*јас со солзи го оставив*
*со кајчето од Вистера*
*во Албанија се најдов јас*

*Збогум мајко, збогум веч*
*јас ќе одам далеку*
*јас ќе одам далеку*
*незнам дали ќе се вратам пак*
*Охрид, Охрид, убав, мил*
*ти за мене рај си бил*
*град на Климент, Самуил*
*град на Климент, Самуил*

Покрај преубавите охридски староградски маала, кои се опеани во староградските песни и покрај обичаите и традициите на охридските жители кои ја обликуваат охридската култура и ја збогатуваат македонската култура, сепак Охрид е најпрепознатлив по водениот бисер - Охридското Езеро.

## 2.2. Охридското Езеро

Извонредната положба на Охрид и убавината на Охридското Езеро истакнати се во делата на голем број патописци кои сведочат за неговото постоење и континуитет.

Евлија Челеби за езерото ќе истакне: „Тоа е прекрасно слатководно езеро и рибата која живее во него ја нема никаде во светот".




***77. Мапа на Охридското Езеро***

Охридското Езеро се наоѓа во централниот и јужниот дел на Охридско - струшката котлина на граница помеѓу Македонија и Албанија, поточно на 41 степен северна географска ширина и меѓу 20 и 21 степен од источната должина. Лежи на надморска висина од 695м и зафаќа површина од 368км2 со максимална длабочина од 289м. Според оваа длабочина езерото е на седмо место по длабочина во Европа. Температурата на водата во лето достигнува до 23°С. Охридското Езеро со својата старост помеѓу 4 и 10 милиони години, претставува едно од најстарите езера во Европа и воедно едно од најстарите во светот. По потекло езерото е тектонско и му припаѓа на таканаречените Дасаретски езера според областа Дасаретија во античкиот период.



**78.** ***Пејзажи од Охридското Езеро***

Езерото се пополнува претежно со изворска вода од бројните површински и подводни извори. По тој однос, одделни истражувачи го сметаат како единствено во светот. Во езерото се вливаат околу 40тина реки и потоци од кои 23 на територијата на Албанија и 17 на територијата на Македонија. Уште на почетокот на веков Ј. Цвијиќ ја има изнесено претпоставката дека од соседното Преспанско Езеро, чие ниво е повисоко за 158 м, понира низ карсните подрачја на Галичица и Сува гора. Во 1980 година со помош на природните изотопи е докажано хидрографската врска меѓу Преспанското и Охридското Езеро.



**79.** ***Местоположба на Охридското и Преспанското Езеро***

Во регионот на Охридското Езеро владее локално - континентална клима. Просечните врнежи во околината на езерото изнесуваат приближно 759 мм годишно. Охридското Езеро покрај примарното значење како место за одмор, рекреација и разонода преставува и редок музеј на живи фосили.

Со својата фауна езерото преставува редок музеј во кој живеат ендемични видови на животни.

Во текот на деветнаесетти век се правени истражувања и е утврдено дека во него е зачуван прастар жив свет кој во другите води воопшто не постои или се среќава како фосил. Од многубројните видови на прастара фауна, посебно внимание заслужуваат два вида охридски риби пастрмки - летница и белвица. Денес тие можат единствено да се сретнат само во водите на Охридското Езеро.



**80.** ***Охридска пастрмка***

Од плашицата која исто така живее во Охридското Езеро т.е. од нејзините крлушки се добива надалеку прочуениот и познат „охридски бисер". Охридскиот бисер претставува и ден денес уникатен и насекаде препознатлив бренд. Во Охрид традиционално тајната за изработка на охридскиот бисер ја знаат само две фамилии и тоа фамилијата Талеви и фамилијата Филеви.





***81.а) Изработка на Охридски бисер на Климе Талев во 1934 година***

***б) Кралицата Елизабета со ѓердан од охридски бисери***

Во текот на есента езерото е ловиште на јагули, кои се готват за својот „свадбен пат" преку реката Црни Дрим, Јадранското и Средоземното Море во Атланскиот океан, каде што се размножуваат на големи длабочини и потоа повторно се враќаат во езерото.

# ГЛАВА ТРЕТА

## 3.1. Население во Охрид во периодот 1913-1991 година

Најзначаен сегмент во животот и опстанокот - постоењето на еден град претставува населението кое живее во него. Населението е важен предуслов за создавање, опстојување и развивање на едно место. *Охрид е град кој може да се пофали со тоа што преставува најстар град на Балканскиот полуостров ако се согледа неговата населеност со популација во континуитет.* По создавањето на градот нема прекин во неговото опстојување. Ако го бараме зачетокот на населувањето во градот Охрид несомнено ќе се вратиме доста назад низ времето во периодот пред новата ера, но за прикажување на реалниот број на населението во тематскиот периодот по 1913 година можеме да се осврнеме на неколкуте значајни пописи за населението во Охрид. Сите тие се подложни на разни политички влијанија и согледани преку окупаторско око до крајот на 1945 година но сепак претставуваат доста значаен историски извор за бројноста на населението во охридскиот реон.

Неизоставен дел за прикажување на бројот на населението во градот Охрид сè и сведоштвата на патописците кои даваат свои податоци и согледувања за бројноста и разноликоста на населението во секој домен (верски, според пол, јазик и тн).



***83. Жители на Охрид од турска и албанска националност – фотографија од 1913 година***

Ако го земеме примерот со познатиот патописец Бранислав Нушиќ, тој бројот на населението во Охрид го констатира по бројот на куќите во Охрид и вели: „ Дали може Охрид да има 3.700 куќи како што тврдат месните жители".[42]Охрид има 2.520 куќи со 11.875 жители, што ја потфрлува бројката што би произлегла сметајќи по пет жители на куќа. Во Охрид во 1889 година според официјална статистика имало 5.749 жени и 6.026 мажи. Официјалните статистики често се спротивни, но факт е дека охриѓани се раселуваат и заминуваат во други градови или во туѓина.[43]



***84. Преселба на Охридско население***

***(фотографија во сопственост на г-дин Владимир Тунтев)***

Македонското население во градот Охрид и по ослободувањето од турската власт претставувало најголем етникум. Тој етникум создаден од поголем дел на стари охридски фамилии бил темелот врз кој се зачувале македонските корени. Како стари охридски фамилии кои живееле а дел од нивните поколенија и ден денес живеат во стариот дел на градот Охрид т.н. Варош се вбројуваат: Митановци, Чамишовци, Филипчевци, Топалчевци, Зарчевци, Грдановци, Поп Стефановци, Пендовци, Савиновци, Заровци, Караѓулевци, Главинчевци, Точковци, Маневци, Куртевци, Пепелковци, Пашинковци, Коцовци, Аџишчовци, Снегаровци, Пирузевци, Кољушија,

[42] Нушиќ, Бранислав, Op cit. , 43
[43] Ibidem

Рупевци, Битраковци, Мешковци, Садиловци, Чаулевци, Патчевци, Карчевци, Чобановци, Лукановци, Филдишовци, Коцареви и др.

Од охридското маало Канео како најстари фамилии се набројуваат фамилиите: Каневчевци и Масловци.

Во маалото Месокастро како најстари фамилии се вбројуваат: Камиаровци, Мостровци, Орачевци, Ќосевци, Копровци, Јанковци, Кречовци, Чипановци, Чорбевци, Шешовци и Божиновци. За најстари фамилии во маалото Кошишта се вбројуваат: Кукулевци, Кустевци, Голабовци, Дојчиновци и др. Покрај сите овие стари охридски фамилии кои претставувале одлика на охридската традиција и култура значаен фактор за зачувување на македонскиот етникум низ турското ропство преку балканските и светските војни биле доселеничките фамилии во градот Охрид. Во стариот дел Варош како фамилии кои се доселиле се: Матлиевци од месноста Мата во Албанија, Филеви од Л'нге (Мокра) Албанија, Поп Симовци од село Маловишта, Битолско, Чудовци од Селце, Дебарско, и др. Сите овие фамилии се доселени во почетокот на 19 век. Во средината на 19 век во стариот дел на градот се доселени следниве фамилии: Стружанчевци од Струга, Масиновци од охридското село Велестово, Спростpановци од месноста Спростриња во Демир Хисар, Џамбазовци од Лина, Албанија. Фамилијата Бачевци во 1864 година се доселува во Охрид од Броштица - Дебарска жупа. Во маалото Месокастро се доселиле: Маленковци од Магарево (Битолско), Василеви од Сируља (охридско село), Талевци и Ристевци од охридското село Велестово. Во Кошишта како доселеници важеле следниве фамилии: Нерезановци од струшкото село Нерези, Кичевци од Кичево, Илинчевци од селото Големо Илино - Демирхисарско, Момировци од Присовјане, Струшко, Кочовци од охридското село Велмеј, Наневци од охридското село Сируља, Чинговци од охридското село Велгошти и др.[44]

[44] Урошевиќ, Арсеније, Охрид - географска монографија, Скопје, 1957,13.



***85. Фотографии на доселеници од село во градот Охрид***

***(прикажување на традиционалните селски носии)***




***Движење на бројот на населението во Охрид од 16ти век***[45]

[45] Урошевиќ, Арсеније, Op. cit.

Балканските војни и создавање на нови општествено политички промени битно влијаеле врз бројноста на населението. Се започнало со енормно променување на самата структура на населението во Македонија а со тоа и во градот Охрид од најразличен аспект: според бројност, националност, вера, град - село итн. По Балканските војни се формирани првите органи на српската власт во Македонија. Административниот систем бил по примерот на Србија: општински, околиски и окружни подрачја, кои територијално, делумно се совпаѓале со османлискиот административен систем. Цела Вардарска Македонија по завршувањето на Втората балканска војна и со определувањето на граничната линија со Букурешкиот договор од 1913 година, била разделена на седум окрузи: Кумановски, Скопски, Тетовски, Дебарски, Битолски, Кавадаречки и Штипски. Градот Охрид спаѓал во Битолскиот округ.[46] Факт е дека по Балканските војни бројот на муслиманското население во Македонија со тоа и во градот Охрид претежно од турска националност значително се намалува.



***86. Доселеници од село во градот Охрид***
***(фотографија на фамилија Крстановски)***

[46] Тодоровски, Глигор, Македонија по распарчувањето 1912/13-15, Матица Македонска, Скопје, 1995, 24.

Иако неколку пати до 1914 година е правено попис на население во Македонија сепак за градот Охрид точна статистички податок нема. Охриѓани често од необјасливи причини го прикривале дел од своето поколение па од таму и неточноста на статистичките податоци.[47] За годината 1914 постои преглед на население објавен од Миливој Вујовиќ.[48]

Прегледот изгледа вака:

| ГРАДОВИ | Македонци и Турци по градови<br>Според В. Кнчов (1900)<br>Вкупно | Според Милан Вујичиќ(1914)<br>Вкупно |
|---|---|---|
| Битола | 37.000 | 48.370 |
| Велес | 19.700 | 15.624 |
| Дебар | 15.500 | 10.199 |
| Кичево | 4.844 | 5.430 |
| Крушево | 9.350 | 7.941 |
| Охрид | 14.860 | 11.038 |
| Прилеп | 24.540 | 22.237 |
| Ресен | 4.450 | 4.756 |
| Скопје | 31.900 | 47.384 |
| Струга | 4.750 | 4.120 |

Од податокот кој можеме да го добиеме од пописот на населението во Македонија се согледува дека градот Охрид е еден од понаселените градови во Македонија со 11.038 жители. Но доста значаен е и фактот што бројот на населението кое живее во градот Охрид се намалува во споредба со бројот на население во градот Охрид од 1900 година кога бројот на жителите бил 14.860. Намалувањето на бројот на жители во градот Охрид се должи на повлекувањето и заминувањето на турското население по Балканските војни. За бројноста на населението во Македонија по Првата светска војна доста значаен е пописот на населението во Македонија во 1921 година.

47 Лапе, Љубен, Охридскиот округ во 1914 година, Гласник на ИНИ, бр. 3, Скопје,1969, 168.
48 Вујичић, Миливоје, Речник места у ослобођеној области Старе Србије, Београд, 1914, 79-80.

Во прегледот или пописот на население од 1921 година се прикажува и вкупниот број на население во градот Охрид како и бројноста на жителите со православна, муслиманска и друга вероисповед по Првата светска војна. Од податоците кои ни ги дава овај попис се согледува фактот дека бројот на муслиманското население во охридско значително се намалува и севкупниот број на муслиманско население изнесува 277 жители во охридските села, додека бројот на православно население изнесува 19215 жители.

***Табеларен приказ на етничкиот состав на населението во Охрид од 1921 година***[49]

| Округ Срез Општина | Вкупно | Православни | Римо-католици | Евангелидти | Муслимани | Евреи | други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Округ Охрид | 69.211 | 44.761 | 410 | 33 | 23.997 | 10 | / |
| Општина Охрид | 19.531 | 19215 | 32 | 7 | 277 | / | / |
| Белчишта | 2077 | 2059 | / | / | 18 | / | / |
| Велгошти | 2330 | 2327 | / | 3 | / | / | / |
| Велмеј | 2082 | 2059 | / | / | 23 | / | / |
| Косел | 1339 | 1326 | / | / | 13 | / | / |
| Мешеиште | 2508 | 2316 | 6 | / | 186 | / | / |
| Опеница | 2303 | 2303 | / | / | / | / | / |
| Пештани | 2025 | 1982 | 26 | 4 | 13 | / | / |
| Слатино | 1458 | 1440 | / | / | 18 | / | / |
| Сливово | 3409 | 3403 | / | / | 6 | / | / |

49 Дефинитивни резултати пописа становништво 1921 године, Сарајево, 1932 год, 104.



***87. Доселеници од охридско село во градот Охрид***



***88. Староседелци во градот Охрид***

***(семејна фотографија на фамилијата Паунчеви – 1924 година)***

Големо значење за согледување на бројноста на населението во Охрид и Охридско по Втората светска војна има пописот 1948 година. Тој е значаен меѓудругото и за тоа што е изработен во повоен период а и затоа што преку овој попис можат да се увидат реперкусиите врз месното население по Втората светска војна.

Пописот изгледа вака:

***Табеларен приказ на етничкиот состав на населението во Охрид 1948 година***[50]

| Месни градски народни одбори - Охрид | Вкупно | Срби | Хрвати | Словенци | Македонци | Црногорци | Неопределени муслимани | Бугари | Чеси | Словаци | Руси | Украинци | Албанци | Унгарци | Германци | Романци | Власи | Италијани | Турци | Цигани | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 28.890 | 167 | 20 | 4 | 28 326 | 323 | 7 | / | / | / | 4 | / | 283 | 2 | / | / | / | / | 25 | 36 | 1 |
| Арбиново | 410 | / | / | / | 410 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Белчишта | 1275 | / | / | / | 1273 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / |
| Ботун | 1224 | / | / | / | 1214 | / | / | / | / | / | / | / | 6 | / | / | / | / | / | / | 4 | / |
| Брежани | 742 | / | / | / | 741 | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вапила | 1125 | / | / | / | 1104 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 20 | / |
| Велгошти | 1979 | 3 | / | / | 1986 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Велестово | 1503 | / | / | / | 1503 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Велмеј | 1186 | / | / | / | 1184 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / |
| Годивје | 2122 | / | / | / | 2122 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Д.Лакочереј | 1078 | / | / | / | 1075 | / | / | / | / | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Издеглавје | 471 | 2 | / | / | 463 | / | / | / | / | / | / | / | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Косел | 713 | 1 | / | / | 614 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Куратица | 939 | / | / | / | 939 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Лешани | 769 | / | / | / | 767 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Љубаништа | 700 | 155 | 18 | 4 | 503 | 15 | 1 | / | / | / | 1 | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Мешеишта | 1597 | 3 | / | / | 1588 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5 | / | / |
| Мраморец | 1149 | / | / | / | 1140 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 9 | / |
| Ново Село | 813 | / | / | / | 786 | / | 3 | / | / | / | / | / | 22 | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / |
| Оздолени | 657 | / | / | / | 652 | / | / | / | / | / | / | / | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Опеница | 1168 | / | / | / | 1164 | / | / | / | / | / | / | / | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Орозник | 912 | 1 | 1 | / | 699 | / | / | / | / | / | / | / | 210 | / | / | / | / | / | 1 | / | / |
| Пештани | 1354 | 2 | 1 | / | 1351 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Речица | 1358 | / | / | / | 1398 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Скребатно | 601 | / | / | / | 601 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Слатино | 957 | / | / | / | 944 | / | / | / | / | / | / | / | 11 | / | / | / | / | / | 2 | / | / |
| Сливово | 489 | / | / | / | 489 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Требеништа | 1333 | / | / | / | 1302 | / | / | / | / | / | / | / | 18 | / | / | / | / | / | 13 | / | / |
| Трпеица | 314 | / | / | / | 314 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

[50] Коначни резултата пописа становништва 1948, Београд, 1954, 444.

Пописот е создаден по националности, по кои се согледува доминацијата на македонското население и зголемувањето на албанското население наспрема турското. Како Македонци при овој попис се изјасниле 28326 жители, како Срби 167, Хрвати 20, Црногорци 15, Руси 4, Албанци 281, Турци 25, Цигани 36 и други народности.

Според пописот на население во Република Македонија од 1994 година се согледува проширувањето на градот и неговата населеност во Република Македонија. Тој попис укажува на вкупно население во Охрид од 52732 жители. Она по што е значаен овој попис на население е неговата компарација со бројноста на населението во Охрид од 1948 година па се до дадената 1994 година. Исто така од аспект на историско-фактографски податок во овој попис се прикажани и другите националности кои живеат во градот Охрид и нивниот раст или намалување.

***Табеларен приказ на етничкиот состав на населението во градот Охрид преставен во континуитет од 1948 до 1994 година***

| Населено место | Година | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | други | Неопределен | ВКУНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 1948 | | | | | | | | | 18182 |
| | 1953 | 14436 | 765 | 3667 | 564 | 236 | 224 | 273 | / | 20165 |
| | 1961 | 19630 | 1820 | 2590 | / | / | 401 | 446 | / | 24997 |
| | 1971 | 28546 | 2717 | 2723 | 11 | / | 419 | 1592 | / | 36008 |
| | 1981 | 40905 | 3379 | 2688 | 512 | 266 | 458 | 2302 | 24 | 50535 |
| | 1991 | 48118 | / | 2798 | 128 | 263 | 438 | 2935 | 45 | 54725 |
| | 1994 | 44672 | 2706 | 2353 | 48 | 252 | 409 | 2245 | 47 | 52732 |

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

## Општествено - политичко - економски процеси и промени во градот Охрид во периодот 1913 - 1991 година

### 4.1. Политички процеси и промени во градот Охрид 1913 – 1991 година

Македонија отсекогаш имала значајно и примарно место во надворешната политика на соседните држави. Впрочем соседните држави јавно ги искажувале своите големи територијални аспирации кон Македонија. Токму поради тоа Македонија низ две децении од 20-тиот век наизменично ќе ја доживува окупаторската или како што Бугарите и Србите често во своите вокабулари ја употребувале фразата „ослободителната" судбина. За остварување на нивната крајна цел т.е. припојување на Македонија многу често и двете држави се служеле со вклучување на македонскиот народ во дневополитичките работи но кога станувало збор за жртви повторно Македонецот бил тој кој на свој грб ги чувствувал сите последици во Бугарско - српскиот спор за Македонија. Токму дел од видните граѓани во своите градови ќе бидат првите кои ќе настрадаат застапувајќи една или друга страна. Неутралноста во тоа време не постоела или пак со неа не можело да се опстои. Затоа се водела невидена хајка против оние кои за време на српската окупација биле пробугарски ориентирани или обратно. Таа борба за превласт се водела директно со обичниот граѓанин и со неговото семејство.

Влегувањето на првата српска воена единица во градот Охрид се случило на 22 ноември 1912 година. На чело на воената српска единица која влегла во градот бил српскиот потпоручник Божидар Симовиќ. Веднаш по неговото триумфално влегување во градот Охрид дал наредба за собирање на сето оружје од месното население со што сакал да ја намали опасноста од самоиницијативност на месното охридско население за бунт или организиран

отпор. [51] По единицата на Симовиќ на 26 ноември 1912 година во Охрид и околината се стационирал и XVIII полк на српската армија на чело со командантот полковник Михајло Зисиќ со што Охрид и Охридско биле целосно окупирани од српската војска.[52] Уште од првиот ден на окупацијата српските воени и полициски власти се однесувале спрема македонското, турското, албанското и другото население како вистински окупатори. Повеќе не ги истакнувале паролите на „добронамерници" и „ослободители" од турското ропство туку се впуштиле во задушување на македонската национална свест. Токму поради тоа во градот Охрид за време на српското окупаторство од 1912 - 1915 година голем бил бројот на прогонуваните и убиените лица. Тие од различни приватни или деловни причини не ја поддржувале српската окупација така што во градот Охрид од српската власт се започнало со организирана хајка против следниве личности кои ги чекала смртна казна доколку не успеале да побегнат: Лав Огненов, Тодор Џамбазов, Иван Алчев и др. Оние кои не успеале да побегнат биле убиени како Димитар Иванов кој бил учител, Георги Поп Ангелов, Лазар Глигоров учител во с. Велгошти и др.[53] Сите тие биле прогласени за „бугараши" и како такви станале непожелни и неприфатливи за српската власт.





***89. Димитар Иванов          Ангел Спространов***

***(позајмени фотографии од фамилија Паунчеви)***

---

[51] Група автори, Охрид и охридско од паѓањето под османлиска власт до крајот на XVIII век, ИНИ, Скопје, 1978, 269

[52] Ibidem

[53] Пърличев Кирил, Сръските жестокости в Македония (1912-1915), Анико, София, 2001, 10.

Селото Велгошти најмногу ја осетило жестокоста на српското владеење. За тоа сведочи настанот кога Србите наредиле сите мажи од селото да излезат и да се соберат на едно место. Потоа секој петти од нив бил застрелан пред очите на другите. Вкупно биле застрелани 12 лица. Слични постапки имало и во другите села како во Пештанската област биле убиени 48 лица, во Мешеишката област едно лице, во Белчишката три лица, во Велмејската општина 9 лица, во Сливовската општина 10 лица итн.[54]





***90. Црквата Св. Петка во с. Велгошти***

***( фотографии од 1935 година )***

[54] Ibidem

Со стационирањето на српските воени единици во градот Охрид се започнало со протерување и убивање на дел од охридската интелигенција поради најразлични обвинувања. Сепак  започнала и соработка со месното население кое ја поддржувала српската окупаторска политика. Започнале и првите поширoки контакти помеѓу новата власт преставена преку српските офицери и градските првенци кои искажале лојалност кон новата власт. Организацијата на српската власт во Македонија т.е. во градот Охрид кон крајот на 1912 година била целосно воспоставена и структурирана. Охридската околија била ставена под управа на српската воена полициска власт. Заедно со останатите околии од Македонија окупирани од српската војска и охридската околија била ставена под управа на Врховната команда. Веќе во средината на 1913 година во Врховната команда на српската војска од новоосвените територии започнуваат да пристигнуваат првите извештаи од окружните началства во заземените територии. Во нив биле изнесени констатации за постојаната состојба во текот и по формирањето на српската власт во заземените краишта.[55]

Во Охридскиот округ на служба се наоѓале 302  жандарма.[56] Сите тие биле распоредени по претходно формираните жандармерски станици. Жандармерите од жандармерските станици го крстосувале теренот и го контролирале движењето на луѓето но постоеле и посебни книги на евиденција за движење.[57]



***91. Српски офицери во Охрид за време на Првата балканска војна***

[55] Тодоровски, Кирил,  Op. cit., 25.
[56] Лапе, Љубен, Op. cit., 194.
[57] Тодоровски, Кирил, Op. cit.,  27.

Кириациите, абациите и сопствениците на чунови како и сите други лица што имале подвижни средства биле задолжени редовно да ги известуваат соодветните власти за своето движење. За абациите, за рибарите и за сите други што поседувале подвижни средства, врз основа на член 28 од Уредбата за јавна безбедност е донесена посебна наредба која содржела 11 членови.[58] Со неа се регулирани сите обврски на сопствениците на подвижни средства. Воведената контрола и евиденција на се што се движело низ округот била апсолутна и тотална. И ако се направи споредба со османлиското време далеку биле поригорозни мерките на претпазливост. Меѓутоа, се уште организацијата на општините и околиите во Охридскиот округ не била до крај структурирана. Недостаток на искусни луѓе за вршење на административно - полициски работи, поради се уште постојаната мобилизација во српската војска била видлива. Посебно тешко за новите власти во тенденција да бидат прифатени од месното население било прашањето за односот на службениците дојдени од Српското кралство спрема охридското месно население а таква била ситуацијата и низ целата територија на Македонија. Состојбата во Охридскиот округ од општествено - политички аспект не била премногу загрижувачка за српските власти. Селаните започнале да се оддаваат на мирновременска работа со исклучок на поединци кои се уште давале отпор и не се помирувале со новосоздадената состојба. Во настојувањата да се стабилизираат внатрешните општествено - економските прилики во заземените краишта покрај внатрешните во голема мера влијаеле и надворешните фактори. За српската власт и политиката за стабилизација во „новоослободените краишта" главен адут преставувало стабилизирањето на граничните подрачја и линии. Граничните подрачја во новоослободените земји биле често вознемирувани од вооружени групи и чети. Вооружените чети лесно се префрлувале преку граничните линии вршејќи на тој начин провокативни и други истапи. Новите српски власти во Македонија мошне репресивно одговарале на сите такви потфати. Како една од најнесигурните гранични подрачја покрај онаа помеѓу Бугарија и Србија, преставувало граничното подрачје помеѓу Албанско - српската граница која се уште не била ни дефинитивно одредена ниту обележана со гранични знаци.[59]

[58] Ibidem, 28.
[59] Тодоровски, Кирил, Op. cit., 39.

Градот Охрид поради тоа претрпел голем број на штети пред сè од префрлувањето на вооружени албански групи при што се вршени убиства и грабежи во охридските села од пограничниот регион. Најчесто настрадувало селото Љубаништа и манастирот Св. Наум.




***92. манастир „Св. Наум“ –панорамска разгледница од 1938 год.***

Токму за ваквата ситуација и за меѓугранични инциденти говори Извештајот од 26 јуни 1914 година на Јован Ќирковиќ, Началник на Охридскиот округ, до Стојан Протиќ, Министер за внатрешни работи во кој укажува на голем број преминувања на границата од албанска страна поради борбите меѓу Гегите и Тоските во Албанија.[60]




***93. Охрид по Балканските војни***

---

[60] Митрески, Павле, Српски документи за историјата на Охридско-струшкиот регион (1890-1840), Друштво за наука, култура и уметност „Браќа Миладиновци“, Струга, 2002, 195.

Политичкиот и административниот живот во градот Охрид не се променил многу и со доаѓањето на бугарската окупација на Македонија во Првата светска војна. Таа со помош на германските војски во 1915 година го окупира Охридскиот округ и околијата. Тогаш, Македонија во административно - управна смисла била разделена на седум окрузи кои биле обединети во т.н. Македонско воено - инспекциска област (МВИО).[61]



***94. Пречек на бугарската војска во Охрид – фотографија од 1915 година***

Охридскиот округ бил еден од тие окрузи кој ја зафаќал речиси истата територија за време на српската владение со тоа што бил проширен со Дебарската околија. Ваквата организација била исклучиво воено - управна установа на бугарската врховна команда, на армијата и владата. Охридскиот округ играл главна стратешка улога во обезбедувањето на Македонскиот (Солунски ) фронт кој бил создаден и постоел во Македонија од есента 1915 година до есента 1918 година и се протегал од Охридското Езеро до Орфанскиот залив на Егејското Море во должина од 450 километри. Со тоа градот Охрид имал важна улога и како граничен реон кон Албанија односно во непосреден допир со Австро - унгарската окупациона зона. По воспоставување на бугарската власт во градот Охрид бугарските окупатори објавиле тотална реквизиција. Под ударот на реквизицијата паднале сите хранителни производители. Сите земјоделски производи биле прогласени за „нарјад“ и населението под строга принуда било присилено да ги предава на реквизиционите комисии. Реквизицијата на хранителните земјоделски и

[61] Група автори, Охрид и охридско... Op. cit., 286-290.

сточарски производи за човечка и добиточна исхрана била надополнувана и со тотална реквизиција на се и сешто во буквална смисла на зборот. За потребите на фронтот од населението биле одземани секакви предмети: торби, разни алати, велосипеди, пили, ќунци, печки, ваги со грамови, кабел, конци, клинци, макари и др. Во реквизицијата на се и сешто бугарските окупатори во Македонија посебно се нафрлиле врз историските и културните вредности на македонскиот народ.

Воените власти во Охрид и Охридско на чело со новодојдениот народен пастир Митрополитот Борис извршиле пљачкосување на црквите и манастирите, однесувајќи во Бугарија бројни вредни книги, икони, плаштаници и други културни вредности што со векови се чувале како жаришта на охридската култура.[62]



*157. Митрополитъ Борисъ.
Le métropolite Boris.

***95. Митрополит Борис***

За некои од овие случувања постојат и писмени документи од самите бугарски окупатори што ги ограбиле скапоценетите предмети. Така на пример на 22 февруари 1916 година командантот на Втората бригада од Осмата бугарска дивизија полковникот Пашинов и неговите помагатели митрополитот Борис, бугарските офицери Најденов и Михов и наредникот Цукев со јака војничка стража во куќата на охридскиот свештеник Ѓорѓи Икономов насила го отвориле сандакот и долапот и одзеле: плаштаница подарена од Андроник Палеолог и летопис на грчки јазик на пергамент, коишто биле оставени кај Икономов на чување.

[62] Ibidem, 290.



***96 а) Плаштеница подарена од Императорот Теодор Комнен и жена му на охридскиот Архиепископ Димитар Хомат-Јан (1224 год)***



***б)Плаштеница подарена од Император Андроник II Палеолог на Охридски Архиепископ (XIII-XIV)***

Тие биле записнички одземени и предадени на митрополитот Борис и потоа префрлени во Бугарија.[63] Историски факт преставува и самото вклучување на месното население од градот Охрид кон политичката бугарска структура а со тоа дел од нив свесно или несвесно потпомогнувале во изнесувањето на културните добра од градот Охрид. Некои ги изнесувале со надеж дека по одреден период дел од културните добра ќе бидат вратени назад во некои подобри невоени и мирновременски времиња, а дел свесно ги изнесувале културните добра од градот Охрид а со тоа од Македонија. Група на охриѓани Епитрони на црквата Св. Климент: Ѓорѓи Будев - свештеник, Панде Бојаџиев, Анастас Бошнаков, Климе Калајџиев, Иван Алчев и Охридскиот Митрополит Борис по претходно добиено уверување од Претседателот на Владата на Бугарија В. Радослав за враќање на културните добра се согласиле за изнесување на културни добра од црквата Св. Климент сè со цел да не бидат ограбени туку да се складираат во музејот во Софија. Така на 28 ноември 1916 година биле собрани, завиткани и однесени во Софија културно - верските добра: една икона на Христос со ловор од трње, дар од охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан од 13ти век и една надгробна плоча со натпис, еден

[63] Ibid.

бронзен свешник даден на дар од архиепископот на Јустинијана Прима од 15ти век.[64] Културните добра никогаш не се вратени назад во градот Охрид. Исто така одземена била и круната на охридските патријарси која денес е изложена во Националниот историски музеј во Софија. [65]



***97. Круна (Митра) на Охридските митрополити од 17ти век изложена во националниот музеј во Софија, Бугарија***



***98. Круна (Митра) на Охридските митрополити од17ти век изложена во националниот музеј во Софија, Бугарија***

---

[64] Митрески, Павле, Op. cit., 210.
[65] Ibidem.

Бугарските окупатори во Македонија а со тоа и во градот Охрид вовеле и тотална контрола на движењето на населението. Без т.н. „открит лист“ никој никаде не смеел да се појави. Исто така процесот на политички прогонувани охриѓани кои биле на видни положби за време на српското владеење се повторувал и секогаш бил се пожесток и посуров, а последиците секако дека ги чувствувале никој друг туку охридското население. Најмногу биле прогонувани и оние кои не сакале да се откажат од своето презиме а кое го добиле за време на српската окупација кое завршувало на - иќ.
Затоа најчесто ваквиот случај на граѓанство најчесто бил прогонуван, затворан и убиван или пак доколку било можно емигрирал оставајќи го родното огниште. Значаен е фактот дека со доаѓањето на српската или бугарската страна се воспоставувало големо влијание и дејствување не само во областа на политиката туку најмногу во образованието со цел од најмали нозе децата да се прилагодат кон едната или другата окупаторска земја а да се оттргнат од македонскиот национален идентитет.

По победата на силите на Антантата во 1918 година бугарските и германските војски ја напуштиле Охридската, Преспанската, Струшката, Кичевската и Дебарската територија. Кон крајот на 1918 година, француските и српските војски ја преокупирале територијата што била под бугарска власт. Со тоа, во Охридската околија се повторила политичката и административно - територијалната организација на власта која ја имале во периодот од 1912 - 1915 година. Територијата на Охридската околија останала како недефинирана граница помеѓу новата држава на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и Албанија. Дефинирањето се случило дури во 1926 година согласно Версајскиот мировен договор од 1919 година. И во овој период голем бил бројот на украдените културно - верски и историски предмети. И повторно црквата преку српскиот Епископ Николај Велимировиќ играла главна улога во префрлувањата на националните добра од Охрид во Србија.



***99. Српскиот епископ Николај Велимировиќ***

***(фотографија во сопственост на г-дин Владимир Тунтев)***

По започнувањето на априлската војна во 1941 година, Охрид беше предаден на управување на бугарските воени и цивилни власти, додека поголемиот дел од селата од западниот дел од крајот со Дебарца и јужно од градот кон Св. Наум потпаднаа под италијанско-албанска окупација.




***100. Пречек на окупаторската војска во Охрид во 1941 година***

***(фотографија во сопственост на г-дин Владимир Тунтев)***

Во својот дел бугарската окупаторска власт веднаш по доаѓањето во Охрид мај 1941 година презеде многубројни мерки за бришење на трагите на поранешната југословенска власт, во рамките на својата велико -државна политика на Македонија да ја претвори во бугарска национална област, а македонскиот народ да го престави како дел од бугарскиот.





***101. Влегувањето на бугарската окупаторска војска во Охрид (фотографија во сопственост Владимир Тунтев фотографирана 1941 год.)***



***102. Бугарски и италијански офицери на прошетка низ Охрид во 1943год. (фотографија во сопственост г-дин Владимир Тунтев)***

Меѓутоа, месното население во најголем дел спонтано врз основа на својата нарасната национална свест и особено под влијание на Народно-ослободителното движење, не ја прифати великобугарската пропаганда.

Од своја страна организираните сили на ослободителното движење настојуваа да и парираат на бугарската пропаганда со сопствени активности. Летото и есента 1944 година кога се водеа завршните операции за ослободување на Македонија, по враќањето на главнината на воените единици на НОВ од Егејска Македонија и формирањето на нови големи единици, меѓу кои и охридската бригада, поголем број охридски интелектуалци, постари и помлади заминаа во тие единици за да придонесат во ослободувањето. Како такви во изворите ги среќаваме: Д. Коцо, Н. Јане, П. Лештар, Р. Томе, Д. Маленко, и др. Оние интелектуалци кои останаа во градот до крајот на воените дејствија активно се вклучија во борбата со давање материјална помош, оружје а особено со членување во илегалниот Народноослободителен одбор и во партиската организација. Меѓу нив од постарите интелектуалци беа Ставре Филипче, Глигор Гроздан и Славе Хаџишче. За време на окупацијата меѓу 300 борци - жртви на фашизмот од Охрид ги дадоа своите животи. Оние што загинаа во виорот на војната се: Андон Дуков, Серафим Китановски, Боро Шаин, Нада Филева и др.[66] По успешно изведената Народноослободителна војна на македонскиот народ од 1941-1944 година, не само што се изврши целосно ослободување од фашистичкиот окупатор, туку веднаш се пристапи кон формирање на првите органи на власта - Народноослободителни одбори.



***103.Легендарниот командант Петре Пирузе –Мајски држи говор пред насобраните партизани и мештани во Дебрца***

[66] Филиповски, Јонче, Охридското стопанство, Здружение за наука, култура и уметност „Климент Охридски"- Охрид, Охрид, 2005, 58.

Со учеството на Македонија во народно-ослободителната војна 1941 - 1945 година таа ќе најде свое место во рамките на Федерацијата Југославија, обединувајќи се со другите народи врз правото на самоопределување. Во тие рамки пресвртната година за македонската историја е 1991 година кога на 8 септември преку референдум Македонија изгласа независност и отцепување од тогашната Југословенска федерација. Сета таа општествено - политичка историја на Македонија ја делеше и градот Охрид.

## 4.2. Стопански прилики во градот Охрид од 1913-1991 година

Стопанската активност како израз на организираната дејност на производствени и услужни дејности, преставува вечен природен услов за опстанок на човековиот род.[67] За согледување на основите услови при развојот на стопанството во еден град а во случајов градот Охрид во периодот од 1913 – 1991 година неминовно е како предуслов да се стават: самата географска положба на градот, релјефот, климата, хидрографијата, а над нив се истакнува населението и политиката т.е. политичкото уредување. Тоа претставува главен услов за издигнување или опаѓање на стопанската оска, знаејќи ги сите окупаторски турбуленции а со тоа и политички во Македонија низ минатиот век. *Географската положба* на градот Охрид претставува значаен фактор за развој на стопанството. Охрид се наоѓа во југозападна Македонија а територијата на градот се наоѓа распространета на два басена: охридскиот басен со Охридското Езеро заедно со планините околу езерото и другиот басен околу горниот тек на реката Црни Дрим и Преспанското Езеро. Карактеристично за градот Охрид од аспект на *релјефна карактеристика* е тоа што Охрид е заграден со високи планини а од една страна со Охридското Езеро со што е оформена една компактна и природна целина погодна за развој на стопански дејности. Рамничарските места иако плодни сепак без умешно обработување не давале богат род. Тие биле често поплавувани од силните планински потоци. Рамничарски места се наоѓаат околу селата Велмеј, Белчишта, Слатино, Дрслајца, Косел и Велгошти. *Климата* на едно подрачје има значајна улога врз стопанскиот развој. Во Охридскиот регион таа е умерено континентална со

[67] Ibidem, 51.

средоземно влијание која допира преку долината на Црни Дрим од Јадранското Море. Сепак и покрај сите природни карактеристики за развој на стопанството на една област како најголем фактор се предвидува човекот како и сите оние причини и последици од воен или повоен период. Ние неможе да согледаме кој знае какви стопански резултати во Македонија а уште помалку во градот Охрид и неговиот регион во периодот од 1913 година до завршување на Втората светска војна. Сепак и она какво такво стопанство кое егзистирало на просторот во охридскиот регион, не било рамномерно т.е. во зависност од претходно искажаните услови, една стопанска гранка се разликувала по развиеноста од друга стопанска гранка. Затоа за подетален преглед треба да се направи разграничување и самостојно претставување на гранките од стопанството во Охрид и охридско.

### 4.2.1. Стопанството во градот Охрид од 1913 - 1918 година

Во периодот по трагичните за Македонија балкански војни во 1912 и 1913 година и Првата Светска војна, животот на стопански план се повеќе станувал оскуден. Поделбата на Македонија помеѓу Србија и Бугарија ќе доведе до тотален колапс на положбата во која се наоѓале и онака малкуте стопанственици. Стопанството во Република Македонија во периодот по балканските војни било на работ на егзистенцијата а истата состојба била и во градот Охрид. Градот бил со занаетчии, трговци, сточари, земјоделци кои биле на работ на егзистенционално опстојување. Охрид кој некогаш претставувал пример за обработка и трговија со кожа, ќуркчиство и рибарство сега немоќно им се предавал на стопанските неприлики.

**-Земјоделство како стопанска гранка во градот Охрид 1913-1918**

Со пропаѓањето на турската власт во есента 1912 година во Македонија, селаните од Македонија а со тоа и оние во Охридскиот регион се надевале дека ќе ја добијат земјата што со векови ја обработувале во полза на турските чифликсајбии. Како и во поодделни македонски села така и во охридските села, селаните земјоделци по бегството на турските чифликсајбии се обиделе да ја

повратат земјата што дотогаш им била узурпирана. Меѓутоа српските официјални власти ваквите акции на македонските селани енергично ги сузбивале. Конзервирањето на затечената состојба во земјоделското стопанство во Охрид и околијата го покажува и официјалниот извештај за Окружната околија од 1914 година во која се наведува дека во тоа време во Охридската околија постоеле 168 чифлизи, останати и натаму како сопственост на турските чифликсајбии. Тие се наоѓале во подрачјата на Охридските села: Белчишта, Слатино, Издеглавје, Лешани, Велмеј, Волино, Горенци, Климештани, Мешеишта, Оровник, Требеништа, Љубаништа, Елшани, Горица, Шипокно, Пештани, Коњско, Косел, Речица, Вапила, Ливоишта, Лакочереј и Орман.[68] Во овие села живееле околу 1220 фамилии со 8561 жители, и тие по српска окупација работеле на чифлишките имоти под исти услови и обврски од времето на турскиот феудализам. Дури може и да се истакне дека нивната положба се влошила со тоа што новите српски власти уште веднаш по ослободувањето од Турците на Македонија, на македонското население му биле наметнати голем број на даноци и обврски што преставувале должност кон Кралството Србија.[69] На овој начин македонскиот селанец, земјоделец ги променил само своите господари а не и положбата во која се наоѓал. Охридскиот земјоделец се наоѓал во многу незавидна положба и поради самата географска структура на охридскиот регион. Ридските и полуридските региони барале посовремени методи на обработливост а начинот на обработка и орудијата за обработување на земјата биле од примитивен карактер. Приходите станувале се помалку бројни а голем дел требало да се предадат на земјопоседниците. Токму поради овие услови а секако и полувоената и воената состојба во која се наоѓала Македонија а со тоа и Охрид, регрутацијата и мобилизацијата на машкото работоспособно население во редовите на српската војска од 1912 до крајот на 1915 година укажува за оскудното стопанство на градот Охрид во овој период.[70] На пазарите во Охрид не можело никогаш да се добијат повеќе од 1500 кг. жито (пченица, рж, јачмен па и пченка) а повеќето денови ни толку. Целиот промет со жито се водел само помеѓу големопоседниците и градската и селска сиромаштија, која од повеќе причини

---

[68] Ibid., 75.
[69]. Група автори, Охрид и охридско... Op. cit., 277
[70] Ibidem, 278

од трговците на големо купувала жито за прехрана. Другите ситни производи (грав, масло, волна и др.) се донесувале на пазарот во Охрид во мошне мало количество.[71] Сепак и покрај тешката ситуација на македонскиот селанец обработувањето на земјата и продуцирање на продукти за живот му преставувале единствена можност за преживување во овој период. Затоа секој по своја можност и знаење се занимавал со одредена стопанска дејност. Охридскиот регион бил познат трговски регион, но исто така и регион во кој доминантна стопанска дејност преставувало рибарството. Голем број на охридски фамилии традиционално ги пренесувале од колено на колено тајните на рибарскиот занает. Рибарството е дејност која најчесто ја спроведувале старите граѓани на Охрид како и оние што живееле крај езерските села. Од друга страна пак голем бил и бројот на охридското население кое се занимавале со сточарство. Најчесто тоа биле жители на Охрид кои поседувале обработливи површини на земја и живееле во околните охридски села. Секоја стопанска дејност има своја специфика свои карактеристики по кои е препознатлива. Затоа најдобро е тие да се воочат поединечно а со тоа да се создаде една компарација за крајниот исход од овие дејности а тоа е продуктот кој се пласирал на пазарот. Сепак согледувајќи го периодот од 1913 - 1918 година не може да се произнесат значително добри резултати во која било стопанска дејност.

**-Сточарство како стопанска гранка 1913-1918 година**

Покрај земјоделството значаен фактор во стопанскиот живот во Охрид преставувало сточарството. Сепак во период 1913 - 1945 година сточарството било во незавидна положба. Голем број на фактори влијаеле за сточарството во Охрид да биде во лоша состојба. Од политичко - воени, недостиг на орудија, недостиг на добиток кој најчесто бил одземан итн.

---

[71] Тодоровски, Глигор, Op. cit., 117- 118.



***104. Сточари од Охрид***

Според податоците на Окружната управа во Охридската околија во 1913 година имало околу 116.000 грла ситен и 11.700 глави крупен добиток. Во извештајот на Окружната управа од 1914 година се напоменува: „Сточарството е во мошне жална состојба и по квантитет и по квалитет, добитокот е под секоја критика.."[72] Тоа пред се, се должи на недостигот на сточна храна за добитокот. Огромни површини биле незасадени или пак било забрането засеаните површини да се искористуваат за храна на добитокот. Токму поради ваквите околности се побројни и побогати биле сточните пазари а на места се наречени и „ат" пазари по турското име за коњ.



***105. Сточар од Охрид -фотографија од 1914 година***

[72]. Група автори, Охрид и охридско... Op. cit., 278.



***106. Сточен Пазар во градот Охрид 1914-1918 година***
***(фотографија на г-дин Гоце Ангеличин )***

Според одредени податоци во 1913 год. бројот на стока детално по вид на добитокот во Охридскиот Округ бил следниов:

-Говеда (волови, крави, телиња) 150000,

-Коњи околу 2600

-Магариња околу 2700

-Мазги околу 170

-Овци околу 20000

-Кози околу 23000

-Свињи околу 3000 и др.[73]

Живинарството била единствена сточарска гранка која била во завидна положба пред се поради лесниот начин за чување на живината, таа се чувала дури и во одредени градски куќи и се разбира поради најчесто употребуваните продукти од неа. Како занимливост би спомнал дека некогашните сточни пазари во градот Охрид се наоѓале на местото на денешните плоштади на градот. Како податок стои дека во Охрид во периодот од 1913-15 имало околу 12 000 глави крупна стока и 116000 глави ситна стока. [74]

[73] Тодоровски, Глигор, Op. cit., 125.
[74] Ibidem, 126,



***107. Пазарен ден во градот Охрид (традиционално во Понеделник)***



***108. Пазарен ден во градот Охрид – фотографија од Ч.Кушевиќ***



**109.** ***Сточен пазар во Охрид 1918 година***



***110. Продавачи на житни продукт***

**-Рибарство како стопанска гранка во градот Охрид**

Рибарството се смета за една од најстарите стопански дејности во градот Охрид бидејќи Охридскиот крај ги исполнувал најпотребните услови за развој на оваа дејност - од богато со плен езеро до погодни песочни плажи па токму поради тоа риболовот е примарна дејност во Охридскиот реон. Постои верување дека токму богатиот избор на фауна во езерото е причинител на раното населување на Охридската котлина а со сигурност за настанувањето на одредени маала како на пример Канео или С'риште. За рибарството и риболовот во Охридското Езеро зборува и Теофилакт Охридски укажувајќи на разновидноста на риба и начинот на ловење. Сепак рибарството е доста тежок занает за кој треба да се има срце и душа а пред се верба. Токму поради тоа не секој започнувал со рибарство а исто поради тоа најчесто рибарите го наследуваат занаетот од претходните генерации наследувајќи и дел од тајните на рибарството. Една рибарска тајфа се состоела од 4 до 8 лица кои заедно соработувале и на крај се разбира го делеле уловениот плен. Низ времето постапката била поразлична односно оној рибар кој ќе вложел повеќе во капиталот за опрема тој добивал и поголем дел од уловената риба. Рибарската тајфа морала да ги има основните потребни средства за риболов и тоа мрежи, влакови и се разбира чун. Особено тежок период за рибарите бил периодот на српската окупација на Македонија по 1912 година. Тогаш рибарите за користење на своите чунови во Охридското езеро морале да ги известат тогашните власти. Тоа било врз основа на член 28 од Уредбата за Јавна безбедност[75]. Сепак, повеќето рибари дома се враќале со плен а тоа се должело на богатството што тогаш го имало Охридското Езеро со разновидни видови на риба, но нивниот пласман и продавање на пазарот било нешто сосема друго. Водени од самата немаштија како и политика во тоа време (1913 - 1915) рибарите биле принудени на разни начини да ги продаваат уловените риби. Така во ова време под српска окупација секој оној рибар што сакал да лови риба за подоцна да ја продава морал да плати одредена такса која била фиксна за да му се овозможи уловената риба да ја продаде. Уловената риба најчесто се продавала низ пазарите на градот Охрид како и во околните градови Струга,

[75]Тодоровски, Глигор, Op cit., 168.

Битола, Подградец. Многу често уловенета риба се носела и во подалечните градови и држави со така наречени карвани со мраз за да недојде до расипување на рибата. Рибата ја откупувале т.н. „матрапази“ ја продавале поскапо во околните градови и така заработувале. Најчести купувачи на рибата биле месното население, дел од војската и побогатите угостители од локалните градови. Оној дел од рибата што ќе останела непродадена се посолувала и така се чувала додека не би се продала. Во Охрид мора да се признае дека на пазарите имало изобилство на риба која се продавала деноноќно и била достапна по 24 часа. За заштита од манипулација на вредноста како и за заштита на самиот продукт во периодот на српското владеење со Македонија, во Охрид биле фиксирани цените на одделни видови на риби, и тоа:

-летница за два динари

-јагула за 1,60 динари

-белвица за 1,40 динари

-дива риба за 0,20 динари по килограм итн.[76]

Во периодот меѓу двете светски војни рибарството иако било застапено сепак тој период може да се вброи меѓу најтешките бидејќи откупот на уловената риба бил доста слаб па затоа рибарите често викале дека „Аир има само оној кој ја продава рибата а не оној кој ја фаќа“. Сиромашниот и тежок живот на рибарите го воочил и Бранислав Нушиќ и го забележал во својата книга „На бреговите на Охридското Езеро”, со зборовите: „Сиромашен рибар, клет роб, ќе дојде утредента на брегот каде што ќе најде свиени врби, искинати мрежи и испокршени кајчиња. Тој гледа тажно во смиреното и тивко езеро, жал му е, но не умее да му се лути, веројатно затоа што се разбираат.”




***111. Охридски рибари ги закрпуваат своите мрежи***

[76] Ibidem, 168

Во периодот по ослободувањето како дел од стопанството во Република Македонија и рибарите се здружувале во т.н. рибарски задруги, а се разбира подоцна било оформено и рибното стопанство.



***112. рибар Андон Бакалов 1937-38 година***

***(фотографија во сопственост на фамилија Бакалови)***

Ловот иако се базира на доста добра вештина и техника сепак во голем дел преовладува и суеверието на кое послушно му служат сите рибари. Така тие сметаат дека во периодот од 25 декември до 20 јануари не смее да се лови риба и тој период го нарекуваат „Татиљ". Охридското езеро поседува богат рибен фонд а рибите можат да се групираат во три групи и тоа:

-*пастрмки*: пастрмка и белвица

-*бели риби*: мрена, крап, скобус, клен, писа, плашица, мрена, грунец

-*Јагули*: јагула



***113. Охридски пастрмки***

Постојат и повеќе видови на мрежи во зависност од потребата и видот на рибата што ќе се лови. Во зависност од рибата и мрежата го добивала истото име на пример за ловење на плашица се употребувала мрежа која се именувала како плашичарник итн.



*114.Фотографија на охридски рибари 0д 5.III. 1947 година (фотографија во сопственост на П.Савинов*



*115. Охридски рибари*

Интересен е фактот што низ водите на Охридското Езеро не често се среќавала и јагулата. Таа изминувајќи го „свадбениот пат" доаѓала во Охридското езеро каде била плен за рибарите. Специфичен е начинот на кој таа се ловела. За ловење на јагулите требало доста труд за практично да се изгради лавиринт со трски во вода во кружен терк на крај со извишен тесен дел каде што јагулите заглавувајќи се низ лавиринтот завршувале во тесниот извишен дел од каде што рибарите со црпење ги ловеле.



***116. Даљаните во Охрид***

Како најпогодни места за лов на риба во Охридското Езеро се Даљаните во Охрид и Струга кај реката Дрим, потоа месноста Горица, селата Пештани и Трпејца.



***117. Охридски чунови во с.Пештани 1925-1930***

Постои податок дека во с. Пештани до крајот на Втората светска војна се ловело околу 30.000 ока[77] пастрмки и дека од тоа живеат околу 60 фамилии а ловењето се вршело со 15 чунови. Во месноста Горица се ловело околу 2-3000 ока Пастрмки, Трпејца 5-6000 и ловат околу 30 лица.[78]

### 4.2.2. Стопанството во Охрид меѓу двете светски војни

Историските податоци укажуваат на тоа дека по завршувањето на Првата светска војна во Македонија со владеењето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците се постави таква административно-територијална рамка што за некаков вид на организирано стопанство непостоеле никакви услови. Охридската околија и по 1918 година останала немирна граница меѓу новата држава на Кралството СХС и Албанија. Таквата состојба траела се до 1926 година кога меѓу двете држави била определена и дефинирана граничната линија. Охрид и Охридскиот регион останале да живеат под тешки општествено - економски услови под владеење на великосрпската буржоазија во Македонија се до Втората светска војна. Иако Охрид бил центар на духовната култура и бил на значајниот крстопат кон стопанските текови на европските пазари и понатаму останал изолиран и ги чувствувал сите последици од окупаторскиот стопански амбиент.

Земјоделството кое во овој период било најважен извор на егзистенција било ограничувано како преку воведување на високи даноци така и преку окупаторската политика на цени при што „ножиците" биле отворени на штета на земјоделските производители.[79] Податоците за стопанската активност на Охридската околија меѓу двете светски војни упатуваат на констатацијата дека земјоделството т.е. полјоделството била основна стопанска дејност. Охридскиот реон имал адекватни услови за развој на примарното земјоделско производство но поради нискиот степен на техничка опременост повеќе внимание му се посветувало на одгледувањето пченица, рж, јачмен. пченица, овес и просо.

---

[77] Турска мерка за тежина. Една ока изнесува 1.282 грама.
[78] Митревски, Павле, Op cit., 213.
[79] Филиповски, Јонче, Op cit., 76.



***118. Жетва во Охридско село***

Традиционално на овие простори се одгледувал и тутун но тутунарството помасовно зема замав по Втората светска војна. Стопанската состојба, структура и активност која се засновала врз земјоделската дејност и одредени занаети кои користеле суровини од метален карактер, ги поттикнале барањата и потребите за постоење на металопраработувачките занаети во Охрид. Сточарската дејност во периодот меѓу двете светски војни во Охрид најповеќе била застапувана во околните села и тоа Велестово, Рамне, Коњско, Трпејца, Елшани и Љубаништа. Поволни услови за тоа биле големите и пространи пасишта на планините Галичица, Плаќенска, Стогово и др.[80]



***119. Сточен пазар во градот Охрид (1939-1940)***

[80] Ibidem, 85.

Занаетчиството како стопанска дејност во градот Охрид била застапена од стари времиња. Сепак занаетчиството во Охрид до 18 век не било на многу завидно ниво. Дури во почетокот на 19 век со отворање на трговски комуникации на Македонија а со тоа и на градот Охрид со големите трговски градови како Лајпцинг, Виена и пред се Истанбул занаетчиството завзема се поголем замав. Како најпреставителна трговска куќа на градот Охрид преставувала куќата на фамилијата Робевци. Таа ги снабдувала поголем дел од дуќаните низ охридската чаршија со производи.



***120. Охридска чаршија – 1913 година***

***(Фотографија во сопственост на г-дин Владимир Тунтев)***

Како најразвиен занает во градот Охрид преставувало ќуркчиството, потоа кожарскиот занает, терзискиот занает, столарскиот, фурнаџирството итн.



***121.Фурна во охридската чаршија – 1913 год***

***(Фотографија во сопственост на г-дин Владимир Тунтев)***

За време на Првата светска војна како и како во периодот меѓу двете светски војни занаетчиството во градот Охрид опстанало но под нови потешки услови, организација и со нови карактеристики. Занаетчиските дејности биле присутни низ охридските дуќани но со намален интензитет.



***122.Занаетчиско - столарска работилница во Охрид – фотографија од 1938 година***

Покрај кожарската занаетчиска дејност доста развиена било и чевларство, самарџискиот и ќуркчискиот занает кој претставувал гордост за охриѓани. За тоа покажува и податокот дека охриѓанецот Димитар Точков уште во 1900 година изработил докторска дисертација под наслов: „Студии за трговијата со крзнени стоки и ќуркчиството во Охрид“.[81]

## 4.2.3. Стопанството во Охрид по Втората светска војна

Карактеристиките на стопанството во градот Охрид во периодот од 1945 година до 1991 година спаѓаат во карактеристиките на стопанството на Демократската Федеративна Република Југославија до 1943 година а подоцна и

[81] Ibid., 82

ФНРЈ и СФРЈ. Охридското стопанство преставувало дел од Македонското што преставувало пак дел од Југословенското стопанство. Со тоа Охридското стопанство имало директно влијание од економските состојби на Југословенското стопанство. Сепак стопанството низ цела територија на Југославија по 1945 година е во фаза на препород т.е. возобновување. По воениот период првите чекори кои се презедоа за развој на стопанството во Македонија и со тоа Охрид беа кон обнова на разурната земја од окупаторот и оспособување на стопанството за решавање на најактуелните потреби за опстанок на населението. Првите чекори за обновување на стопанството во Македонија беа во координација со Федерацијата за обнова на разурнатите стопански објекти. Во Охрид исто така се започна со обнова на постратешки објекти преку кои би се овозможило побрз развој на самото стопанство. Се започна со обновување на железничката пруга Охрид - Струга - Кичево - Гостивар, обновување на хидроцентралата Рамне над познатите Билјанини извори, голем број на претпријатија за производство на градежни материјали и др.[82] Во поширокиот административно-економски регион на Охрид основата на стопанството по Втората светска војна беше засновано врз активностите на индивидуалните занаетчиски дуќани кои постоеја пред војната но и опстанаа со појавата на државните задружни работилници и претпријатија.



***123.Занаетчиски работилници во Охрид – фотографија од 1982 година***

[82] Ibid., 98.

## 4.3. Образовниот систем во градот Охрид (1913-1991)

Образовниот систем во градот Охрид во периодот од 1913 год па натаму во годините што ќе следуваат ќе биде директно засегнат од воено - политичките како и државни интереси кои ќе се инволвираат во голем дел во Македонија. Сето тоа ќе создаде до повеќекратно менување на суштинското значење во охридскиот образовен систем. Со доаѓањето на српските војски во Македонија во градовите се воведуваше српско школство а се укинуваше сето она што претставуваше несрпско. Тоа во целост го менуваше и школскиот систем како и образовните кадри кои за волја на вистината биле доста малобројни меѓутоа и тесно поврзани со политиката и државниот интерес на соседните земји. Доаѓањето на српската војска во Македонија есента 1912 год. директно значеше и укинување на дотогашниот целокупниот образовен систем и воведување на српски школски систем. Се разбира од ваквиот процес во образовната област не беше изоставен ниту Охрид. Сепак, постојат и различни предуслови преку кои се создавала поволна клима за отворање на српски училишта на територијата на град Охрид. Тоа било важен предуслов за да се согледа желбата и волјата на народот за српскиот јазик а со тоа и образование. Затоа дел од просрпско ориентираните охриѓани започнале со активности за отворање на училиште на српски јазик. Таков е примерот со учителот Ѓорѓе Тасиќ, кој по фамилијарна и пријателска врска успева да придобие неколку семејства кај кои инсистирал своите деца да ги праќаат во новото српско училиште што ќе го отвори. Така, во септември 1891 година, Тасиќ без да ги консултира турските органи на власт во Охрид, а во согласност со дел од своите сограѓани и истомисленици, Леон Ставриќ и Димитар Грдан во закупената куќа на Ѓорѓи Каневче го отвора првото српско училиште во Охрид.[83]

Целокупниот процес на отстранување на се она што не претставува српско, доведе во образовната област во Охрид до тотален хаос проследен со тешкотии за изнаоѓање на кадровски, просторен како и јазичен кадар за развој и прокламирање на српското образование. Како други неприлики кои ќе се појават се понатамошните воени дејствија како и мирисот на Првата светска војна кој постојано се чувствувал и ширел. Сепак тоа иако претставувала отежнувачка околност за спроведување на српските реформи во школството во

---

[83] Митревски. Павле, Op cit., 12.

Охрид не смеело да биде и знак за целосно прекинување на тие реформи. Затекнатата состојба од страна на српските власти во образовниот систем во Охрид пред Првата светска војна била следна: поголемиот дел од школските згради биле во руинирана состојба, одредени згради кои започнале да се градат за школска потреба не биле завршени, таков бил случајот со новата гимназиска зграда започната со изградба од турската власт. Недостигот на кадар бил голем проблем бидејќи немало кој да учителствува. За да се подобри затекнатата ситуација српските власти спроведувале семинари за оспособување на учители за настава на српски јазик меѓутоа и оваа акција спроведувана од 1913 година не донела поголеми резултати. Статистичките податоци кажуваат дека во учебната 1914/15 година во Охридско работеле вкупно 12 училишта, од кои 4 во градот и 8 во селата. Вкупно имало 24 паралелки со 25 учители. Според извештајот на окружниот началник во Охрид работело и двокласно училиште со 115 ученици. Меѓу наставниците во ова прогимназиско училиште една година бил и идниот југословенски револуционер и државник Моша Пијаде.[84]Во годината 1915 кога српската војска заради воените неприлики се повлекува од Македонија, Македонија е окупирана од бугарските цивилни и воени власти. Следи процес на целосно преадаптирање на состојбата во образовниот систем. Тој процес без сомнеж се спроведувал и во Охрид. Охрид и охридскиот регион преставувал карактеристична област за развиток на образованието на бугарски јазик. Иако во екстремно тешки услови поради фронтовата линија која поминуваше низ Охрид сепак бугарските власти не изостануваа а да не спроведуваат образовната реформа во овој град. Ваквата ситуација траеше се до крајот на Првата светска војна. Новонастанатата ситуација по Првата светска војна на политички и воен план нема да донесе поголеми промени во образовниот систем во Македонија а со тоа и во Охрид. Иако Македонија сега е во составот на новата држава - Кралството на Србите, Хрватите и Словенците тоа нема да предизвика било какви промени во наметнувањето на српската реформа во образованието. И повторно сите тие процеси на воведување на српски учители, учебници итн. што преставуваа веќе видено пред Првата светска војна. Веќе видена беше и состојбата на училиштата во Охрид и Охридско. Повторени слики на разурнати училишта како и на простории каде што нема основни услови за одржување на

[84]Групче, Асен , Op cit., 27.

настава. Сепак овој период е доста значаен бидејќи српскиот хегемонизам на овие простори ќе биде во подолг период и свој одраз ќе има и во образовниот систем. Образовниот систем во Охрид и Охридско по Првата светска војна може да се подели на основно и средно образование. Во основното образование условите за работа беа на примитивна основа без кадровска и просторна можност за одржување на настава. Полоша состојба можело да се затекне во селските училишта затоа во селата започнува акција за отворање на нови училишта.

### 4.3.1. Образовниот систем во градот Охрид меѓу двете светски војни

Условите и самата состојба на училиштата во Охрид во периодот по 1918 година е незадоволителна. Единствено училиште погодно за настава во градот било „Св. Сава", додека другите работеле во руинирани згради како „Св. Наум", „Св. Ѓорѓи", „Св. Кирил и Методиј".[85]




***124. Училиште „Св. Кирил и Методиј" - Охрид***

Кон крајот на 20тите години градските основни училишта „Св. Наум" и „Св. Кирил и Методиј" биле затворени поради руинираноста на зградите, а учениците и наставниците беа префрлени во поранешната Гимназија „Св. Климент" до истоимената црква, а пак гимназијата се префрли во сегашната нејзина зграда.

[85] Ibidem.



*125. Училиште „Св Климент Охридски“ -- Охрид*



***126. Училиштето „Св. Климент Охридски“***

***(фотографија во сопственост на г-дин Павле Митревски од 1935 година)***



*127. Училиште „Св. Климент Охридски“- Охрид*



*128. Генерација ...... пред училиштето*

Средно образование во Охрид меѓу двете светски војни се остварува преку гимназијата и две стручни средни училишта - женското занаетчиско училиште и резбарското училиште.



***129.Средно училиште „Св. Климент Охридски“-Охрид***
***(фотографија во сопственост на г-дин Гоце Ангеличин)***

Отворањето на средното училиште ќе претставува чекор напред во образовниот систем во Охрид и пошироко. Оваа зграда е изградена во 1908 година по француски стил кој бил виден преку фотографија од француска зграда со неонеокласицистички стил а како инвеститор се јавил Ејуп Сабри кој живеел во Охрид. Зградата имала различна намена била за турска управа, војничка касарна а со употреба за образовни цели започнува во 1928 година. Во 1929 год. горните класови на Охридската гимназија биле укинати што се разбира допринесе до големо незадоволство кај населението па по една кратка временска пауза во 1935 год. во Охридската гимназија се враќаат горните класови. Гимназијата во 1939-40 год. имала 432 ученици и 19 професори. Во 1936 година двата поткровни ката ги зафаќа пожар и се губи првобитниот облик.[86]

---

[86] Ibid.



***130. Гимназијата во градот Охрид без двата поткровни ката***
***( фотографија од 1991 година)***

*Женското-занаетчиско училиште* во Охрид е познато и под името Радничка школа. Тоа преставувало своевидно традиционално продолжување на женските училишта кој ги пропагирала Бугарската пропаганда. Ова училиште е отворено кон средината на 20тите години на иницијатива на Драга Петровиќ (протиница Драга), жена на еден од српските свештеници кои биле дојдени во Охрид. Првобитно, училиштето работело во разни приватни куќи а во 1932 година се всели во новоизградената зграда до старата митрополија во Охрид.




***131. Драга Петровиќ со своите ученички - 1932 година***

Со време ова училиште прераснува од тригодишно во петгодишно. Како главни и стручни предмети се среќаваат кроење, шиење и везење. Како податок стои дека во училиштето учеле околу 100 ученици годишно.[87]Основна задача на Радничкото училиште била да ги подготви младите девојки за успешно водење на домаќинството.



***132. Драга Петровиќ со своите ученички - 1932 година (фотографија во сопственост на г-дин Владимир Тунтев)***

Училиштето престанува со работа по Втората светска војна. Значајно е да се напомене и фактот дека за овој и подоцнежниот период во градот Охрид за изучување на кројачкиот занает доста голема улога одиграл и кројачкиот салон на фамилијата Алчеви поточно на тројцата браќа Петар, Димитри и Никола Алчеви. Тие биле прочуени надалеку од Охрид, но за жал нивната прераната смрт не дозволила да го пренесат својот занает на голем број охриѓани.

[87] Ibid.




***133. Кројачки салон на фамилијата Алчеви - 1925 година***



***134. Петар Алчев со останатите кројачи од Охрид во 1925 година (фотографии во сопственост на г-дин Васко Алчев)***

*Резбарското училиште* во градот Охрид било основано/создадено од Бранислав Јованчевиќ, кој бил скулптор од Крагуевац, Србија. Тој се запознал со резбарските богатствата во македонските цркви пред се во манастирот „Св. Јован Бигорски" - Дебарско и дошол до идеја за обновување на

традиционалното македонско копаничарство. Најпрво својата иницијатива пробал да ја реализира во Дебар но безуспешно. Истраен во својата замисла Јованчевиќ отвора школо за резба во Охрид во 1928 година. Од самиот почеток школото било вечерно но поради се поголемиот интерес на младите кон резбарството тоа во 1932 година прераснува во редовна двегодишна школа со два оддела: резбарски и иконографски. Се поголем бил бројот на заинтересираните за посета на ова училиште па така тоа прераснува во четиригодишно а со тоа се зголемува и бројот на наставниците. Според извесни статистики и проценки низ резбарското училиште поминале над 100 деца кои претежно биле од месното население но имало и од другите градови. Како дел од оние кои се афирмирале како големи уметници а своите почетоци ги направиле токму во резбарското училиште се: Перо Калаџи, Славе Атанасовски, Наум Донејк, Хајри Доко, Славе Коцаре, Димче Јанко и други. Дел од нив го продолжиле своето школување како Андон Дуко, Димче Протугер, Васил Лахтов, Јелица Новиќиќ, Нико Този, Вангел Наумовски и др.[88] Резбарското училиште даде мотив за обновување на заборавеното резбарство како уметнички занает но и за стопанскиот развој на градот.



***135. Славе Атанасов - Крстанче***

[88] Ibid.





**136.** ***а)Таваница од хотел Палас Охридска резбарска школа***

***б)Фрагмент од иконостасот црквата Богородица Болничка - дебарска Резбарска школа, 19 век***

## 4.3.2. Образовниот систем во Охрид за време и после Втората светска војна

Со започнувањето на Втората светска војна, Охрид не беше имун на новата диктаторска политика која беше воведена во Македонија. Охрид е окупиран од бугарските цивилни и воени власти а селата од западниот дел од крајот на Дебрца и јужно од градот кон Св. Наум подпаднаа под италијанско - албанска окупација. Таквата положба ќе создаде свои последици и врз дотогашниот културно-просветен живот во Охрид. И повторно веќе виден процес преку кој се менува не начинот на учење туку материјата која се изучува во полза се разбира на оној кој управува и кој ја има државната власт во тоа време. Сите затекнати училишта Бугарите започнале да ги применуваат во изучување на бугарската национална историја, исполнета со профашистички и национални идеи. За таквиот начин на школување биле донесени поголем број на учители од Бугарија но не биле исклучок ни одредени Македонци кои ја прифатиле пробугарската политика. По ослободувањето доминантно било првенствено насочувањето кон создавање на услови за еволутивни промени во образовниот систем. Своевидната образовна еволуција започнала од најнискиот степен на образование па се до отворање на високо образовни институции.

Популацијата во Охрид а впрочем и во цела Македонија била доста конфузна кога е во прашање образованието. Изнемоштениот народ од слушање образовен процес на секаков јазик само не на својот мајчин веќе беше кренал раце од наука, па затоа првиот чекор на народноослободителната власт била враќање на желбата за образование и наука кај населението. Сликата со неадекватни простории за образование, руинирани згради па недостаток на кадар постоеле и во овој временски период, сепак сега се одело на долготрајно решение за тие проблеми. Во Охрид во 1962 - 3 година има 48 основни училишта со над 9000 ученици. Во средината на 80-тите во градот Охрид има 9 централни училишта со 18 подрачни а со вкупно 8119 ученици.[89] Во 1964 година се изгради и основното музичко училиште каде можат да се изучат неколку музички дисциплини. Во периодот по ослободувањето централно место во образованието на населението од градот Охрид па и пошироко претставувале средните училишта а пред се Гимназијата „Св. Климент Охридски". Во неа во учебната 1952/3 година учеле 490 ученици, во 1962 - 3 бројот на ученици прераснал на 707 , во учебната 1967 - 68 година на 823 ученици. Во 1971 година регистрирани се 1186 лица со завршена гимназија додека во 1981 година со завршена гимназија се регистрирани 2540 лица.[90] Покрај Гимназијата како значајни столбови за образованието на Охридското население преставувале и средните училишта:

-Средното техничко училиште т.е. Електро машински центар оформено во 1968 година.

-Угостителското училиште Ванчо Питошевски формирано во 1961 година.

Првенствено по ослободувањето во Охрид не постоела никаква идеја за формирање на виша или висока школа. За прв пат таква идеја се јавила по земјотресот во Скопје 1963 година кога имало потреба за дислокација на одредени факултети од Скопскиот Универзитет. Првенствено се размислувало за преселување на Филозофскиот факултет т.е. неговиот оддел за уметност да се пренесе во Охрид меѓутоа од непознати причини таа идеја не се остварила. Охрид како главен туристички центар во Република Македонија имал потреба

[89] Ibid.
[90] Ibid.

од понатамошно образование на кадарот кој излегувал од средното угостителско училиште па затоа се отворила Виша угостителска школа која понатаму прераснала во Факултет за туризам и угостителство. Со тоа Охрид се вброил во градови во Република Македонија со високошколска институција.

## 4.3.3. Институции од големо значење за градот Охрид оформени во периодот по 1913 година

-

**-Хидробиолошкиот Институт -Охрид**

Хидробиолошкиот институт се јавува како прва установа во Охрид од научен карактер. Овој институт е основан во 1935 година се со цел истражување на живиот свет кој живее во езерото како и квалитетот на самата вода. Целата идеја и ентузијазам за создавање на институтот била на југословенскиот еколог и лимнолог академик професор д-р Синиша Станковиќ. Првиот пишуван документ за Охридското Езеро датира од средината на 19ти век. Првите пак значајни откритија и научни истражувања се спроведени на почетокот од последната деценија на 20ти век. Угледните зоолози од Универзитетот во Виена F. Steindacher, K. Sturany откриле во Охридското Езеро извесен број ендемични видови риби и полжави.[91] За време на Втората Светска војна во Хидробиолошкиот институт работел само еден асистент. Процутот оваа научна установа го доживува по војната. Хидробиолошкиот институт во склоп на своето дејствување и работење еднаш годишно врши порибување во Охридското езеро со подмладок од Охридската пастрмка кои вештачки се одгледуваат во базените на институтот.

Институтот денес има повеќе истражувачки оддели и тоа:

-истражување на физичко-хемиските особености на водите

-акватична микробиологија

-фитопланктолошки и зоопланктолошки истражувања

-макрофитска вегетација

-бентална фауна и краповидни риби

-болести на риби и практично рибарство со мрестилиште

[91] Ibid.



***137. мрест на Охридска пастрмка***




***138. Местото каде што се изгради хидробиолошки институт - 1929 година***

***(фотографија во сопственост на г-дин Гоце Ангеличин)***



*139. Хидробиолошкиот институт во Охрид - 1934 година*



*141. Хидробиолошки институт - денес*

**-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј на град Охрид**

Институцијата Завод за заштита на спомениците на културата во градот Охрид првенствено започнала како градски музеј веднаш по народното ослободување. Кон крајот на 40те години со помош на Републичкиот завод за заштита на културноисториските споменици како музејски простор е приспособена семејната куќа на позната Охридска фамилија Робевци. Годината 1951 година се смета како почеток на функционирањето на музејот во град Охрид. Првенствено Охридскиот музеј броел три одделенија и тоа за археологија, историска и етнографска поставка но со тек на време бројот на одделенијата постепено се зголемувале. Кратко време во рамките на музејот

било и архивското средиште кое подоцна прерасна во самостоен Историски архив. Музејот на град Охрид имал и своја издавачка дејност со издавањето на зборникот „Лихнид", кој преставувал збир од трудови од наши и надворешни соработници на музејот. Сепак поради лошите финансиски услови зборникот во период од 1957 до 1990 година е објавен само во седум броја.[92] Како примарна цел на Музејот во град Охрид може да се вброи заштитата на старите објекти, конзервација и реставрација на знаменитости, откривање на археолошки поставки итн. Музејот одиграл голема улога и во издавачка дејност потпомогнувајќи дел од охридските и македонските научници во издавањето на трудовите. Како такви можат да се набројат: Павле Митревски, Христо Пољански, Никола Бошале, Борис Чипан, Паско Кузман, Цветан Грозданов, Васил Лахтов, Стојан Ристевски и др. Денес пред Музејот на град Охрид постојат големи предизвици од доменот на културата и историјата на град Охрид со што целосно се очекува да блесне со културно-историски сјај. Тука никако не смее да се заборави откривањето на Античкиот театар, градењето на црквата „Свети Пантелејмон - Плаошник" и пронаоѓањето на златната маска кои се вбројуваат меѓу најголемите достигнувања во поновата историја.



***142. Музеј на град Охрид***

[92] Ibid.

**-Историски архив на град Охрид**

По својата функција Архивот на град Охрид се надоврзува на Завод за заштита на спомениците на културата со својата задача да ја открива, собира, систематизира, чува и проучува архивската граѓа која се создава преку активностите на институциите и на одделни личности.



***143.*** ***Архив на град Охрид***

Архивот во Охрид има долгогодишен развиток. Првобитно е формиран како работна единица на Народниот одбор, односно на Народниот музеј а од 1954 година се осамостојува. Меѓутоа со оглед на неповолните просторни и кадровски услови за работа, архивот се развива бавно, така што дури кон крајот на 70тите и во 80тите години располага со своја современа зграда и со зголемен број на стручни кадри. Во 80тите неговата активност се одвива во три основни правци: заштита, евиденција и систематизација и истражување на архивскиот материјал. Во архивот е собран и релативно богат архивски материјал од 6 милиони документи распоредени во 461 фондови а од нив 119 се од 1941 година.

Меѓу нив има и десетици старословенски пишани споменици и 15.000 ориентални. Во Архивот е сместена и новооткриената оставина на поетот Григор Прличев, а дел од неа во 1989 година објави книжевниот историчар Стојан Ристевски во книгата „Григор Прличев - нови страници“.[93] Главно дејствување на архивот се уште е собирањето и средувањето на граѓата, како и истражувачката и со неа сврзаната издавачка дејност.

[93] Ibid.

# ГЛАВА ПЕТТА

## Културно - просветниот живот во градот Охрид во периодот од 1913 до 1991 година

### 5.1. Културата во градот Охрид (1913-1918 год.)

Знаејќи ја оскудноста на животот во период по 1913 година на територијата на Охрид а таков е случајот и со целата територија на Македонија тешко би било да се раскажува и сведочи за културни настани и процеси. Сепак и тоа малку што постои како историографски извор па и фотографски укажува на потребата на охриѓани за нешто подобро во животот па макар тоа подобро да е прикажано преку патувачки театар, преку одредени улоги одиграни од поединци итн. Сите тие служеле за момент да се оттргнат тешките мисли од политичкото, военото и сиромашкото време или невреме. Токму поради тоа не редок бил случајот при посета на одредени куклени престави и акробати да постои масовна посетеност. Тоа дури се бележело како културен настан за кој се зборувало со недели station наназад. Од сведоштвата на постарите лица а на кои им прераскажувале и нивните предци патувачките куклени театри па акробатите итн. биле задоволни само со топол искрен аплауз а не ретко биле наградувани и со некој домашен продукт.



***144. Акробатска претстава кај месноста Воска во градот Охрид***

Во време на полувоени и воени услови српската т.е. бугарската власт во Охрид и Охридско не изостанувала а да не прави извесни обиди за организирање на оптштествено - културниот живот. Во Охрид во 1914 година меѓу првите градови во Македонија под Србија бил организиран подбор на српското женско друштво „Коло српских сестара“ се со цел да се стимулира народниот вез и да се помагаат сиромашните ученици, но задната намера била да се внесува српскиот дух меѓу месното население.[94]

Бугарите пак од своја страна ги обновувале односно формирале свои друштва во Охрид преку кој ја потенцирале бугарската историја и шireле бугарската пропаганда. И српската и бугарската власт за обезбедување на јавен и културен живот под своја диригенција често се потпирале и на црквата, макар што во изворите е наведено дека од самиот почеток на српското владеење во декември 1912 година, во Охридската црква „Св. Богородица - Каменско“ новата власт била пречекана одбивно.[95] И покрај организирање на културно - општествен живот и од српска и бугарска страна, најчесто обоен со асимилаторски карактер, народот продолжил да ги одржува своите обичаи и традиција, остварувајќи го својот духовен живот колку што тоа дозволуваат воените прилики и тешката економска положба. Како најзначајни обичаи од верски карактер кои преставуваат столб на охридската култура се обичаите за крштевање, свадба и погреб во Охрид. Тие во целост се запазувале до крајот на Втората светка војна.

*Крштевање според Охридска традиција.* Штом се роди новороденче, таткото оди кај мајката на својата сопруга да и ја соопшти веста. Свекрвата пак пушта деца кај кумата. Во таа група има едно повозрасно дете кое кумата треба да му го каже името на новороденчето. Тоа дете е поверливо, името и го соопштува само на свекрвата, а на други не. Кумата децата што и јавиле за новороденчето ги почестува со бонбончиња. Крштевањето на новороденчето се прави првата недела или најдоцна до 40 дена. Брзо е крштевањето зошто до тој ден новороденчето не смеело само да се остава.[96]

*Свадба на охридски начин:* Бракот се склучува од љубов или преку стројници. При свршувањето се врши разменување на прстени, се дарува невестата со

[94] Група автори, Охрид и охридско... Op. cit., 282.
[95] Групче, Асен , Op. cit., 25.
[96] Интервју со протојереј Диме Кочовски за охридските обичаи.

обетки, медаљон и сл. По свршувачката младите се гледаат, а по одобрение на таткото од невестата можат да излезат и да посетат некои роднини и пријатели. Кога ќе одат во посета, домаќините ја даруваат невестата со кутија локум. Последната недела, пред свадбата зетот не смее да оди во куќата од невестата (свршеницата).За шега му се вели: „Зету, ќе ти ставиме самарче за да не можеш оваа недела да влегуваш в куќи". Четвртокот пред свадбата се треби јарма (бунгур). Се толчи пченица и се вари. Со неа се честат тие што ќе дојдат на свадба. На свадба се честат бонбони, ракија. За ручек остануваат најблиските и ними на поканата им пишува да дојдат на приќе, на ручек и само тие носат поклони. Петокот навечер пред свадбата се оди по приќето од невестата а Саботата навечер невестата прави моминска вечер. Доаѓаат девојки роднини и пријателки и цела ноќ се веселат. Невестинскиот фустан го купуваат родителите на невестата. Венчето го носи зетот во табака. На денот на свадбата прво се кани кумот. Кај него се оди со свирки и песни. Кумот каначите ги почестува со маџун (слатко од дуњи) леблебии и др. Кога се оди кај невестата, во нејзината одаја влегуваат свекрвата, застанувајќи од десната страна на невестата, па кумата која застанува од левата страна а пред нив е машко дете. Невестата е во налани. Деверот доаѓа со чевли за невестата. Во десниот чевел се тура малку вода. На невестата и се дава слатко и трипати ја поднапива деверот со водата од чевелот за животот да и тече како вода лесно и да е обнослива, да живее сложно со сите. Во десниот чевел се става пара. На прагот од родителскиот дом има ставено ѓум со вода. Кога излегува невестата, се зачекорува со десната нога и го турнува ѓумот и водата се истура за да и е добар патот и среќен животот во новиот дом. Од тие причини истото се повторува и при влегувањето на невестата во куќата на зетот. Невестата до црква ја носи братот или нејзин близок и детето што стоеше пред неа во одаја. Предавањето на невестата е пред црква. Тука се пазарат колку треба да плати кумот за да му ја дадат невестата и има мало натегање. Невестата ја презема помалиот девер и зетот па пред вратата на црквата ги дочекува свештеникот кој ги внесува во храмот. Роднините од невестата се враќаат од пред црква т.е. не влегуваат в црква.

Кај своите родители невестата не смее да оди додека на ја викнат на првиче, кое е се прави првата недела по свадбата.[97]

---

[97] Ibidem

*Обичаи при смрен случај во градот Охрид:* Најчесто пред смртта луѓето бараат исповед. Тоа се прави по желба на болниот. Ако сака тој, се вика свештеник, кој го исповедува и го причестува. Ова е за опростување на гревовите, да не се мачи. Исповедта дели: или оздравува или за неколку дена починува болниот. Смртта присутните ја прифаќаат мирно, без врева, без возбуди и бучни реагирања. Најстариот го капи починатото лице. Тој што го мие починатиот се дарува со кошула или сл. Се известува црквата на чие подрачје се наоѓа домот на починатиот. Таа тоа го објавува со биење на камбаната. Свештеникот или другите вработени во црквата ги даваат најпотребните упатства за следната постапка. Починатиот првата ноќ се чува. Роднини и пријатели, соседи доаѓаат во домот на покојникот. Палат свеќа и како поздрав за него или за некои нивни што ќе го „пречекаат" му редат некој шеј (пара, цвеќе, локум, цигари и др.). Меѓутоа тоа што му се реди на покојникот не се реди со него в гроб, туку останува за почестување на денот од погребот или при другите посети на неговиот вечен дом. По погребот се враќаат луѓето на кафе во домот на покојникот. Го испиваат кафето и си одат. На ручек остануваат само најблиските.[98] Преку наведените примери се укажува на типичните охридски традиции и обичаи за најрадосните и најболните моменти со кои се соочувале охриѓани низ животот. Дел од овие обичаи се негуваат и ден денес и се значаен двигател и продолжувач на охридската култура и традиција.

За зачувување, негување и пред се проучување на охридската култура главно место заземала охридската интелигенција. Таа како носител на културната дејност на Охрид во периодот до 1918 година е ангажирана во активности од воен и политички карактер, така што не е забележана некаква нејзина позначајна дејност на полето на културата и науката. Охридскиот писател и публицист Ефтим Спростан(ов) станува бугарски окружен началник во Охрид.[99] Дел од охридската интелигенција со политичките промени заминале од Охрид и Македонија некои на српска а некои на бугарска страна. Охриѓанецот Темко Попов во овој период продолжува да работи за српската власт но и останувaa да живее во Охрид. Иван Снегаров е вклучен во бугарскиот систем но во овој период се уште не се јавува со научни трудови од областа на историјата. Далеку во Швајцарија кон крајот на војната во 1918

[98] Ibid.
[99] Групче, Асен , Op. cit., 25

година на политичка сцена се јавува и охриѓанецот Анастас Коцарев, лекар и млад универзитетски професор кој заедно со група македонски интелектуалци од Македонија се залагал пред меѓународните форуми за признавање на Македонија како државен и политички субјект.[100]

## 5.2. Културните дејности во градот Охрид помеѓу двете светски војни

Културните дејности помеѓу двете светски војни најизразито се претставени преку вокалното и инструменталното музицирање, презентирано преку поединци или групно, професионално или аматерски. Во Охридската традиција и култура музиката има долга традиција, се пее на свечености, во куќи, на работа. Жанрот на репертоарот на музицирањето во овој период во Охрид е со преродбенски и револуционерен карактер. Во градот професионалните чалгаџиски групи како Садиловци, тајфата на Кркул и други се главни носители на програмите на масовните веселби.

### 5.2.1. Климе Садило и Охридските трубадури

Несомнено како главен претставник на музичката култура во Охрид е групата „Охридски трубадури". Таа била склоп на традицијата и новокомпонираните музички композиции во тоа време. Нивниот историјат започнува со идејата на охридскиот виртуоз на виолина Климе Садило. Затоа поради подетален и посериозен пристап на темата Охридски трубадури треба да се согледа и животниот пат на Климе Садило - творецот на трубадурите.

Климе Садило половина писменост ја здобил во грчкото а останатото во славјанското училиште „Св. Кирил и Методиј" во Кошишта. Татко му свирел виолина но не бил некој специфичен виртуоз. Уште како мал Климе пројавил желба за виолината и така на 16 годишна возраст татко му го испраќа во Битола да специјализира виолина кај познатото семејство со музички квалитети Лозанчевци.

---

[100] Група автори, Историја на македонскиот народ, том II, Скопје, 1969, стр. 418.



***145. Охридски трубадури***



***146. Климе Садило***

***(фотографии во сопственост на г-дин Никола Бошале)***

Останувало време да одат и по свадби, сунети, првичина како и на балови приредени од конзуларните претставништва во Битола. Од Лозанчевци ја купил и својата прва виолина. По враќањето во Охрид пробал битолската култура да ја наметне во Охрид но безуспешно. Традиционално во Охрид се свирело само лирски напеви, народни песни врзани за човечката судбина како и ора од типот чамче, калајџиско, пет пари шест пари и др. Климе секојдневно вежбал читал и ноти но главен бил талентот кој извирал од неговата душа. Мошне интересен бил бидејќи гудалото го држел со левата рака и со полно право се викало дека Климе Садило е Охридскиот Паганини. Бил човек со авторитет, достоинствен, ведар и секогаш со весело расположение. Во бракот со сопругата Славка Абраш имале шест деца: Павлина, Петрина, Димче, Маргарита, Борис и Милка. Синовите пробале да одат по стапките на татко си но за жал млади починале. Со толкаво семејство морало некако да се издржува куќата па Климе Садило ја формирал својата тајфа во состав: Климе Садило, Наум Курте, Спасител Пепелко и на дајре Чочег. Песните што ги свиреле ги учеле од познатиот чалгаџија Караѓуле. Покрај нив имало и конкурентска тајфа во состав Димче Карче, Тоде Кркул и Мемет Утчи. Тајфата на Климе Садило по потреба одела на свирење насекаде, свиреле и пееле најчесто во Охрид, Струга и с. Белица, Струшко. Биле присутни и во кафеаните Ориент и Летница во Охрид. Немало свадба или строј да не земат учество со својата чалгаџиска нота. Биле присутни на сунети кај турски семејства, првичина и разни себапи врзани за секојдневниот празничен живот во Охрид. Нивната популарност била најголема во 30тите години на 20ти век. Тие не можеле да одолеат на поканата да свират во Белград, тогашен главен град на Кралството Југославија. Се кандисале во кафеаната на Чекреџи, охриѓанец по потекло. Биле главен хит во Белград така што кон нив се приклучила и женска пејачка група.

Но времето си го носи своето. Во 30-тите години од минатиот век на сцена доаѓа американската култура и џезот. Така, Климе Садило имал поретко настапување пред публика. Но неговата упорност за афирмирање на традиционална музика на крај се исплатила.



***147. Охридски трубадури придружувани од женска пејачка група***

Во 50те години на 20ти век е излезена нивната прва лонгплеј грамофонска плоча во Њу Јорк - САД. Нивни запис има во Народниот музеј - Охрид. Дискографската куќа Југотон од Загреб во 60тите години на 20ти век ја пласира на пазарот малата грамофонска плоча со 45 вртења со неколку песни: За Фросина, За Деспина, и орото пет пари шест пари. Тогаш го добиваат своето службено име „Охридски трубадури".[101] Денес веќе кога ги нема Охридските трубадури во нивен спомен во Охрид постои фестивал на народна и популарна музика со наслов Охридски трубадури. На крај за Охридските трубадури и за Климе Садило може да се каже дека оставиле длабок печат во културниот свет во Охрид а со тоа во Македонија па и пошироко. Како најомилена песна на Охридскиот виртуоз Климе Садило е Фросино моме, па затоа во целост ја предавам:

[101] Бошале, Никола, Охридски трубадури, Завод за заштита на спомениците и музеј - Охрид, Охрид, 1998, 25.

## *Фросина мома*

*Фросина седит на врата,*
*зелен ми срсф везеше,*
*лицето си го везеше,*
*името си го писеше:*
*Фросина моме убаво.*

*Ете поминаа гавази,*
*гавази од Аљил-паша*
*на Фросина ја велеет:*

*Фросино, моме убаво*
*Покри си белото лице*
*Со копринена шамија,*
*оту те пулит Аљил - паша*
*од високите дивани,*
*со шарена дуљбија.*

*Гавази, џанам ѓавази,*
*јас галје си немам од паша,*
*јас си сум моме рисјанско.*

*Уште зборот недоречен,*
*Фтасале двајца сејмени,*
*Мисури од Аљил паша.*
*Ми кљукеет на вратата,*
*На Фросина ја велеет:*

*-Фросино, моме убаво,*
*здраво - живо од Аљил паша,*
*вечер да готвиш вечера,*
*одајче да го постелиш,*
*со џамфезлии миндери,*

*со кадифени перници,*
*со копринени пердина,*
*вечер ќе дојт Аљил паша*
*со дванаест гавази,*
*ти ними да и пречекаш.....*

*-Мисури, џанам Мисури.*
*Здраво - живо на пашата,*
*јас галје немам од паша:*
*Вечера вечер не готвам,*
*одајче јас не постењвам*
*со Џамфезлии миндери,*
*со кадифени перници,*
*со копринени пердиња,*
*оти сум моме рисјанско,*
*оти сум вера крстена,*
*Аљил паша не го сакам.*

*Ојдоа, му казаа на паша:*
*Аљил паша, Аљил паша,*
*Фросина гајле си немат,*
*вечера вечер не готвит,*
*ни пак те тебе пречеквит.*

*Сејмени, џанам сејмени,*
*Да одите кај Фросина*
*Главата да ја земите,*
*во табут да ја клаите,*
*шетајте ја по Битоља.*

*Фросина в полнош станала,*
*избагала во Охрида.*

Во периодот од 1918 година до почетокот на Втората светка војна во Охрид многу актуелна била и кафанската музика со ансамбли, за подоцна во доцните 30ти години во водечките угостителски објекти како хотелот на Радич или Белви да се појават модерни музички ансамбли од европски тип, а повремено настапувале и врвни естрадни уметници од земјата како Петре Богданов Кочко, Илија Џувалековски и др.[102] Ваквиот начин и забава за обичниот граѓанин на Охрид бил типичен до крајот на Втората Светска војна. За развиток на културата во Охрид допринесувале и различни музичко - драмски состави создадени во ентузијастички дух. Во Охрид  такви биле Друштвото „Билјана" и Друштвото „Вал". Првото ја имало поддршката од официјалната власт  но поради тоа не наишло на голем одек кај месното население додека Друштвото „Вал" беше создадено од месните, национално определени и прогресивни млади луѓе. Покрај музичка активност Вал прикажувал и драмски дела меѓу кои е забележана Цанкаревата позната драма: „Слугата Јернеј и неговото право" но режисерски приспособена за месните прилики или неприлики. Позната била репликата: Чија е оваа земја?![103] Заради таквата своја активност во 1938 година односно две  години по формирањето на друштвото Вал е забрането.[104]

## 5.2.2. Студентската колонија како дел од културно - политичкиот живот во градот Охрид

По забраната на Вал, прогресивната студентска и друга младина инспирирана во прв ред од КПЈ, настојува да користи секакви други пригоди и постојни облици на културна и општествена дејност за манифестирање на националните и прогресивни стремежи во прв план соборување на противнародната влада на Милан Стојадиновиќ, односно на Драгиша Цветковиќ и создавање влада на национална одбрана. Во тој поглед револуционерното младинско движење на Кралството Југославија во последните три - четири години спроти Втората светска војна силно се раздвижи  се организира и револуционеризира придружувајќи се најчесто на програмата на

[102] Групче, Асен, Op. cit., 38
[103] Реплика која имала политичко значење.
[104] Групче, Асен, Op. cit., 39.

Комунистичката партија. На Белградскиот Универзитет во почетокот на 1938 година се создаде Обединетата студентска младина и таа преставуваше значаен координатор на легална политичка борба зачувувајќи ги елементите на КПЈ И СКОЈ.[105]Организацијата на студентската младина од Универзитетот во Белград ќе одигра голема улога и во историјатот на градот Охрид со организирањето на т.н. Студентски колонии. На завидно ниво бил бројот на македонските студенти кои студирале на Белградскиот Универзитет, околу 500 студенти.[106] Тие биле движечка сила на македонската младинска интелектуалност и биле жедни своето знаење да го пренесат на тлото на родната земја а исто така да ги привлечат и голем број од другите студенти да дојдат во Македонија. Токму поради тоа за прв пат во 1938 година во Македонија т.е. во Охрид се организирала студентска колонија. Раководството на првата студентска колонија во Охрид го сочинувале Александар Христов, Анта Антиќ, Лазо Стефановски, Кузман Јосифовски. Студентските колонии организирани во Охрид имаа големо значење за самиот град и население кое живеело во него. Тоа се согледува од податоците што дури и самиот градоначалник на Охрид Анастас Чорбе дирекно бил инволвиран во организирањето на колониите во Охрид.[107] Значајноста на студентските колонии во Охрид била од различен карактер - туристички, кога студентите се запознавале со природните убавини на градот Охрид а со тоа и на Македонија, согледувајќи го фактот дека до 1938 година сите студентски колонии се организирале на море. Културно - забавниот карактер имал примарно место, кога студентите пред месното охридско население изведувале различни престави, рецитали итн. Политичката форма на студентската колонија имала затскриена форма односно била тајна и често и поголемиот дел од самите студенти не знаеле за одредено политичко дејствување преку студентските колонии а во агитација на КПЈ и СКОЈ. Најчесто најверните агитатори на КПЈ одбирале свои пулени меѓу студентите кои низ месното население со претходно добро припремен терен ја манифестирале комунистичката програма. Колонијата одиграла значајна политичка и културна улога сред охридското градско и селско население,

---

[105] Митревски, Павле, Студентската колонија во Охрид 1938-1940, Студентски збор, Скопје, 1985,15.
[106] Ibidem, 17.
[107] Ibid. 29.

особено низ младите. Крај на оваа политичка - културна творба на студентите беше илинденската манифестација во манастирот „Св. Илија“ над селото Велгошти, во 1940 година кога отворено се искажа незадоволството поради нерамноправноста на македонскиот народ во тогашната држава.

## 5.3. Културниот развој на Охрид по Втората светска војна

По народно ослободителната војна и повеќе од потребно било културното издигнување на народот. Тоа пред се било попотребно во помалите провинциски градови. Затоа во тој период се започнува со создавање на разни културни друштва и организации кои преку нивното дејствување ќе го зголемуваат културното просветување. Првенствено разгледувајќи ги културните манифестации и организации во Охрид се соочив со тешкиот факт од некогашното постоење на Охридски театар, факт со кој доколку би се направела паралела со денес би се заклучило дека денес сме посиромашни на културен план отколку по ослободувањето. Мојот заклучок се темели само на фактот што денес во Охрид не постои професионален театар. Токму тоа ми даде мотив повеќе да се задржам на театарскиот континуитет во Охрид од антиката до средината на 20тиот век и театарскиот дисконтинуитет денес. Како увертира ќе презентирам одредени факти од откривањето на античкиот театар во Охрид бидејќи тој е откриен токму во периодот кој го опфаќа оваа тема иако тоа според мое мислење премногу се занемарува и најчесто никаде не се споменува.

### 5.1.1. Антички театар





***148. Антички театар***

**О**хрид град на култура, религија, духовност..........

Големи и величенствени се епитетите за овој град. Неговите зданија од разноликостите во наведените доследности се сведоци за неговото континуирано продолжување и чување на значајното. Од тука потекнува културната големина на градот Охрид. Неможе да се замисли градот во кој антиката оставила траги од своето владеење да остане нем гледач пред културните зданија и објекти. Охрид преку антиката го наследил сенсот за културен начин на живот, за тоа сведочи Античкиот театар. Античкиот театар ќе преставува воведна увертира во подоцнежниот т.е. современ театар во Охрид. Со тоа се создава целосна континуираност на театарскиот живот во градот Охрид. Но најпрво за согледување на значајноста на овој објект потребно е и да се прецизира неговото откривање. Во дворот од црквата Богородица Болничка, археологот Н. П. Кондаков во 1900 година забележува две барељефни плочи. Овие плочи Кондаков ги определува како делови од декоративна пластика на фасаден ѕид од антички театар.[108] Г. Балашчев користејќи го податокот од Кондаков на просторот од црквата Богородица Болничка лоцира антички театар.[109]

Иван Снегаров пак го лоцира античкиот театар во дворот и под куќата на Ѓорѓалевци.



***149. Куќата на Ѓорѓалевци***

***(фотографија од фамилијата Божевци)***

---

[108] Маленко, Владо, Антички театар - Охрид, Нови Сад, 1981, 5.

[109] Ibidem

Ф. Месенел ја поддржува претпоставката на Снегаров а градењето на театарот хронолошки го одредува во првиот век од новата ера.[110] Група Охриѓани во 1935 и 1936 год. понесени од добиените сознанија превземаат див зафат, прокопуваат канал и стигнуваат до значајна античка градба. Во 1960-62 година познатиот археолог Васил Лахтов изврши сондажни испитувања со кои дефинитивно се потврди постоењето на античкиот театар во Охрид и се одреди неговата локација.[111] Античкиот театар се протега по улиците Григор Прличев и Браќа Миладиновци и тој простор кој зафаќа 4000 м2 а подигнати биле 8 станбени згради.



***150. куќата на Карајлиеви станбен објект над античкиот театар (Фотографија од г-дин Павел Карајли – Патка)***

[110] Ibid.
[111] Ibid.

Во 1977 год. се ослободи простор од 1660 м2 со што се создадоа можности за систематско откривање на театарот.[112]





***151. Куќата на Зоран Митровиќ-Бабе***

***Станбен објект под кој се наоѓала сцената на Античкиот театар***



***152. Староградска порта под која се наоѓала сцената на Античкиот театар – фотографија направена од холандски туристи - 1981 година***

---

[112] Ibid., 19.

### 5.3.1. Охридски професионален театар

Потребата од културно издигнување во повоениот период била повеќе од потребна. Токму поради тоа се правеле ентузијастички потези се со цел задоволување на културно - просветниот живот на народ. Иако времето било тешко и уште многу години подоцна ќе трае обновувањето сепак и во малите градови населени со 5 до 10 илјади жители желбата за такво издигнување не стивнувала. Ништо поразличен од другите градови не бил ни Охрид. И неговата потреба за културно издигнување била голема. Тој го носел пишаното богатство на големите Св. Климент и Св. Наум, Григор Прличев итн. Желбата за културно издигнување одредени луѓе биле одлучни да ја спроведуваат преку театарот. Мислејќи дека нивната идеја ќе биде пресудна за започнување на нов културен театарски поредок, во Охрид се започнало со здружување на луѓе вљубеници во театарот и создавање никулци на професионален театар. Како пред почеток на Охридскиот професионален театар можат да се престават одредени дилетантски групи кои го негувале драмското творештво. Аматерските групи како прва драма што ја со која се поздравиле била драмата на Војдан Чернодрински - „Македонска крвава свадба" во 1943 година. [113]



***153. Аматерска театарска група – фотографија од 1943 година***

[113] Кичеец, Благој, Насолзена завеса, градска библиотека „Глигор Прличев", Охрид, 2000, 15-17



***154. Којдан Чернодрински (на средина) – фотографија од 1943 година***

Под иницијатива на Охриѓанецот Димче Маленков за основање на Градски Народен театар во Охрид, предлогот е ставен на дневен ред на Извршниот одбор на општина Охрид на 09.01.1949 год. Во расправата по точката стои: Д-р. Димче Маленков, предложи да се основа градски театар. Изнесе потреба од ваква институција на културно -просветна работа. Истиот се прими едногласно.[114]



***155. Местото на градскиот театар***

[114] Ibidem, 15.

Тоа е датумот во кој градот Охрид добил свој градски театар. Како први професионални актери во охридскиот театар се јавуваат:

-Никола Христовски



-Насте Малезановски



-Наум Мандуљоски



-Благој Кичеец



На премиерата била изведена претставата „Кир Јана" на 19 април 1949 година во т.н. забавачница кај црквата „Св. Климент Охридски".[115]



***156. Учесници на првата премиера – фотографија од 1949 година***

[115] Ibidem, 17.

На влезот како предпрограма свиреле познатите Охридски трубадури предводени од познатиот Охридски виртуоз Садило.



***157. Ансамблот на Садило***

Низ репертоарот на охридскиот театар се прикажувале голем број на театарски престави од најразлични жанрови.



ГРАДСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР -- ОХРИД

СЕЗОНА 1952-53 ПРЕТСТАВА ______

прикажува НА ДЕН ______ прикажува

ЗОНА ЗАМФИРОВА

Пиеса во 4 чина со музика и песни од Ст. Сремац

РЕЖИЈА ЃОРЕ БОЧЕ

ЛИЦА:

| | |
|---|---|
| ХАЏИ ЗАМФИР | Г. БОЧЕ, Н. ХРИСТОВСКИ |
| ТАШАНА - жена му | Љ. ХРИСТОВСКА |
| ЗОНА - ќерка им | П. ИЛИЌ |
| ТАСКА - сестра на Ташана | Е. БОЧЕВА |
| ЧОРБАЏИ ЃАНГЕЛ | Н. МАЛЕЗАНОВСКИ |
| МАНУЛАК - син му | Н. МАНДУЛОВСКИ |
| МАНЕ - ќуженџија | Бл. КИЧЕЕЦ, Г. БОЧЕ |
| КОТЕ - калфа на Мане | Н. ТУНТЕ |
| ПОТЕ - чирак на Мане | Н. ХРИСТОВСКИ, Д. ТОМАНЧЕ |
| ВАСКА - измекарка кај Замфирови | М. МАНДУЛОВА |
| СТАВРЕ ЈАДЕ - најтошија | Вл. ШУЈБАН |
| ДОКА - тетка на Мане | Р. БОГДАНОВСКА |
| ЦИГАНИН - свирач | С. ДИМИТРОВСКИ |
| ЦИГАНИН - свирач | Э. ЦВЕТКОВСКИ |

СУФЛЕР: Л. ПАЧАЏИЕВА

ТЕХН. РАКОВОДИТЕЛ П. ПЕТРОВСКИ

***158. Плакат за прикажување на претставата „Зона Замфирова“ од страна на Охридскиот професионален театар***

# ГЛАВА ШЕСТТА

## 6.1. Туризмот и промените во културата на живеење како и промените во традициите на градот Охрид

Охрид е град на вековите - ризница на минатото!

Тој е град на туризмот и одморот. Извонредната местоположба, брегот на големото и мирно езеро, пријатната и здрава клима како и непроценливото културно наследство од преку стотина споменици секоја година привлекуваат се повеќе и повеќе посетители. Пријатните плажи и јужното сонце создаваат дење впечаток на морско одморалиште, додека неговата надморска височина и планините што го опкружуваат даваат ноќе свежина на планински краишта. Најпосле во Охрид можат да најдат задоволство сите љубители на историјата, уметноста и археологијата. Сите тие можат да го согледаат процесот на осовремување на денешен Охрид и да го споредат со она што тој некогаш претставувал. Промените на традициите и начинот на живот во Охрид директно зависат од модернизацијата и поставување на нови, светски стандарди во сите домени на функционирање на градот. Токму поради тоа е важен и патот на осовремување на градот кој започнал со модернизација на туристичките гранки и дејности.

## 6.2. Осовременувањето и модернизацијата на превозните средства низ Охридското Езеро во периодот 1913-1991 година

Охридското Езеро е од витално значење за животот на граѓаните на Охрид. Денес меѓу жителите на градот Охрид можат да се видат и препознаат разни обичаи и навики кои се од постаро време а се поврзани со Охридското Езеро.



***159.Панорамска разгледница на стариот дел на Охрид и Охридското Езеро - 1912 година***

Така на пример постарите жители на градот Охрид се сеќаваат на времето кога низ водите на Охридското Езеро пловеа стари дрвени чунови.

**-Охридски чун**



***160. Охридски чун –ретуширана фотографија од 1913 година***

Охридскиот чун се изработувал од буково дрво и имал должина од 4 - 6 метри и ширина околу 1.50 метри. Употребата на Охридскиот чун (кој се спомнува пред триста и повеќе години) била за разновидни дејности. Покрај основната намена за риболов, служел и за пренесување на разни стоки и патници. Многу често се пренесувале дрва од Галичица за пазарот во Охрид а оттаму се купувало храна, жито и колонијална стока за жителите во крајбрежните селски населби. Неговата употреба нагло се намалува со почетокот на Првата балканска војна во 1912 год, кога во Охридското Езеро се појавуваат чамци за воена употреба. Неговата употреба ќе биде во се помали размери, земајќи ги во предвид цврстината на железните чамци како и модернизацијата во тоа време. Првиот моторен чамец во Охридското езеро бил забележан во 1912 година по ослободувањето од турското ропство.[116] Набавката на чамецот исклучиво била поради воени цели. За воени цели во периодот од 1920 година до 1935 година биле донесени уште пловни објекти.

## 6.3. Бродови низ Охридското Езеро во периодот 1913-1991 година

Првиот брод во вистинска смисла на зборот во Охрид е донесен од страна на охриѓаните Ѓорѓи Филипче и Борис Фортомар. Бродот бил наменски односно се користел за поштенска врска помеѓу Охрид и Поградец т.е. меѓу тогашното Кралство на СХС и Албанија. Бродот бил донесен во делови во Охрид а потоа бил склопен во охридското пристаниште именуван „Корзика" и пуштен во водите на Охридското Езеро.[117] Бродот по димензии не бил многу голем но сепак тој претставувал ново превозно средство за охриѓани низ езерото, а од нивните сведочења се заклучува дека возењето било многу убаво и брзо.

[116] Ставриќ, Никола, Развојниот пат на езерскиот сообраќај на Охридското езеро, Зборник Лихнид, Охрид 1983, 211.
[117] Ibidem, 215.



*161. Бродот Корзика – позајмена фотографија од Капетанија на град Охрид*

Иако во повеќе литератури за градот Охрид се споменува дека бродот Корзика всушност е денешниот брод Македонија сепак тоа не е точно. По бродот Корзика кој бил своевременска еволуција и атракција, низ водите на Охридското езеро се започнало со масовно модернизирање на пловните објекти. Сепак мора да се напомене дека бродот Корзика го надминале поубави, помодерни и побрзи бродови. Тој паднал во заборав кон 50те години на 20 век и долго бил укотвен кај познатиот Охридски канал. Од друга страна пак како што напоменав веќе се започнало со користење на помодерни бродови, бродови кои со развитокот на туризмот првенствена намена им била превозот на патници, па така во 1937 година бил донесен бродот „Краљ Петар“.[118] Бил монтиран - склопен во Охридското пристаниште со делови донесени од бродогралиштето во Смедерево.



***162. Бродот „Краљ Петар“ (фотографии од 1939 година)***

[118] Филиповски, Јонче, Op. Cit. 79.

Низ времето бродот добивал разни имиња во зависност од самиот сопственик како и од политиката во тоа време. Така бродот после името „Краљ Петар" го добил името „Балкан", па „Скопје" а денес се вика „Македонија".[119]




***163. Склопувањето на бродот „Краљ Петар"***



**164.** ***Брод „Скопје"***

[119] Стојановски, Илче, Op. Cit, 10.




***165. Брод „Скопје"***




***166. Денес бродот го носи името „Македонија"***

Неговиот капацитет изнесувал до 200 патници во тоа време и околу 10 тони носивост.[120] Со овие бродови се направил и зачетокот на езерскиот сообраќај на релација Охрид - Поградец, Охрид-Струга, Охрид - Свети Наум. Овие бродови по ослободувањето претставувале основа за продолжување на езерскиот сообраќај.

[120] Ставриќ, Никола, Op. Cit , 215.

## 6.4. Угостителски објекти во градот Охрид во периодот 1913-1991 година

Угостителството иако е сродна и најважна гранка во туризмот сепак таа во периодот од турското владеење до крајот на Првата светска војна не била или многу малку била развиена. Охрид можел да го заземе првото место на Балканскиот полуостров во туризам и угостителство. За тоа се залагале и српските власти меѓутоа за да се постигнело тоа требало многу работи да се направат. Се предлагало да и се додели на општината процент од сумата која се добивала со правото за користење на риболовот во Охридското езеро и со собраните средства да се започне работата за урбанизирање на градот Охрид. Во таа смисла нешто е сторено во Охрид по Балканските војни, регулиран е езерскиот брег меѓутоа паричните средства не биле доволни за продолжување со инвестирање во инфраструктурата на градот. Се направиле мали инфраструктурни зафати како на пример на местото на растурените турски гробишта, во центарот на градот бил направен парк.[121] Сепак, за развиток на угостителството во Охрид многу ќе допринесат и приватните угостителски објекти кои ќе започнат да се градат по теркот на големите велепни градови. Охрид ја имал основата за туристички центар, убаво езеро со убави и песочни плажи, историско-културни знаменитости. Недостасувала само инфраструктура со која ќе се угостел и сместел целиот туристички капацитет. Затоа не ретко дел од охридското население се зафатило и целосно се предало на градење хотели и кафеани се со цел заработување преку туризам. Многубројни биле трговците авантуристите и туристите кои доаѓале во Охрид. Токму поради тоа се зголемил и бројот на сместувачките капацитети и угостителски објекти. При преглед на бројот на хотели и кафеани во Охрид во континуитет од 1913 до 1991 година може да се донесе заклучок дека се поголем бил и бројот на посетителите. Како позначаен хотел и преноќиште во Охрид во 1913 година бил хотелот „Солун" или попознат како „Кај баба Ката". Стациониран бил кај денешниот рибен ресторан на самиот плоштад во градот.

[121]Тодоровски, Глигор, Op. Cit, 119-120.

 

*167. Хотел „Солун“ 1913 година (кај баба Ката)*

Покрај хотелот „Кај баба Ката“ за угостување на туристите како на самите охриѓани постоела кафеаната близу црквата „Св. Софија“ кај денешната куќа на фамилијата Циглови.



*168. Кафеана близу Св. Софија - 1913 година*

Во неа најчести посетители биле повидните и побогати граѓани од стариот дел на градот Охрид. Во 20тите години на 20 век доста значајно место од угостителски карактер преставувал „Анот на Наневи“ во сопственост на Никола Нанев. Неговата местоположба била на сред охридската чаршија.[122] Пред Првата светска војна за прв комфорен хотел во Охрид важел хотелот

[122] Сведочење на Никола Нанев, внук на сопственикот на анот.

„Локантото" со 3-4 соби.[123] Овој хотел за тоа време бил прилично современо опремен со мебел кој бил обезбеден од Солун и Виена и го привлекувал вниманието на странските посетители на градот Охрид. Овој хотел претставувал понатамошен поттик за развој на туризмот во Охрид.[124] Првиот модерен хотел во Охрид по европски терк го изградил Андон Радиќ во 1924 година. Тој хотел се наоѓал на самиот плоштад на градот Охрид.[125] Андон и неговиот татко Стефан Радиќ го продале местото оставено од нивните предци кај маалото Месокастро и го купиле местото на градскиот плоштад за да се занимаваат со угостителство. Хотелот располагал со 18 убаво наместени соби, купатило и тераса. Имал свој ресторан со првокласна домашна и европска кујна.[126] Својствено на тогашното време и политика по изградбата на хотелот кој бил најлуксузен во Охрид па и пошироко знаејќи го фактот дека тука доаѓале посетители и од други градови, за да опстане со добра заработувачка тој често се преименувал се со цел да се прилагоди на политичките услови. Така за време на српското владеење хотелот се именувал во „Српски краљ" за подоцна за време на бугарската окупација да се преименува во „Сан Стефано" и на крај го носел името „Ориент".



***169. Хотел „Српски Краљ" - 1934 година***

[123] Филиповски, Јонче, Op. Cit , 80.
[124] Карчев, Петар, Op. Cit, 67-71.
[125] Поранешно житно пазариште, сегашен парк пред рибниот ресторан.
[126] Филиповски, Јонче, Op. Cit, 83.

Покрај хотелот Сан Стефано значајно место во хотелиерството во градот Охрид заземал и хотелот „Турист". Неговата атрактивна местоположба на самиот езерски брег ги привлекувал подеднакво и домашните и странските туристи. Хотелот располагал со 20 убави наместени соби и купатило а имал и своја сопствена кујна, тераса, бавча и гаража. Сопственик на хотелот Турист бил Зубер Доко.[127]




***170. Хотел „Турист" 1948 година***



***171. Хотел „Турист" 1948 година***

---

[127] Ibidem, 86.

Во 1948 година со процесот на национализација кој се спроведувал на цела територија на Југославија а со тоа и во Македонија а со тоа и во Охрид, хотелот Турист ќе биде одземен од сопствениците поради потребите на државата. Набрзо тој ќе биде срушен и на неговото место ќе биде изграден најлуксузниот и најголемиот хотел на Охридската ривиера хотелот „Палас".



***172. Хотел „Палас" - фотографија од 1962 година***

-Хотелот „Белви" е изграден во 1934 година и веќе Охрид претставувал значајна туристичка дестинација со два видни хотели кои привлекувале и голем број на туристи. Неговата атрактивна положба ги привлекувала туристите за тамошен престој.



***173. Хотел „Белви" 1950 година***




***174. Ценовник од хотел Белви***

Хотелот и кафеана „Велика Србија“ се основани во 1920 година. Нивната местоположба била е во близина на охридскиот плоштад - Чинар. Сопственици биле браќата Климе и Никола Филеви. Во оваа кафеана се зборувало дека најдобро се спрема познатата охридска пастрмка на типично охридски начин што всушност преставувало и посебен специјалитет за кој биле заинтересирани туристите.




***175. Чинарот со маса од кафеаната „Ориент“***

Туризмот полека но сигурно во 30тите година на 20тиот век го земал приматот на главна стопанска дејност. Но сепак за да се привлечел доларскиот магнат, џентламент Англичанец, галантниот Французин, љубопитниот Германец и авантуристичкиот Холанѓанец, Охрид требало да обезбеди определен комодитет кој се уште го немал. Се започнало со реновирање на веќе постоечките хотелски сместувања и градење на нови. Веќе на повидок биле и странски туристи. Според податоците од друштвото „Патник" од 1930 година Македонија а поголемиот број од нив Охрид го посетиле околу 15.854 лица. Од тој број 9102 биле Југословени, 3960 поминувачи од другите балкански држави, 145 Австријци, 166 Чехословаци, 440 Англичани, 206 Французи, 12 Италијанци, 22 Унгарци, 752 Германци, 11 од нордиските држави, 23 Полјаци, 576 од другите европски земји, 12 од Јужна Америка, 73 од Северна Америка, 49 од Африка и 2 од Австралија.[128] Со оглед на тоа што Охрид се наоѓал на важна трговска сообраќајница а бил и наделеку познат по своите идеални климатски услови и се разбира културно - историски вредности се започнало и со едукативно посетување на градот Охрид. Прва организирана туристичка група во Охрид била група студенти од Филозофскиот факултет во Скопје, што во 1927 година ја организирало Академското друштво при факултетот, чиј секретар бил професор Ѓорѓи Шоптрајанов.[129] Посебна заслуга за развојот на туризмот во Охрид меѓу двете светски војни имаат студентите од Белградскиот универзитет. Од 1938 година до 1940 година секое лето во претходно организирани студентски колонии од сите простори на поранешна Југославија летувале во Охрид. За нивна организација и престојот во Охрид се грижеле македонските студенти кои студирале во Белград.

## 6.5. Охридски плажи низ периодот од 1913 до 1991 година

Значаен сегмент за развитокот на Охридскиот туризам во периодот од 1913-1991 година се и самите плажи на брегот од Охридското езеро. Имајќи ја улогата на главен предуслов за привлекување на туристи - посетители,

[128] Мировски, Тодор, Стопанството на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Скопје, 1998, 235.

[129] Смилески Димитар, Првата организирана туристичка група во Охрид, Езерски глас бр.49. Охрид 1 јуни 1977,

охридските плажи самите по себе претставувале своевиден белег а воедно и дел од културно - историското катче на Охрид. Низ времето нивната популарност се зголемувала или намалувала создавајќи еден внатрешноградски ривалитет, меѓутоа она што е важно е дека секоја охридска плажа претставува дел од историјатот на охридскиот туризам. Нивната разновидност била и е голема, дел од плажите се богати со песок додека на дел како заштитен знак им се камењата. Како најстара а можеби и најпозната плажа на градот Охрид е плажата Канео.



***176. Плажа „Канео"***

Примарноста што ја има оваа плажа пред другите е во традицијата и долговековното постоење.




***177. маалото и плажата „Канео"***

Покрај тоа што се смета за најстара бидејќи и припаѓа на населбата Канео која важи за најстара населба во Охрид, плажата е позната и по црквата „Св. Јован Канео", стрмната карпа наречена „Кукуле" како и по острите камења кои се наоѓаат на самиот брег а и во водата со што неа и даваат кристално чист сјај.



155. Черквата Св. Иванъ. — L'église de Saint Jean.

***178. Плажа „Канео" со црквата „Св. Јован" и карпата „Кукуле"***



***179. Плажа „Канео"* - 1986 година**

Посебно место за туристите преставувала плажата покрај брегот на Охридското Езеро од плоштадот па се до Охридскиот канал. Со градењето на хотелот „Турист“ и хотелот „Белви“ таа плажа добила примат кај посетителите.



***180. Охридското крајбрежје***



***181. Охридска градска плажа***

Со изградбата на Охридското пристаниште во 1918 година плажата добила значајна улога како езерска сообраќајна станица на тогашните релации Охрид - Подградец - Охрид, Охрид - Струга - Охрид.



*182. Градење на Охридското пристаниште - 1918 година*

Набрзо тука се направил познатиот Охридски кеј и главната намена на плажата се преправила во шеталиште.




*183. Панорама на охридскиот кеј*

По Втората светска војна приматот на посетеност на охридските плажи го има т.н. „Градска плажа“.



***184. Градска плажа - 1936 година***

Градската плажа била препознатлива по ситниот песок и голем број на странски туристи пред се Холанѓани. Таа била најмодерна и најатрактивна се додека не се приспособил езерскиот појас од охридскиот канал па се до манастирот „Св. Наум“ со европските туристички стандарди од каде ќе произлезат и плажите кај месноста Св. Стефан, Лагадин, Пештани, Градиште, Трпејца и Св. Наум.



***185. Плажа и хотел „Св. Стефан“***

## 6.6. Фотографии на историско - културни споменици како значаен сегмент во охридскиот туризам во периодот од 1913-1991 година

Црквите изградени во градот Охрид преку нивното постоење сведочат за верскиот карактер на градот во периодот од 1913-1991 година. Оттука произлегува и неговиот вечен епитет за втор Ерусалим. Охрид го добил и епитетот „свето место". За тоа, целата заслуга ја имале 365те цркви кои постоеле во градот Охрид а секоја засебно според преданијата била посветена на одреден светец во одреден ден од годината. За жал, денес тој број на цркви е повеќе од преполовен, сепак значајноста на црквите во Охрид е од примарно значење. Тие претставувале главни верски објекти, културно - историски споменици, значајна туристичка атракција.... Дел од нив се сведоци на минатото преку нивното долговековно постоење како црквата „Св. Софија", „Св. Богородица Перивлепта" а дел преку својата нова градба ја носат безвременската верска сторија како црквата „Св. Пантелејмон Плаошник". Секоја од овие цркви има засебна сторија.

***Црквата „Света Софија"***

Црквата Света Софија претставува најрепрезентативен охридски културно-историски споменик од средниот век, изграден во единаесетиот век. Во 1317 година како задужбина на архиепископот Григориј е подигната надворешната припрата на црквата, чија западна фасада според својата монументалност и архитектонско решение претставува еден од ретките споменици на византиската уметност. Фреските се настанати помеѓу 11 и 14 век. Најстарото ѕидно сликарство се наоѓа во централниот дел на црквата и во приземјето на припратата, галеријата на надворешната припрата и црквичката Свети Јован Претеча се сликани на трипати во 14 век. На катот од припратата на северниот ѕид, на мечот на архангелот во композицијата Покајание Давидово од 14ти век е откриено името на Јован Теоријанус, првиот познат сликар на оваа црква.

Во 15ти или 16ти век црквата по извесни уривања и преградувања е претворена во џамија. Тогаш фреските се варосани а внатрешноста приспособена за исламски верски обреди.



***186. Црква „Св. Софија“ – Охрид***

Помеѓу 1949 и 1956 година се исчистени сите фрески во црквата Света Софија и и се враќа првобитната намена како православен верски објект. Од 1960 година во црквата се одржуваат концерти на класична музика и таа е значајно културно историско место на градот Охрид.




***187. Црква „Св. Софија“ - Охрид***

***Црквата „Света Богородица Перивлепта"(Св. Климент)***

Црквата „Света Богородица Перивлепта" (Свети Климент) е изградена во 1294 година. Значајна е по тоа што кон крајот на петнаесетиот век во оваа црква се пренесени моштите на Свети Климент од црквата Свети Пантелејмон, бидејќи таа била претворена во џамија. Со овој чин црквата Света Богородица – Перивлепта се преименувала во Свети Климент. Во однос на внатрешноста на црквата значајно е тоа што сликарството на фреските е на Михаил у Евтихиј. Чадот од свеќите и кандилата што се таложел со децении го прекрил целиот живопис сепак фреските се исчистени помеѓу 1950 и 1960 година. Таа претставува значаен верски и историско – културен објект низ периодот од 1913 до 1991 годиа, посетуван од голем број домашни и странски туристи.



*176. Черквата Св. Климентъ. — L'église de Saint Clément.



***188. Црква „Света Богородица Перивлепта"(Св. Климент)***

*Црквата „Свети Јован Канео"*

Оваа црква е подигната на стрмна карпа над Охридското Езеро и потекнува според најновите откритија најверојатно од крајот на 13 век. Во куполата на црквата во текот на 1963 година се откриени средновековни фрески. Токму тие преставуваат и главна причина за огромен број на посетители на оваа охридска црква. Значајно за црквата „ Свети Јован - Канео" во тематскиот период од 1913 – 1991 година е тоа што во 1920 година на црквата и се доизградени конак и камбанерија. Но истите биле срушени во 1963 година, со што црквата го добила својот првобитен изглед. Сведоци за доизградбите на црквата Свети Јован Канео денес се фотографиите.



155. Черквата Св. Иванъ. – L'église de Saint Jean.

***189. Панорамска разгледница на црквата „Св. Јован – Канео"***



***190. Црква „Св. Јован – Канео" и плажа „Канео"***

## 6.7. Туризмот во градот Охрид по Втората Светска војна

Туристичко - угостителската дејност во почетните години по Втората светска војна беше условено и ги изразуваше карактеристиките на стопанството во регионот на кое многу големо влијание имаа стопанските основи и состојби. Први инвестициски вложувања во областа на угостителството и туризмот по Втората светска војна во Охрид се остварени во мај 1946 година кога градскиот народен одбор на Охрид и Министерството за трговија и снабдување на НР Македонија одобрија 500 илјади стари динари за реновирање на хотелот Белви. Тогаш е уредена и плажата Грашница.[130] Во 1946 година се направени и првите чекори за унапредување на приватното сместување. Од страна на градскиот народен одбор на градот Охрид биле доделени креветски чаршави на лицата кои издавале соби а биле регистрирани околу 200 кревети во приватното сместување.[131]

Во 1949 година во Охрид е формирано „поверенство" за туризам како орган на Народниот одбор на општината Охрид потоа е основана Комисија за унапредување на туризмот како и туристичкото друштво „Билјана" која ги обединувала станоиздавачите.[132] Процесите за децентрализација кои започнаа во вкупното стопанство по 1954 година ја опфати и туристичката дејност во Охрид. Советот за стопанство на градската општина Охрид беше органот кој ги следеше состојбите па според тоа на 19 јануари 1954 година беше предложена реорганизација на Охридското угостителство. Постојното претпријатие за угостителствоо и туризам Охрид се подели на четири самостојни дуќани кои подоцна ќе имаат голема улога во афирмацијата на угостителството и туризмот во Охрид. Тие дуќани се:

-Угостителски дуќан Горица

-Угостителски дуќан Белви

-Угостителски дуќан Ориент

-Угостителски дуќан Летница.

Процесите на афирмација на туризмот во Охрид продолжуваат и во наредниот период со создавање на нова стопанска структура во Охрид. Во 1958 година

---

[130] Филиповски, Јонче, Op. Cit, 108.
[131] Ibidem, 109
[132] Ibid.

покрај постоечките хотелски капацитети градот Охрид се збогатил со уште еден хотел - хотелот „Палас“ со што почнале да се остваруваат активности за развој не само на домашниот туку и на странскиот туризам. Покрај инфраструктурата во Охрид со градење на репрезентативни хотели во овој период голема важност за привлекување на странски туристи и развој на туризмот во Охрид ќе одиграат и одредени манифестации како што бил Охридскиот маратон во 1962 год. Како значајна претпоставка за развојот на туризмот преставуваше и претпријатието за аеродромски услуги Аеродром - Охрид во 1968 година.



***191. Изградба на охридскиот аеродром 1955-1960 година***



***192. Изградба на охридскиот аеродром 1955-1960 година***



***193. Промотивен лет на Охридскиот аеродром на 08.06.1970 година***

Со прифаќањето на идеите за развој на туристичките активности и реализација на истите се зголемувале и сместувачките капацитети. Туризмот во 70 те години на 20тиот век започна да се издигнува како водечка гранка на стопанството. Со голем број на расположливи капацитети на постојните туристички објекти и со неограничен број на приватни легла, можело да се обезбеди сместување за 14.327 посетители на Охрид дневно.[133] Како главни носители на во туристичката организација во тоа време се јавувала угостителската организација „Палас“ која настанала со припојување на угостителските дуќани „Летница“, „Орце Николов“ и др. Се започнало и со стратешко планирање за привлекување на туристи посетители, што преставувало значаен потег за голем развој на Охридскиот туризам во 80тите години на 20тиот век. Во тој домен голем бил бројот на подобрени туристички субјекти со кадровска структура. Голем број на парични средства биле вложувани за проширување и осовременување на комплексот Палас за 350 легла, Орце Николов за 250 легла, проширување на кампот Св. Наум со 100 нови приколки и кампот Елешец и автокампот Андон Дуков со 150 приколки.[134] Порастот на сместувачките капацитети во угостителските организации, во кои беа концентрирани објекти со највисоки категории на легла беше обезбеден со многу програмски економско докажани инвестициони вложувања од страна на работните организации Палас, Метропол и Инекс Горица од Охрид. Изградувајќи содржинска и конзистентна политика за туристичката понуда, како што беа природните и антропогените туристички вредности од една страна и валоризирајќи ги понапред идентификуваните сместувачки капацитети како фактор за развој на туризмот, од друга страна Охрид се претвори во туристички центар кој го има приматот во туризмот на Република Македонија до 1991 година а и подоцна.

[133] Ibid., 179
[134] Ibid., 192.

# ЗАКЛУЧОК

Откривањето на историскиот циклус на градот Охрид и негово претставување со фотографски запис е комплексен процес воден со многу перипетии и разврски. Создавање на труд исполнет со фотографии и преставување на најзначајните својства и особини на истите како дел од историскиот развој на градот Охрид во периодот од 1913 година до 1991 година преставува сатисфакција, исполнета со соочување безброј недостатоци во текот на целото спроведување. Недостаток на фотографии, недостаток на зборови и изрази за да се постигне целосниот ефект на трудот за временскиот континуитетот на градот Охрид од 1913 до 1991 година. Главен предуслов за добар почеток на трудот претставуваше доброто прифаќање на историските процеси од пред 1913 година и како добар услов за завршеток претставуваше предавањето на историскиот континуитет до 1991 година за понатамошно историско истражување во најновата историја на градот Охрид. Од друг аспект пак трудот може да преставува мотив за понатомошно истражување и одгатнување на голем број мистерии од историјата на градот Охрид. Може да претставува и значаен поттик за создавање на трета монографија за градот и притоа да биде цврста основа за историјатот. Материјата основно поделена на два дела кои од стручен аспект може да се поделат на архивски и историски создаваат добро исконструирана тема значајна за двата вида науки.

Во Првиот дел - архивистичкиот во кој се опфаќаат главните особини и карактеристики на фотографијата како запис, се допира до едно голема архивистичка тематика за која се повеќе се очекува да се истражува и обработува. Покрај одредени натписи и каталози од македонските фотоклубови, фотографијата како тематика е опфатена посериозно од Македонската Академија на Науките и Уметностите во делото „Фотографијата и Филмот на почвата на Македонија". Оттука може првиот дел - архивистичкиот од овој труд да се смета и како еден од ретките во кој покрај особините на фотографскиот материјал се согледува и појавата и употребата на фотографијата воопшто на територијата на Република Македонија а подетално во градот Охрид. Зачетокот и основата е создадена за проучувањето на фотографскиот запис како архивски запис. Дополнително со други трудови ќе треба да се проширува и дополнува

оваа тематика, секако дека со тоа ќе се допринесува во промената на човековата свест за согледување на фотографијата според важноста т.е. како документ. За тоа сигурен сум дека ќе следат уште многу трудови од уште многу генерации на кои според мене им се оставени безброј на полиња за истражување и објаснување на поимот фотографија и нејзините карактеристики.

Втор дел историско - културниот развој на градот Охрид од 1913 - 1991 година претставува широка тематика која неможе во целост да се дообјасни. За разлика од првиот дел каде децидно може да се опфати тематиката, историјата на градот Охрид било да е ограничена со временски период или не, претставува незаситена тема која секогаш може да се надополнува и дообјаснува. Секој нов пронајден историски факт, сведоштво, документ може во целост да пројави ново и уште потемелно истражување. Можеби и нова фотографија која го прикажува градот Охрид да смени многу нешта од историски аспект. Сепак Охрид како град е подложен на различни истражувања и сите истакнати во научните трудови се дел од целокупната охридска историска ризница. Тематиките за градот Охрид опфатени во вториот дел на трудот се одбрани се со цел да се даде појасно видување за градот во дадениот период. Сите тие не можат подеднакво да бидат објаснети, разгледувани нити пак преставени преку фотографија но секоја тематика својствено и на свој начин допринесува за својата област. Така на пример во тематиката за охридското стопанство пишувани се обемни трудови но сепак во некои од нив неможе да се пронајдат одредени податоци кои постојат тука. На тој начин се согледува обемноста на градот Охрид како тематика и поле за истражување.

Идејата за склоп на две различи области - историјата како мајка на знаењето, историјата на мојот роден град и фотографијата како хоби кое произлегува од мене самиот постоеше долго. Требаше само да се пронајде соодветниот начин за нивно соединување. Логичен заклучок преставуваше прикажувањето на градот Охрид низ одреден период преку фотографија за што сум искрено благодарен на моите ментори кои ја разбраа мојата желба и несебично ми помагаа.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I *Користени извори*

### *а) објавени извори*

1) Митрески, Павле, **Српски документи за историјата на Охридско-струшкиот регион (1890-1840)**, Друштво за наука, култура и уметност „Браќа Миладиновци", Струга, 2002.

2) Државен Архив на Република Македонија, **Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1934-1939**, Матица Македонска, Скопје, 2007.

3) Државен Архив на Република Македонија, **Италијански дипломатски документи за Македонија 1918-1924**, Матица Македонска, Скопје, 2001.

## II *Користена литература*

### *а) Монографии*

1) Ачкоска, Виолета**, Егзодусот на Македонското селанство во социјализмот,** Скопје, 2007.

2) Бошале, Никола, **Куќа по мерка на човекот**, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, Охрид, 2008.

3) Бошале, Никола, **Охридски трубадури**, Завод за заштита на спомениците и музеј - Охрид, Охрид, 1998.

4) Вујичић, Миливоје, **Речник места у ослобођеној области Старе Србије**, Београд, 1914.

5) Група автори, **Творештвото на браќа Манаки**, Архив на Македонија, Скопје, 1996.

6) Група автори, **Охрид и охридско од паѓањето под османлиска власт до крајот на XVIII век**, Институт за национална историја, Скопје, 1978.

7) Група автори, **Историја на македонскиот народ**, том II, Скопје, 1969.

8) Групче Асен**, Охрид**, Матица Македонска, Скопје, 1998.

9) Јанев, Никола, **Маргиналии за мојот град**, Иларион, Охрид, 1998 .

10) Карчев, Петар**, През прозореца на едно полустолетие (1900-1950),** София, 2004.

11) Кичеец, Благој, **Насолзена завеса**, Градска библиотека „Глигор Прличев", Охрид, 2000.

12) Маленко, Владо, **Антички театар** - Охрид, Нови Сад, 1981.

13) Мировски, Тодор, **Стопанството на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни,** Скопје, 1998.

14) Митревски, Павле, **Студентската колонија во Охрид 1938-1940**, Студентски збор, Скопје, 1985.

15) Митревски, Павле, **Студии за Охридско-струшкиот регион**, Ирис, Струга, 2005.

16) Нушиќ, Бранислав, **Крај бреговите на Охридското езеро**, Белград, 1892.

17) Прличев Кирил, **Србските жестокости в Македония (1912-1915),** Анико, София, 2001.

18) Ристевски, Стојан, **Литературно-фолклорни прилози**, Охрид, 1999.

19) Тодоровски, Глигор, **Македонија по распарчувањето 1912/13-15**, Матица Македонска, Скопје, 1995.

20) Урошевиќ, Арсеније, **Охрид - географска монографија**, Скопје, 1957.

21) Филиповски, Јонче, **Охридското стопанство**, Здружение за наука, култура и уметност „Климент Охридски"- Охрид, Охрид, 2005.

22) Фрол, Иво, **Охрид**, Издавачки завод Југославија, Белград, 1968.

23) Челеби, Евлија, **За Македонија**, Слово, Скопје, 2007.

24) Kovacec, Deana, **Standardni postupci u obradu i zastitu zbirki fotografija**, Zagreb, 2004.

25) Ritzenthaler, Lynn Mary, **Upravljavanje zbirkama fotografija**, Zagreb, 2004.

26) Kukulica, Mato, **Zastita i restauracija filmskog gradiva**, Hrvatski drzavni arhiv. Zagreb, 2004.

*а) Мемоари*

1) Стојановски, Илче, **Кажвиме за да не се заборајт 2**, Радио Охрид, Охрид, 2003.

в) *Зборници и статии*

1) Старделов, Георги и др., **Фотографијата и Филмот на почвата на Македонија**, Македонска Академија на Науките и Уметностите, Скопје, 2007.

2) Лапе, Љубен, **Охридскиот округ во 1914 година**, Гласник на Институт за национална историја, бр. 3, Скопје, 1969.

3) Ставриќ, Никола, **Развојниот пат на езерскиот сообраќај на Охридското Езеро**, Зборник Лихнид, Охрид, 1983.

г) *Списанија, весници и брошури*

1) Смилески, Димитар, **Првата организирана туристичка група во Охрид**, Езерски глас бр.49. Охрид 1 јуни 1977, 5 и. Вечер 1977; д-р Целакоски Наум, **Културата и туризмот**, Охрид, 1997.

# Содржина

Предговор......2
Вовед ......5
ГЛАВА ПРВА......7
1. Користење на фотографијата како историски запис ......7
1.1. Појавата на фотографијата и развојот на фотографската техника......7
1.2. Својства на фотографијата......12
1.3. Фотографијата како документ - архивски запис......15
1.4. Заштита на фотографската граѓа......18
1.4.1. Причини за оштетување на фотографската граѓа ......21
1.5. Фотографијата во Македонија......23
1.6. Почетоци и развој на фотографството во Охрид......26
1.7. Охридски фотографи......35
1.7.1. Колекции и колекционери на фотографии од Охрид......49
ГЛАВА ВТОРА......51
2.1. Природно-географски одлики на Охрид ......51
2.2. Охридското Езеро ......68
ГЛАВА ТРЕТА......73
3.1. Население во Охрид во периодот 1913-1991 година......73
ГЛАВА ЧЕТВРТА......83
4.1. Политички процеси и промени во градот Охрид 1913 – 1991 година......83
4.2. Стопански прилики во градот Охрид од 1913-1991 година ......97
4.2.1. Стопанството во градот Охрид од 1913 - 1918 година......98
4.2.2. Стопанството во Охрид меѓу двете светски војни ......111
4.2.3. Стопанствотово Охрид по Втората светска војна ......114
4.3. Образовниот систем во градот Охрид (1913-1991) ......116
4.3.1. Образовниот систем во градот Охрид меѓу двете светски војни......118
4.3.2. Образовниот систем во Охрид за време и после Втората светска војна ......126
4.3.3. Институции од големо значење за градот Охрид оформени во периодот по 1913 година......128
ГЛАВА ПЕТТА......134
5.1. Културата во градот Охрид (1913-1918 год.)......134
5.2. Културните дејности помеѓу двете светски војни......138
5.2.1. Климе Садило и Охридските трубадури ......138
5.2.2. Студентската колонија како дел од културно - политичкиот живот во градот Охрид ......144
5.3. Културниот развој на Охрид по Втората светска војна ......146
5.1.1. Антички театар......146
5.3.1. Охридски професинален театар......150
ГЛАВА ШЕСТТА......154
6.1. Туризмот и промените во културата на живеење како и промените во традициите на градот Охрид......154
6.2. Осовременувањето и модернизацијата на превозните средства низ Охридското Езеро во периодот 1913-1991 година ......154
6.3. Бродови низ Охридското Езеро во периодот 1913-1991 година......156
6.4. Угостителски објекти во градот Охрид во периодот 1913-1991 година 160
6.5. Охридски плажи низ периодот од 1913 до 1991 година ......166

6.6. Фотографии на историско - културни споменици како значаен сегмент во охридскиот туризам во периодот од 1913-1991 година..................................172
6.7. Туризмот во градот Охрид по Втората Светска војна..............................176
ЗАКЛУЧОК...........................................................................................179
КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА............................................181
Содржина.....................................................................................................185